Универзитет Светите Кирил и Методиј
Филозофски фалутет
Институт за филозофија

# Магистерски труд на тема: Етички пораки кај старозаветните мудреци

Ментор:
Проф. д-р Кирил Темков

Кандидат:
Христијан Билински

Скопје, 2009 година

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Вовед | 1 |
| Стариот Завет и етиката | 3 |
| Религијата и етиката | 3 |
| Етичката и религиозната суштина на | 6 |
| Стариот Завет | 6 |
| Етичките вредности во Стариот Завет | 9 |
| Десетте Божји морални заповеди | 16 |
| Етички пораки во Соломоновите изреки | 23 |
| Етичките идеи кај старозаветните мудреци и пророци | 25 |
| Животот и делото на цар Соломон и Соломоновите изреки | 29 |
| Етичката порака содржана во мудрите изреки и дела на цар Соломон | 29 |
| Етичките и морални поуки содржани во Книгата Мудрост Соломонова | 30 |
| Етика во Давидовите Псалми | 39 |
| Давид и Голијат | 39 |
| Формирање на царството на Давид | 43 |
| Етичката и религиозната поука во Давидовите Псалми | 50 |
| Етичката и религиозната поука во псалмите посветени на мудроста | 56 |
| Книгата Проповедник ( Еклезијаст ) | 61 |
| Воведни сознанија за Библиската Книга за мудроста | 61 |
| Проповедник ( Еклезијаст ) | |
| Врската на мудриот цар | 65 |
| Соломон со мудрите поуки во Книгата Проповедник | 68 |
| Етичките пораки на пророкот Јеремија | 78 |
| Падот на Израел и подемот на Вавилон пред појавата на пророкот Јеремија | 79 |
| Етичката порака на пророкот Јеремија проследена со неговото големо страдање | 86 |

Физлозофските и етичките
карактеристики на дејствувањето
на Пророкот Јеремија 88
Книгата Плач Јеремиин
и нејзината етичка порака
Етичката мудрост во поуките
на Исаија, Језекиил и Даниил 93
Етичката порака и мудра поука
во Книгата на Пророкот Исаија 93
Етичката мудрост и морална етичка поука
во Книгата на Пророк Језекиил 97
Мудрите поуки и етички пораки
во Книгата на Пророкот Даниил 101

Заклучок 109
Библиографија 110

# ВОВЕД

Најразлични цивилизациски придобивки се резултат на долговековниот развој на различни форми на човечката егзистенција на духовен план. Културите и цивилизациите се менувале, развивајќи се и доживувајќи го својот врв, а некои потоа исчезнувале.

Христијанската цивилизација спаѓа меѓу најразвиените, најмоќни и најдолговечни човечки творби. Нејзиниот дух и етика и денеска се широко застапени во човештвото. За христијанската религија и морал е карактеристично што директно се надоврзуваат на јудејската монотеистичка вера, така што тој специфичен поглед на светот и етика бележат заедно веќе тримилениумско постоење.

Базичен и интегрален дел на јудејско – христијанската традиција, култура и цивилизација претставува Библијата како света книга и сведоштво за особеноста и значењето на монотеистичкиот поглед на светот.

Стариот Завет е составен дел на овој светоглед, круцијална творба преку која човекот ги изразува своите етички и религиозни дострели.

Со своите 46 книги Стариот Завет претставува грандиозен дел од историјата; луѓето на најразличен начин го манифестирале своето етичко поведение низ историјата, а во Стариот Завет е претставено како етиката е подготвувана и развивана веќе во мугрите на човештвото.

Стариот Завет го истражувале многу мислители, философи и теолози, кои се обидувале да ја објаснат длабоката религиозна и етичка порака во неговите текстови како откривање на смислата на постоењето и патоказ за начинот на човекување.

Во овој магистерски труд се соочуваме со списите на Стариот Завет. Со систематско истражување на овие текстови ќе се обидеме да ја пронајдеме и протолкуваме нивната длабока етичка смисла која тие ја имаат за животот на луѓето. Тие делови, стихови и фрагменти од Стариот Завет имаат за практичниот живот на човекот автентично значење како укажување кои вистински вредности човекот треба да се стреми да ги разбере, усвои и реализира.

Целта на овој труд е да се испитаат практичните совети и поуки содржани во текстовите на Стариот Завет за животот на човекот и неговото етичко поведение. Таа мудрост човекот може да ја пронајде читајќи ги и анализирајќи ги списите од старозаветните мудреци.

Идеите и етичките поуки на старозаветните мудреци се примарна задача на овој труд. Нивниот животен опус, како и нивното големо етичко дело, имаат големо значење за човековото живеење. Преку посебно одбирање и коментирање на стиховите посветени на етиката се испитува длабоката етичка смисла на нивниот живот и дело, како и нивното значење за развојот на јудејско – христијанската мисла.

Стиховите заедно со нивниот коментар се приложени како главен доказ за етичката функција на старозаветните мудреци, кои со својот живот и дело дале пример за вистинска доблест и врвен етички дострел на човековата личност и мисла.

Главна хипотеза на овој труд е ставот дека списите на Стариот Завет од старозаветните мудреци носат значајна етичка порака и поука, која ја прикажува нивната голема етичка мудрост, која произлегла како резултат на искушенијата пред кои бил исправен нивниот живот и како афирмација на нивната длабока религиозност која се изразува со умниот етички став.

Во првата глава за односот на Стариот Завет со етиката се обидуваме да ја испитаме врската на етиката со религијата, посебно кои се местата од Стариот Завет кои имаат етичка нишка и какви резултати и заклучоци носи нивната анализа. Даден е осврт на Десетте Божји морални заповеди, како и краток преглед на мудреците и пророците во Стариот Завет чии идеи детално ги елаборираме во наредните глави.

Втората глава ја опишува мудроста и доблеста на Соломон како врвен моралист во Стариот Завет. Тој се покажал како синтетизатор на мудроста и добар политички владетел. Напишал преку 1.000 мудри изреки, кои со својот длабок етички придонес се една од најзначајните придобивки на Стариот Завет.

Третата глава зборува за Давид како голем херој и зацврстувач на царството на Израел. Опишано е враќањето на Ковчегот на Заветот во Израел, како и подемот на царството со кое раководел Давид. Херојската борба на Давид за воздигнување на својот народ и својата држава е етички пример за посветеноста кон доброто на својот народ. Потоа се изложуваат и анализираат Давидовите Псалми, пофални песни за Бог кои ги испеал Давид, во кои се проникнува релацијата на човекот со Бог и човековата нужност за присуството на Бог во неговиот живот. Извршен е избор и анализа на оние химни и песни кои носат етичка порака.

Четвртата глава е посветена на Книгата Проповедник, која зборува за карактерот на човекот. За различните особини на човекот има најразлични согледувања, кои се илустрирани преку внимателен избор на стихови од овој дел на Стариот Завет. Се зборува за

мудроста, храброста, доблеста, суетата, доброто и злото, како и за минливоста на нештата, менливоста и неменливоста, при што се изнесува длабока поука за човекот, неговиот живот, карактер и неговите особини, илустрирани преку неговото дејствување.

Петтата глава го опишува животот и делото на пророкот Јеремија. Тој живеел во многу турбулентно време на опаѓање на својата држава, кога народот требал да се оттргне од злото. Јеремија страдалнички ја доживеал судбината на својот народ, во што се вклопила и неговата сопствена судбина. Длабоката порака на Јеремија се состои во цврстината и решителноста да се биде подготвен за соочување со искушенијата кои ги носи животот и да се пронајде вистинскиот етички пат во различни околности.

Шестата глава говори за Исаија, Језекиил и Данаил како големи пророци, кои се обидувале да ја вратат славата на својот народ. Тие верувале дека Израел има иднина и дека со доаѓањето на Месијата, кој ќе биде роден од родот на Давид, ќе се измени положбата на луѓето. Језекиил пророкувал за изградбата на новиот храм и Новиот Ерусалим, додека Данаил предупредувал за подемот на Персија, Вавилон, Македонија на Александар Македонски и на Римското царство како последна империја во ерата пред Исус Христос. Пророштвата човекот треба да го насочат и да му дадат пат во која насока да дејствува и како да ги зацврстува своите сили.

Во заклучокот се дава елаборација на главните црти на етосот на старозаветните мудреци, кои се посведочиле како големи осмислувачи, проповедници и бранители на моралот.

Моралот е проникнат во сите списи на Стариот Завет. Овие сведочат за вистинските човечки дострели, кои имаат голема етичка смисла. Со тоа длабоко се истакнува значењето на Стариот Завет како извор на доблеста и мудроста и како пример за благородно дејствување во практичниот човеков живот.

# ПРВА ГЛАВА

## Стариот Завет и етиката

### Религијата и етиката

Етиката како наука за моралот и за различните аспекти низ кои тој се појавува и истражува има најразлични правци, теории и дисциплини. Сите тие се занимаваат со човековото дејствување во кое се води сметка за доброто и злото и се одбира доброто, а се одбегнува злото.

Една од ваквите дисциплини се занимава со односот помеѓу религијата и етиката. Религиозната етика е центар на интересирањето во ова истражување. Низ историјата се појавиле најразлични религии, кои долги векови претставувале, а некои уште се суштествен духовен и морален образец за животот на луѓето, пред сѐ за нивните верувања, обичаи и морално дејствување.

Ние преку систематско истражување на Стариот Завет и на етичките поуки во него ќе се обидеме да ја истакнеме поврзаноста на религијата со етиката и нивното значење за практичното дејствување и поведение на луѓето.

Ставовите и искажувањата на философите за односот помеѓу етиката и религијата се најразлични.

Еден од најзначајните философи етичари Имануел Кант, кој е основач на современата општа теоретска етика а и еден од највлијателните втемелувачи на денешната практична етика, тврди дека во теоријата не е возможно да се говори за религијата и да се спознае Бог. Присуството на Бог во животот на луѓето е можно само во практичната философија – етиката. Низ дејствувањето на луѓето може да се примени религиозниот морал како основа и темел на човековото дејствување. Кант вели: „Религијата субјективно гледано е познавање на сите наши должности како Божји заповеди``.[1]

Во своите истражувања на односот помеѓу етиката и религијата, за кои смета дека се многу блиски, проф. Кирил Темков на повеќе места истакнува дека во религијата човекот може да најде основа за втемелување на својот морал. „Со етиката и религијата како основни човечки духовни сили човекот ја гради смислата на постоењето. Без нив тој не се снаоѓа добро во своите борби и настојувања, без оглед во која епоха е и на каков стадиум од

[1] Imanuel Kant, „Religija unutar granica čistoga uma``, BIGZ, Beograd, 1990, str. 137.

развитокот. Етиката и религијата му ја враќаат на човекот надежта во неговите моќи, кои човекот ги пронаоѓа во нивните идеи, цели и насоки.``[2]

Религијата може да биде основна насока и вредна водилка во моралот на човекот, може да биде темел за изградба на неговата етика. Религијата претставува силна основа за изградба на човековите етички норми и база за неговото однесување. Проф. Темков тоа вака го објаснува: „Самите религии се првокласни етики, кои на човештвото му даваат највредни укажувања за смислата на животот, за високите вредности и за исправните морални правила. Религиите директно пропишуваат и вредни морални норми како основа за севкупно однесување.``[3]

Всушност религиозните системи се длабока основа за моралот на човекот, заедно со нивниот поглед на светот и влијанието кое тие го имаат врз животот и дејствувањето на луѓето.

Оттука може да се утврди дека религијата и етиката соработуваат на патот на изградбата на моралот кај човекот. Човекот врз основа на спроведувањето на поставките кои произлегуваат од религијата ги „оформува етичките пораки, ја пронаоѓа моќта и надежта``.[4]

Покрај афирмацијата на односот помеѓу религијата и етиката, се јавуваат и гледишта кои имаат поразличен став за нивните релации. Познатиот современ етичар Жак Тиру смета дека: „Бидејки и религијата може да претходи на легалниот или одделниот морал како систем во човечката историја, може да шири силен и ефективен морал. Сепак тоа не докажува дека моралот неопходно има религиозна основа. Моралот не се базира единствено врз религијата``.[5]

Доброто или злото се фактичка состојба на човековото дејствување и претставуваат своевидна проекција на идејата за напредок. Доброто е позитивен морален императив, а злото е тоа што не се посакува. Нивната разлика е евидентна. Разликувањето на вредностите е претпоставка за имплицитно морално судење за карактерот на човековото однесување. Тоа е водечка сила и во религиозната етика и во етиката воопшто.

---

[2] Кирил Темков, „Како да се биде добар – Етика за млади``, ОХО, Скопје, 2007, стр. 109.

[3] Кирил Темков, „Како да се биде добар – Етика за млади``, цит. дело, стр. 111.

[4] Кирил Темков, „Етика за III година гимназиско образование``, Просветно дело, Скопје, 2005, стр. 87.

[5] Jacques P. Thiroux , „Ethics – Theory and Practice``, Pearson Prentice Hall, New Jersey, 1998, p. 21.

Традиционалниот одговор на прашањето за изворот на разбирањето на доброто и злото, според теоретичарот на религиозниот морал Питер Бирни, има недоследност во две насоки: „Прво во водењето кон персонификацијата и изолацијата на моралниот интелект и, второ, во давањето сугестија дека разбирањето на моралот зависи од неговата конституција во однос на општото знаење и теоретската насока на доброто и злото".[6]

Питер Бирни смета дека односот на религијата, моралот и основните категории на етиката доброто и злото се одликува со пет својства: практичност, рационалност, универзалност, непристрасност и авторитет.[7]

Бирни смета дека „човековата врска со Бог и релацијата религија – етика може да се поставaт врз здрави темели. Божјата волја и Божјата креација создаваат почва за човековото напредување кон добро. Комплетирани се сите аспекти на доброто на внатрешен и надворешен план. Човековата релација со Бог дозволува вистинска интерперсонална врска, со која доброто ќе се исполни во животот на човекот низ совршена врска со Бог".[8]

Еден друг истражувач на библиската етика Артур Холмс наведува значајни факти за односот помеѓу религијата и етиката. Тој го потенцира значењето на Библијата. Според него, „религијата и моралот се блиско поврзани и христијанството не е исклучок од тоа. Појдовна точка за тоа се Десетте Божји заповеди, книгата Соломонови изреки и пророците на Стариот Завет".[9]

Холмс во тој контекст забележува дека „Библијата ни дава релевантен етички материјал низ различни литературни форми во различен историски и културен контекст. Одговорите на верникот на прашањата за потребата од етика сè уште имаат основа во фактот дека христијаните не сметаат дека Библијата е исцрплива. Напоредно со тоа ни се предочува дека од сè што знаеме имаме етичка корист.[10]

Така постојат различни гледишта за односот помеѓу религијата и етиката. Ние ќе се занимаваме со испитување на односот помеѓу етиката и религијата кај мудреците на Стариот Завет преку иследување на местата каде што се говори за моралот. Во

[6] Peter Byrnie, „The Philosophical and Theological Foundations of Ethics – An Introduction to Moral Theory and its Relation to Religious Belief", Macmillan Press LTD, London, 1999, p. 22.

[7]Op. cit. , pp. 1-2.

[8] Op. cit. , p. 151.

[9] Arthur F Holmes, „Ethics – Aproaching Moral Decisions", Inter Varsity Press, Illinois, U. S. A - Leicester, England, 1984, p. 11.

[10] Op. cit. , p. 12.

ако овој му е верен во исполнувањето на неговите заповеди. Така се искажува етичкиот однос на човекот со Бог( подвлекол Х.Б. ).[13]

Христијанското учење за создавањето на човекот како слика Божја, налик на Бог го открива интимниот однос помеѓу создавањето и спасението. Низ вековите верата на христијаните внимавала како ќе го изложи значењето на спасението. Се инсистира на креативната конфигурација на човекот како етичко и религиозно суштество
( подвлекол Х.Б. ). Човековата природа е способна да го прифати статусот кој го има односот на човекот со Бог како суштество на моралот и верувањето ( подвлекол Х.Б. ). Центар на ваквата тенденција и човекова преокупација е единството на човековото суштество низ мноштвото сопствени одредби во однос на себе, на религијата и на моралот ( подвлекол Х.Б. )[14]

Историчарот на религијата Андре Како смета дека ако Библијата се анализира содржински и хронолошки може да се утврди дека повеќето законодавни, историски, пророчки и поетски книги се плод на долга разработка. Тие вклучуваат во себе материјал кој е многу стар.[15]

Развојот на настаните и појавувањето на личностите во Стариот Завет ја оформува почетната генеза на човековата заедница. Заветот со Бог е воспоставен преку Аврам, Исак и Јаков.

Размислата за за Стариот Завет не го подвлекува терминот „старо", туку сојузот, заветот, тестаментот. Пораката која Бог му ја праќа на човекот. Разбирањето на Стариот Завет добива сосема нов облик ако се компарира со Новиот Завет. Според тоа Стариот Завет не треба да се смета за нешто што е веќе надминато. Сите новозаветни автори се повикуваат на новиот завет како рефернтен документ. Така Стариот Завет се разбира на еден потполно нов начин.[16]

За да ја испита вербата на Адам тој го става во големо искушение наредувајки му да го жртвува својот син Исак. Кога Бог се уверил во цврстината на вербата и посветеноста на Аврам го спречил жртвувањето на Исак.

Данскиот филозоф Сјорен Киркегор го поставува прашањето на жртвувањето на Исак како морално – религиозна дилема: Што требал да направи Аврам и како да дејствува во однос на ситуацијата во која му била дадена наредба да ги жртвува својот син Исак?

[13] Pranjič Marko „Teološka antropologija"(skripta), str. 87.
[14] Isto, str. 91.
[15] Брелик Анжело и др. „История на религиите", том I, Прозорец, София, 1996, стр. 415.

[16] Pranjič Marko „Teološka antropolpgija"(skripta), str. 82.

пораките во текстот на Стариот Завет ќе ги истакнеме местата кои носат етичка порака.

## Етичката и религиозната суштина на Стариот Завет

Постојат разни мислења за генезата на Стариот Завет. Сигурно е дека поголемиот дел од митовите и легендите содржани во него немаат само еврејско потекло туку во нив можат да се најдат траги и од персиската, хеленската и другите блискоисточни и медитерански култури.

Старозаветните митови ја содржат идејата за Создателот како едно совршено суштество на кое личи човекот кој е создаден според Неговиот лик. Бог е семоќен и во основа претставува Творец, Врховен владетел, носител на најпозитивни вредности.

Надворешните влијанија во Стариот Завет се спротивни на неговата етичка и религиозна цел и смисла. Според тоа тие се прилагодени на неговата етичка употреба. Корените на генезата на стариот Завет треба да се бараат во духовното наследство кое е настанато во долината меѓу реките Тигар и Еуфрат. Според легендите таму се наоѓала и градината на Едем каде првобитно живееле Адам и Ева.

Според други сведоштва потеклото на Старозаветната религија е во Египет. Тоа го тврди Сигмунд Фројд во своето дело за Мојсеј и монотеизмот.[11]

Според хрватскиот професор по теолошка антропологија Марко Прањиќ традицијата за создавањето на светот делумно ја превзема и функцијата на традицијата за создавањето на човекот. Тука Прањиќ истакнува два аспекти. Првиот аспект се состои во тоа дека постои сигурност за Создателот и неговите творби. Постои ред на создавањето и од Бог уреденото создавање може да биде предмет на некое поединечно истражување. Вториот аспект се состои во тоа дека се размислува за местото на човекот во светот како и за неговата етичка и религиозна функција. Човекот е надреден на остатокот од светот и е одговорен за него.[12]

Понатаму Прањиќ истакнува дека прикажувањето на создавањето на човекот и неговиот пад го претставува човекот како центар на Божјиот чин на создавање. Создаден е во Божји раце и внесен му е дух. Бог му изјавил на човекот дека ќе биде со него само

[11] Брелик Анжело и др. „История на религиите", том I, Прозорец, София, 1996, стр.411.
[12] Pranjič Marko „Teološka antropologija``(skripta), str. 82.

Доколку Аврам хипотетички би му рекол на некого: „Исак го сакам повеќе од сè на светот, според тоа тешко ми паѓа да го жртвувам", тој би му одговорил со чудење и дигање на рамењата: „Зошто сакаш да го жртвуваш?"[17]

Наследникот на Исак и неговите синови Исав и Јаков, Јосиф успеал и покрај измамата на неговите браќа да стане советник на фараонот во Египет. Тој се одликувал со исклучителна мудрост и доблест.

Преку Мојсеј човекот го добива првиот вистински верски реформатор и водач како етична и доблесна личност. По изведувањето на народот од Египет тој ги примил од Бог Десетте божји заповеди на горала во Синај. Тие претставуваат прв етички и религиозен образец за вистинските човекови вредности. Преку нив се искажува заповед за моралното поведени на човекот и неговото дејствување.

Тој настан е еден од најзначајните свидетели за етичката и религиозната цел на Стариот Завет.

Стариот Завет како духовна творба го толкувале и коментирале доста познати филозофи. Филозофот и научник од XVIII век Блез Паскал во своето класично дело мисли дава коментари на некои места од Стариот Завет. Господ го спасил народот од потопот, и го создал целиот народ од татковството на Аврам, го откупил од непријателите и му дал спокојно да живее. Целта на Господ не била да го спаси од потопот и да го создаде татковството на Аврам само за да го насели на плодна земја. Дури и милоста е само симбол на славата, зашто таа не е крајната цел. Таа е претставена од законот, а самата ја претставува (славата): ама таа е нејзин симбол, и начелото или причината.[18]

Потоа во следниот фрагмент бр. 644 со наслов „Слики", Паскал говори за Старозаветниот однос помеѓу човекот и Бог. Господ сакајќи да создаде свет народ што ќе го оддели од сите други народи, што ќе го ослободи од неговите непријатели, што ќе го одведе на спокојно место, ветил да го направи тоа и ги претскажал преку своите пророци времето и начинот на своето доаѓање. Меѓутоа, за да ја зацврсти надежта на своите избраници, постојано и мго покажувал ова низ сликата, секогаш давајки им уверувања за својата моќ и за својата волја да ги спаси. Затоа што при создавањето на човекот, Адам бил сведок и чувар на ветувањето за спасителот кого требало да го роди жена, во времето кога луѓето биле уште блиску до создавањето и не можеле да го заборават

[17] Кјеркегор Сјорен, „Страх и дрхтање", ПЛАТО, Београд, 2002, стр. 235.
[18] Паскал Блез, „Мисли``, Култура, Скопје, 1996, фрг. 643, стр. 296-297.

своето раѓање и својот грев. Кога оние што го виделе Адам повеќе не биле живи, Господ го пратил Ное, и го спасил, а ја потопил целата земја, со едно чудо кое јасно ја покажувало моќта со која располагал да го спаси светот, и волјата дека може тоа да го направи, и од семето на жената да се роди оној што го ветил. Ова чудо било доволно да ја зацврсти волјата кај луѓето. Сеќавањето на потопот било толку скоро додека Ное бил уште жив, та така Господ го дал своето ветување на Аврам, а додека сеуште бил жив Сем, го пратил Мојсеј итн...[19]

На друго место Паскал се служи со изрека на Св. Августин за да ја искаже сопствената порака. Тој се прашува: „Дали треба да се убива за да се спречи да има лоши луѓе? Веднаш дава одговор дека така се создаваат двајца лоши место еден. Победи го злото со добро.( Рим.,12,21.)[20]

Познатиот филозоф Артур Шопенхауер во своето најпознато дело „Светот како волја и претстава", покрај најразличното мноштво теми кои ги обработува пишува и за Стариот Завет. Легендата за паѓањето во грев била единственото место во Стариот Завет, кое се покажало како прикладно за толкување од страна на индоевропската култура.[21]

На друго место Шопенхауер вели дека заедничкото помеѓу Стариот Завет и Новиот Завет е истиот Бог, Создател.[22]

## Етичките вредности во Стариот Завет

За да се дефинира религијата на Стариот Завет со нејзините етички и религиозни вредности потребно е примарно да се обратиме кон Библијата. Единствено Библијата овозможува да се сфати каква била религијата на Стариот Завет заедно со најразличните изразни средства која таа ги содржи. За историјата на збиднувањата и на религијата треба паралелно да се испитуваат Библијата е несомнено најважниот извор.[23]

Рајот е плод на мечтаењето на Сумерите. Прикажан е како градина полна со овошја и плодови во која животните и растенијата живеат во слога, без страдања и болести. Во Библијата рајот е опишан во стиховите 2,8 – 2,20 од Првата Книга Мојсеева:

---

[19] Паскал Блез, „Мисли", Култура, Скопје, 1996, фрг. 644, стр.297-298.
[20] Паскал Блез, „Мисли", Култура, Скопје, 1996, фрг. 911, стр. 431.
[21] Шопенхауер Артур, „Светът като воля и претстава" – четврта медитация, Еуразия, София, 1997, стр. 288.
[22] Цит. дело стр. 336.
[23] Брелик Анжело и др. „История на религиите", том I, Прозорец, София, 1996, стр. 412-414.

2,8: И насади Господ Бог рај во Едем, на исток; и таму го смести човекот што го создаде.

2,9: И направи Господ Бог да израстат од земјата секакви дрвја, убави за гледање и добри за јадење, и дрвото на животот среде рајот, и дрвото на познавање на доброто и злото.

2,19: Тогаш Господ Бог ги создаде од земјата сите полски животни, и сите птици небески, и ги доведе кај човекот за да види како која ќе ја нарече тој, па, како што човекот ќе го нарече секое живо суштество, така да му биде и името.

2,20: И им даде човекот имиња на сиот добиток, и на птиците небески, и на сите ѕверови полски; но за човекот не се најде помошник, сличен на него.[24]

Создателот видел дека првиот човек Адам откако бил создаден бил сам, без свој придружник. Затоа Бог ја создал жената од реброто на првиот човек додека тој цврсто спиел.

Легендата за создавењето на жената Ева, која ги изложува причините поради кои жената е создадена од реброто на мажот има свое објаснување. Ева не била создадена од главата на Адам за да не биде суетна, не била создадена од ушите за да не биде потслушнувачка, не била направена од рацете на Адам за да не биде натрапничка, ниту од неговите стопала за да не биде скитничка, ниту од срцето на Адам за да не биде ранлива. Но сепак покрај сите предупредувања и мерки на претпазливост кои Создателот ги извршил, жената е носител на сите гревови од кои Бог сакал да ја заштити.[25]

Во Библијата ѓаволот претворен во змија ги измамил Адам и Ева да вкусат плод од дрвото на познанието на доброто и злото. Во месопотамскиот мит од кој овој произлегува дволичен советник е богот Еа. И сумерската, и меспопотамската верзија за митот на Адам и Ева изразуваат мисла дека ако тие пробаат од дрвото на познанието на доброто и злото ќе дознаат што е добро, а што е зло со што ќе станат бесмртни. Покрај дрвото на познанието на доброто и злото во рајот растело и дрвото на животот кое дава бесмртност. Заради непослушноста Бог ги протерал Адам и Ева од рајот како и поради стравот да не вкусат од дрвото на животот.[26]

Во Првата Книга Мојсеева стих 3,22 тоа е претставено: И рече Господ Бог: „Ете Адам стана еден од нас, знаејки што е добро што е зло; но сега да не ја испружи раката своја и да земе од дрвото на животот, и да вкуси, па да заживее вечно!".

[24] Библија – Свето Писмо на Стариот и Новиот Завет, Британско и иностранo библиско друштво, Лондон, 1990.
[25] Раппопорт Анжело, „Древен Израел", том I, Мириам, София, 1997, стр. 16.
[26] Косидовски Зенон, „Библијске легенде", Српска Књижевна Задруга, Београд, 1993, стр. 19.

Првородениот грев во Библијата е изложен во Првата Книга Мојсеева стихови 3,1 – 3,24. Директно изложување на првородениот грев е искажано со следните стихови:

3,1: Но змијата беше полукава од сите ѕверови полски, што ги создаде Господ Бог; па ѝ рече на жената: „Вистина ли е дека Бог рекол да не јадете од ниедно дрво во рајот?"

3,2: А жената ѝ рече на змијата: „Ние јадеме род од секое дрво во рајот;

3,3: - само од она дрво среде рајот – рече Бог, - не јадете и не се допирајте до него, за да не умрете!".

3,4: Тогаш змијата ѝ рече на жената: „Не вие нема да умрете!

3,5: Бог знае оти оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро што е зло."

3,6: И жената, гледајќи дека родот на дрвото е добар за јадење, и убав за гледање, и дека дрвото е пожелно поради знаењето, набра род од него и јаде, па му даде и на мажот свој тој да вкуси.

3,7: Тогаш им се отворија очите на обајцата, и увидоа дека се голи; па исплетоа лисја од смокви и си направија опашала.

3,8: И го чуја гласот на Господа Бога, кога Он одеше низ рајот во приквечерината; и се сокрија Адам и жена му.

3,9: Но Господ Бог го повика Адама и му рече: „Адаме, каде си?."

3,10: А тој одговори: „Го чув гласот Твој во рајот кога врвеше, па се уплашив, оти сум гол, и се сокрив."

3,11: И Господ рече: „Кој ти кажа дека си гол? Да не си јадел од она дрво, од кое ти забранив да јадеш?"

3,12: Адам, пак, рече: Жената која ми ја даде Ти, таа ми даде од дрвото, и јас јадев."

3,13: Тогаш Господ Бог ѝ рече на жената: „Зошто го направи тоа?" Жената одговори: „Змијата ме измами, и јас јадев."

3,16: А на жената ѝ рече: „Ќе ти ги умножам маките кога си бремена; со болки ќе раѓаш деца, и ќе бидеш под власта на мажот свој и тој ќе ти биде господар!"

3,17: Па потоа му рече на Адама: „Бидејќи ја послуша жената и вкуси од дрвото, од кое ти забранив и реков: - не јади од него – затоа земјата нека биде проклета поради тебе; со мака ќе се храниш од неа сѐ до крајот на својот живот.

Македонскиот теолог Борис Бошковски го објаснува овој дел од Библијата. Адам и Ева биле во хармонија со Бог додека биле во рајот и сите живи суштества им биле покорни. Но со првородениот грев тие го изгубиле душевниот мир, биле протерани од рајот и

земјата станала многу опасна за нив. Многу животни биле непокорни.[27]

Прародителите со тага во срцето го напуштиле рајот. Тие доживеале радост со раѓањето на првото чедо. Им се родил син и го крстиле Каин. Потоа добиле втор син кој го крстиле Авел. Браќата Каин и Авел се разликувале по карактер. Каин бил груб и своеглав, додека Авел бил благочестив со добар дух и добра волја во сè. Каин бил земјоделец, а Авел бил сточар. Авел му принел дар на Бог. Бог милозливо го примил дарот. На тоа Каин многу се расрдил и станал зависен на брата си. Во една прилика го повикал во полето и го убил. Бог го запрашал каде е, а тој одговорил дека не е чувар на братот свој. Бог му рекол дека крвта на неговиот брат вика од земјата кон него. Тоа било првото убиство на брат кон брат. Бог го казнил Каин да биде скитник на земјата и на челото му ставил крст за никој да не може да го убие. Каин го мачела совеста и не можел никаде да најде мир. Адам и Ева не можеле лесно да ја преболат смртта на Авел. Бог дарил уште еден син кој го нарекле Сит. Тој го продолжил човечкиоот род.

Колку повеќе одминувало времето толку повеќе се зголемувало злото на земјата. Животот на луѓето станувал се потежок заради одделувањето од Бог. Со тоа се намалувал и човековиот род. Заради злото кое владеело на Земјата, Бог решил да уништи сè што постои на неа: растенијата, животните, луѓето. Само Ное од родот Ламехов бил поштеден поради својата праведност. Тој заедно со неговата жена и неговите синови Сим, Хам и Јафет по наредба на Бог направиле ковчег облепен со смола во кој ставиле по еден машки и женски примерок од животните пред да дојде потопот.

Кога се случил потопот, четириесет дена и четириесет ноќи непрекинато паѓал дожд. За да провери дали стихијата престанала Ное испраќал птици надвор од ковчегот за да види дали тие ќе преживеат. Најпосле гулабот пратен надвор се вратил со маслиново гранче во устата што било знак дека водата се повлекла.

Ное со своето семејство започнал да одгледува грозје. Еден ден откако тој се напил вино легнал да спие без покривка. Хам ја видел голотијата на својот татко и со подбив за тоа им раскажал на браќата. Кога Ное се разбудил и се истрезнил дознал што направил Хам и го проколнал. Тој и неговите потомци морале да бидат слуги на другите. Другите два свои сина, Сим и Јафет тој ги благословил. Уште од тогашно време се покажало значењето на почитта кон родителите и тежината на клетвата што произлегува како резултат на непочитување на родителите од страна на децата.

[27] Бошковски Борис, „Верата на нашите татковци", Скопје, 1977, стр. 14 – 18.

Потомок на Ное бил Аврам кој заедно со луѓето кои го придружувале биле праведни и доследни на верувањето во Бог и неговите заповеди. Но сепак Бог не бил со тоа задоволен. Тој забележал дека гревот владее во градовите Содом и Гомор и затоа сакал нив да ги уништи. Аврам дознал за таа божја намера и го замолил да не ги уништува Содом и Гомор. Бог му рекол на Аврам дека ако во градот Содом најде барем педесет праведници нема да го уништи. Аврам со тоа не бил задоволен и смело велел дека можеби има помалку праведници од педесет за пет, десет или петнаесет. На крајот паднал договор помеѓу Аврам и Бог дека ако има десет праведници Содом нема да биде уништен. Но во него имало само еден праведник, а тоа бил племеникот на Аврам – Лот. На Лот му било наредено да го напушти градот и да не се осмелува ниту да погледне назад. Додека Содом и Гомор гореле во стихија од оган и сулфур жената на Лот погледнала назад и веднаш се претворила во столб од сол. На тој начин Бог преку ангелите ги уништил градовите кои паднале во грев и сладострастие.

Во времето кога Еврејскиот народ живеел во Египет имало наредба да се убиваат еврејските новороденчиња. Во тоа време се родил Мојсеј, далечен потомок на Аврам и Ное. Него го одгледала ќерката на фараонот која го нашла како новороднече во крошна фрлена во реката Нил. Мојсеј пораснал и бил верен на египетската средина во која израснал. Но по една несреќа станал свесен за еврејското потекло. Тоа го поттикнало да го изведе својот народ од египетското ропство. Тој по четириесетгодишно талкањее низ пустината се задржал на планината Синај. Таму од Бог ги примил Десетте Божји Заповеди. Не дочекал да ја види ветената земја. Неговиот наследник Исус Навин ги донел Евреите во ветената земја.

## Десетте Божји<br>морални заповеди

Човекот за да може добро да постапува, треба да знае како добро да постапува. Затоа преку актуелизирање на етичката проблематика содржана во религијата и религиозните книги се истакнува значењето на религиозните вредности за животот на човекот. Низ изградба на вредностите човекот оформува морални норми кои го условуваат граѓанскиот, световниот и духовниот живот. Изградувањето на моралните норми преку афирмација на вредностите го условува добриот живот на човекот и неговото правилно дејствување.

Помеѓу најразличните религиозни учења посебно се истакнуваат десетте Божји заповеди кои веќе три милениуми претставуваат образец за етичко дејствување на луѓето припадници на јудео – христијанската култура и традиција. Тие претставуваат правилник и законик како човекот треба да остапува вс својот однос кон Бог, кон своите најблиски во семејството и кон другите луѓе кои ја сочинуваат заедницата.

Почитувањето на Десетте Божји заповеди преку нивно исполнување во животот на човекот му обезбедува сигурен пат кон поубав и посреќен живот. Исполнувањето на Десетте Божји заповеди и живеењето според нив претставува основен кодекс на секојдневниот живот. Со тоа се исполнуваат двете најголеми христијански етички поставки чија основа е љубовта. Тие се:

- Љубовта кон Бога, изразена во првите четири заповеди.
- Љубовтакон ближните, изразена во преостанатите шест заповеди.

Врз основа на овие две поставки се врши поделбата на ДесеттеБожји заповеди. Првите го изразуваат човековиот однос кон Бог, додека преостанатите го изразуваат односот на човекот кон ближните т.е. другите луѓе. Преку етичка анализа на Десетте Божји заповеди ќе ја изразиме смислата и суштината на овој најпознат морален систем и ќе видиме каква етичка поука тој нам ни дава.

Десетте Божји заповеди во официјалната верзија на Македонската Православна Црква гласат:

1. Јас сум господ бог твој, да немаш други богови освен мене.

2. Не прави идол или слика на она што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата и под земјата. Не им се поклонувај и не им служи.

3. Не го изговарај напразно името на Господа, твојот Бог.

4. Спомнувај си за денот на одморот, за да го празнуваш. Шест дена работи и сврши ги сите работи, а седмиот ден посвети го на Господа, твојот Бог.

5. Почитувај ги твојот татко и твојата мајка за да ти биде добро и да поживееш долго на земјата.

6. Не убивај.

7. Не прави прељуба.

8. Не кради.

9. Не сведочи лажно против својот ближен.

10. Не пожелувај ништо што е туѓо.

Првата божја заповед му укажува на човекот за единственоста на Бог. Таа го обврзува човекот да верува во божјата егзистенција. Верувањето во божјата егзистенција е неопходно затоа што Бог преку својата сила прво го создал човекот според својот духовен лик, а потоа го избавил од Египет и му ја дал ветената земја. Според тоа човекот зависи од Бог, иако во своето дејствување човекот има слободна волја на избор меѓу доброто и злото, правилното и неправилното.

Религиозноста преку вистинска верба е насоодветен израз на човковиот однос кон Бог. Бог во основа е љубов. Тој е највисока сила, чесен и праведен судија.

Втората Божја заповед се однесува на забраната на идолопоклонството како несоодветна форма на етичко – религиозно дејствување и верување. Идолот претставува кај луѓето некој лик кој тие го почитуваат и погрешно го сметаат за Бог. Идолопоклонството е карактеристика на паганските времиња кога луѓето имале тенденција да веруваат во светоста на најразлични предмети или тотеми.

Со оваа заповед исто так се искажува став кој има големо значење и кој вели дека Бог е единственото битие кое христијаните треба да го почитуваат и слават. Нивното етичко дејствување треба да биде во согласност со основите на нивната вера каде Десетте Божји заповеди имаат една од најзначајните улоги во етичката изградба на човекот.

Третата Божја заповед не потсетува дека не смееме како и кога сакаме да го изговараме името на Бог, не смееме да се колнеме во него, да го користиме за свои себични цели и да создаваме наши лични проекции низ нашата ангажираност.

Божјото име е најсвето и него треба да го изговараме со најголемо стравопочитување.[28] Напразно се изговара името божјо кога тоа се прави без почит што Бог ја заслужува, кога се изговара непријатно и без побожност, или пак кога се хули на Бога и божјото име се нагрдува.

[28] Грозданоски Ратомир, „Декалог – Десетте Божји заповеди``, Матица, Скопје, 1996.

Во објаснувањето на Четвртата Божја заповед се вели: Шест дена работи и во нив сврши ги сите работи свои, а седмиот ден е сабота Господова, празник на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни слугинката твоја... – оти за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сè што е во нив, а седмиот ден си отпочина: заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети.

Мрзеливоста е маана на човекот, но уште полоша е и заслепеноста, опседнатоста и претерувањето во работата. Прекумерната работа ги исцрпува силите на човекот и неговата енергија. Затоа е најдобра умереноста во работата.

Бидејки седмиот ден од создавањето на светот Бог си отпочина и го благослови она што го создал во претходните шест дена затоа човекот седмиот ден – недела треба да се одмора и да му го посвети на Бога.

Бог му дал заповед на човекот да работи. Заповедта за работа е прва наредба што Бог им ја дал на луѓето. Без работа нема живот. Човечката рака е „жива" алатка која Бог Создателот ја создал за да работи.[29]

Родителите треба да ги научат децата на работа, а не на уживање. Човекот треба да работи, да се труди и најнапред да ги научи своите деца да работат, да го ценат трудот и да уживаат во работата. Работењето да им причинува задоцолство, а не наметнат товар. Со работата луѓето ќе бидат од полза за себе, за своите најблиски и за општеството.

Со оваа заповед се забранува работењето во недела, а посебно работењето на празници. Со работењето на празник не се добива ништо корисно и тоа не носи полза.

Петтата Божја заповед на човекот му дава порака дека не е доволно само да го почитува Господ и да се плаши од него. Не треба да правиме неправда и зло на оние што нè родиле и одгледале. Нив треба да ги почитуваме, сакаме и цениме. На човекот престојот во животот му е даден од Бога и од родителите. Човекот треба да стори сè неговиот животен помин да биде достоинствен, свесен, исправен, морален. Во тоа е вклучен и справедливиот однос кон родителите, кои човека го донеле на светот. Оној кој ги почитува своите родители, тој обезбедува вкупен справедлив човечки однос и добро одвивање на животот.

Оној што не почитува сопствена мајка недостојно го носи името човек.

---

[29] Исто дело стр. 56.

Родителите човекот треба да ги слуша и почитува сѐ додека тие го одгледуваат и од нив е зависен. Децата водени од своите родители во домот треба да го прават она што за нив е најдобро, на тоа свесно да се навикнат за да бидат самостојни во подоцнежниот живот. Самостојноста на децата за родителите ќе биде радост и чест.

Со Шестата Божја заповед се укажува на значењето на човековата егзистенција. Секое човечко суштество има право на достоинствен живот. Никој нема право на другиот да му нанесува болка, на било каков начин да го повредува иоли пак да му го одземе правото на живот.

Убиството како неморален чин е злосторство и тоа најстрого се забранува врз основа на социјалниот и религиозниот морал присутен кај сите нации, вери и општествени заедници.

Шестата Божја заповед исто така го забранува и самоубиството. Животот на човекот му е даден од Бог и тој нема право самиот да си го одземе.

Религиозниот морал го храбри и теши човекот кога е во неволи и тешкотии во животот. Моралот која го застапува религиозниот човек му ја дава вистинската слика во животот.

Војната како негативна појава во која гинат невини луѓе се смета за прекршок кон Шестата Божја заповед која се противи на убивањето како крајно неморален и недостоинствен чин, како најголемо злосторство.

Седмата Божја заповед се однесува на чување на достоинството на луѓето кои се во љубовна врска или брак. Секое неверство го нарушува единството на љубовната врска или бракот. Тоа е пат кој води кон зло и ги изложува луѓето на опасност од заразни сексуално преносливи болести.

Секоја прељуба е пропратена со страв и грижа на совеста.[30] Совеста секогаш е внатрешниот судија на човекот која свесно или несвесно му кажува што е исправно, а што не е.

Исправното сексуално комуницирање помеѓу луѓето кога целта е да се влезе во брак и да се оствари потомство е основа на опстојбата на човековиот род. Преку раѓањето и одгледувањето на децата човековиот род и општеството ја обезбедуваат својата иднина. Раѓањето и одгледувањето на децата бара од сопружниците голема одговорност и големи жртви. Тоа е најпријатната и најпосакуваната состојба во животот на човекот. Да биде способен да ги воспитува и одгледува своите деца.

Осмата Божја заповед ни дава порака да ја чуваме сопственоста и материјалните добра кои ни припаѓаат на нас или пак

[30] Исто дело стр. 93.

на другите луѓе. Кражбата и одземањето на пари или имот од другиот е неморален чин кој е спротивен на правилното човеково поведение и дејствување.

Заштитата на сопственоста во заедницата е регулирана и со правни прописи кои луѓето треба да ги почитуваат за да им биде сигурен животот.

Благословен е оној дом и онаа трпеза од која се јаде чесно заработен леб и чесно се живее. Среќно, радосно и благословено е само она што е чесно заработено и натопено со труд и пот.[31]

Крадењето е несовесно и неодговорно дело против макята на другиот. Подигање рака кон она што припаѓа на друг – индивидуално или општествено, седно претставува неморален чин.

Оваа заповед директно е насочена против присвојувањето на туѓа сопственост. Со крадењето се изразува непочитување кон туѓото богатство и се удира кон туѓата чест.

Човекот може да се поткраднува себе си преку скратувањето на потребите за живот. Некои луѓе имаат доволно средства за живот, но не ги употребуваат.

Алчноста и тврдоглавоста се извор на лошите намери на човекот да краде од другиот. Тоа се лоши особини кои човекот треба да ги избегнува. На тој начин човекот се заштитува себе си и го заштитува другиот од зло и си ја штити сопственоста.

Деветтата Божја заповед ја потенцира моќта на зборот. Човекот преку својот збор може да облагороди, но може и да излаже, озборува и да осведочи лажно.

Се истакнува значењето на мислата, на говорот, на исказот. Оцрнувањето, озборувањето и лажното сведочење се недостојни за човекот и претставугваат обид другиот да се уништи – претставуваат најцрни човекови својства.

Лажењето и кодошењето претставуваат карактеристика на најголемите неранимајковци. Говорењето на вистината претставува света задача.[32]

Со оваа заповед му се забранува на човекот да говори лага за друг човек и ја забранува воопшто секоја лага. Човекот не треба да лаже ниту за себе, ни за другите. Кога човекот лажно говори за себе, тој знае дека тоа што го говори не е вистина.

Лажното сведочење е уште еден начин на недостојно однесување и дејствување. Со него се ска да му се наштети на другиот.

Човекот за да биде отворен и искрен кон другите треба пред сè да е искрен кон себе си. Не смее да допушта лагата да се всели во

[31] Исто дело стр. 97.
[32] Темков Кирил, „Како да се биде добар – етика за млади", ОХО, Скопје, 2007, стр. 124.

неговото срце. Човекот да не се лаже себе си и да не ги лаже другите туку да им служи на сите со вистина.

Лагата потекнува од човековата злобна природа или пак од неговата непросветеност, недоволна духовна наобразба.

Кон Десеттата Божја заповед се додава објаснувањето: Не пожелувај ја жената на ближниот свој, не пожелувај го домот на ближниот свој, ниту нивата негова, ни робот негов, ни робинката негова, но волот негов, но ослето негово, ни секаков добиток, миту нешто друго што е на ближниот твој!

Човечките страсти се бројни и силни. Тие понекогаш го водат човекот кон дејствување кое ги уништува животот и имотите на другите луѓе.[33] Човекот посегнува по туѓото претворајќи се во ѕвер кој не води сметка за среќата или несреќата на другите луѓе.

Алчноста на човекот потекнува од себичните намери кои на човекот му создаваат вештачка потреба да бара повеќе отколку што му треба.

Со оваа заповед се забранува зависта, односно желбата за она што го има другиот, а ние го немаме.

Десеттата Божја заповед ѝ се обраќа на човечката совест и на срцето.

Преку критичкото иследување на Десетте Божји Заповеди се запознавме со нивната религиозна цел и морална етичка задача. Како најзначаен морален, етички и религиозен систем во човековата историја тие му даваат на човекот вистинска насока за негово правилно дејствување и строго го определуваат неговото поведение.

Почитувањето на Десетте Божји Заповеди и нивно исполнување преку практичното дејствување е нужен предуслов за човековата егзистенција како и вистинска цел во меѓучовечките односи.

Од поделбата на Десетте Божји Заповеди може да се заклучи дека тие колку што се однесуваат на самосвеста на човекот и на неговиот однос кон себе си толку се однесуваат и на односот на човекот кон другиот човек. Преку нивно спроведување и почитување човекот ќе ја оствари својата задача да биде доследен на моралната димензија на сопственото постоење и дејствување.

[33] Исто дело стр. 124.

## Етичките идеи кај старозаветните мудреци и пророци

Мудроста е длабоко врежана во Книгите на Стариот Завет. Посебно големи во мудроста и храброста се покажале големите цареви на Израел Давид и Соломон. Давид се одликувал со голема храброст и за него било својствено тоа што бил голем јунак. Успеал во нерамна борба да го победи Голијат, а подоцна ги неутрализирал нападите на своите непријатели. Ја воздигнал Еврејската држава во големо царство на истокот. Од него потекнува идејата за изградба на величенствен храм посветен на Јахве кој би требало да се наоѓа во Ерусалим. Таа идеја во реалност ќе ја претвори неговиот син Соломон.

Тој бил исто така голем и мудар водач на својот народ. Напишал преку илјада мудри изреки и се покажал како голем мудрец и владетел доследен на својата мисија и должност. Преку изградбата на големиот храм во чест на Јахве ја покажал својата голема посветеност на Бог.

Вистински бисер на библиската литература посветена на мудроста претставува Книгата Проповедник која се поврзува со мудриот Цар Соломон. Во неа се зборува за човековите доблести и маани, човековите вредности како и за човековиот карактер.

Се искажува став дека сѐ е минливо под Сонцето и дека животот брзо минува. Затоа тој треба да се искористи за да се направат што е можно повеќе добри дела.

Човекот треба да се насочи кон мудроста како извор на среќа и благосостојба. Да се научи да ја применува мудроста во својот живот и со тоа да се изгради во личност која е насочена кон добро и правилно дејствување во своето морално поведение.

Пророците во Стариот Завет се поделени на мали  и големи пророци според обемот на материјалот во Библијата кој нив ги обработува. Големи пророци се: Исаија, Јеремија, Језекиил, Варух и Даниил. Мали пророци се: Амос, Осија, Михеј, Софонија, Агеј, Захарија, Малахија, Јоил, Авакум, Авдиј, Наум, Јона.

Ние во нашиот труд ќе се концентрираме на етичката и религиозната порака содржана во идеите на големите пророци: Јеремија, Исаија, Језекиил и Даниил.

Пророкот Јеремија живеел во многу турбулентен период од историјата на Стариот Завет. Вавилонците ја нападнале Палестина

со што Еврејскиот народ одел во прогонство. Јеремија како водач на својот народ тоа прогонство многу страдалнички го доживеал. Тој многу пострадал за да му донесе добро на својот народ. За тоа говорат трите книги од Стариот Завет: Пророк Јеремија, Плач Јеремиин, Послание Јеремиино. Јеремија умрел каменуван со страдалничка смрт далеку од Израел.

Јеремија имал реално сфаќање на политичката ситуација во која се наоѓал Израел во негово време. Тој своите пророштва ги насочувал директно против Вавилон. Книгата за Јеремија содржи некои од неговите оригинални мудри мисли со етичко – религиозна содржина кои ги забележал пророкот Варух.

Со големо етичко и историско значење се и тажните песни кои му се припишуваат на пророкот Јеремија во кои тој ја опишува тешката положба на Евреите под вавилонско ропство.

Пророкот Исаија бил свештеник. Тој ги осудувал општествените неправди како зло заради кое Еврејскиот народ се наоѓа во бедна положба пред Бог. Поезијата на Исаија се смета за класика на Библијата. Во најголема страственост со мера изразува остар говор како и свечен пофален спев со богатство и смисловност на својот перцептивен свет.[34]

Исаија се смета за еден од најголемите навестувачи на животот и делото на Месијата Исус Христос.

Книгата на Пророкот Исаија се состои од три дела. Секој од тие делови претставува успешна компилација на помали списи.

Првиот дел кој бил напишан под влијание на растот на асирската моќ ја прикажува неа како божја казна за лошите дела на Евреите.[35]

Вториот дел претставува збирка на мисли и изреки на пророци чии имиња не се познати. Во него се претставува тешката положба на жителите на Палестина и изразува надеж кон подобрување на состојбата на Еврејскиот народ.

Третиот дел претставува варијација на една општа тема за спасението.

Пророкот Даниил низ знаци и симболи знаел да ја открие тајната на историјата т.е. конкретните настани да ги протолкува како минлива тешкотија која луѓето треба да ја издржат додека конечно да дојде мир. Истакнувал дека на крајот ќе дојде „Синот човечки и ќе постави Божјо кралство".[36]

Познати се пророчките визии на Пророкот Даниил. Во првата визија му се прикажале животни ( лав, мечка, рис ). Секое од овие

---

[34] Biblija Stari i Novi Zavijet, Stvarnost, Zagreb, 1969, str. 1217.
[35] Mandič Oleg, „Leksikon judaizma i hriščanstva", Matica Hrvatska, Zagreb, 1969, str. 212.
[36] Biblija Stari i Novi Zavijet, Stvarnost, Zagreb, 1969, str. 1224.

животни означува некоја држава. Пророштвото вели дека сите тие држави ќе пропаднат кога ќе дојде „синот човечки", месијата.[37]

Втората и третата визија се однесуваат на растот и падот на Александар Македонски и неговите наследници.

# ВТОРА ГЛАВА

## ЕТИЧКИТЕ ПОРАКИ ВО СОЛОМОНОВИТЕ ИЗРЕКИ

### Животот и делото на цар Соломон и Соломоновите изреки

Книгата Соломонови Изреки спаѓа во оние библиски книги во кои централен проблем е човечката мудрост. Се разгледува проблемот како човекот да ја примени мудроста во својот живот и етика. Кои се вредностите кои треба да бидат основа и врз кои карактеристики треба да бидат својствени за човечкото дејствување.

Во содржинска смисла книгата Соломонови Изреки е составена од мудри поговорки пишувани во текот на определен временски период. Животната мудрост содржана во изреките е проследена со стилски фигури како компарацијата и алегоријата. Се инсистира на поучен говор и морална поука. Временскиот интервал на пишување на изреките е различен. Според нивната содржина се определува кои делови се постари, а кои делови се однесуваат на поблиско датирање.

Според хрватското издание на Библијата од 1969 година[38] најстариот дел од Книгата Соломонови Изреки се двете големи збирки од поговорки ( 10 – 22 и 25 – 29 ). Се смета автор на овие поговорки е Соломон. За останатите се смета дека ги собрале и запишале луѓето на кралот Езекија.

Според јудејската источна традиција заслугата за создавање на книжевноста која зборува за мудроста им се предава на кралевите. Доволен доказ за тоа е фактот што од Соломон потекнува книжевноста посветена на мудроста, затоа тој тип на литература луѓето ја сметаат за негова заслуга.[39]

Во Книгата Соломонови Изреки се разгледуваат најразлични аспекти на животот во кои мудроста игра своја улога. Се бара начин како да се најде среќа во личниот, семајниот и општествениот

[37] Mandič Oleg, „Leksikon judaizma I hriščanstva", Matica Hrvatska, Zagreb, 1969, str. 108.
[38] Biblija Stari i Novi Zavijet, Stvarnost , Zagreb, 1969, str. 1206.
[39] Ibid.

живот. Мудроста извира од човековата вера и посветеност кон Бог. Според стихот ( 1, 7) почеток на мудроста е стравот Божји.

На оние изреки за кои се смета дека потекнуваат од Соломон подоцна се надоврзуваат двете збирки изреки на Мудрецот ( 22, 17 – 24, 22 и 24, 23 – 34 ), зборовите на Агура ( 30, 1 – 14 ), Изреките Броеви ( 30, 15 – 33 ) и Зборовите на Лемуел ( 31, 1 – 9 ). Завршната пофалба за доблеста на жената како мајка, сопруга, господарка ( 31, 1 – 9 ) и воведот ( 1 – 9 ) се настанати по паѓањето на Израел под ропство на Вавилон. Сите овие збирки на изреки се собрани од еден единствен автор околу 6 – 5 век пр. н. е. Поуката на израелските мудреци имала големо влијание врз Еврејскиот Народ, а нивното наследство го прифатиле и многу други народи со напредувањето на христијанството.
Преку овие поуки човекот се подготвува за да ја прими пораката содржана во евангелијата.[40]

Човекот може да има полза од искачувањето кон врвовите на мудроста. Мудроста е основа за изградба на етиката која човекот ќе ја применува во својот живот. Наследството на старите мудреци крие во себе длабока мудрост полезна за животот.

Главен инспиратор и автор на библиската книга Соломонови Изреки е цар Соломон. Неговото име на хебрејски значи мирољубив. Соломон е роден од бракот на цар Давид и неговата жена Витсавеја. По препораката која до цар Давид ја искажале врховниот свештеник Садок и неговиот учител Натан, Соломон бил избран за наследник на престолот на местото од својот татко. Со тој чин биле оневозможени намерите на неговиот постар брат Адониј да стане нов цар.

За време на владеењето на Соломон еврејската држава доживеала стабилизација и економски развој. Соломон се покажал како вешт дипломат во остварувањето на врски со соседните држави. Тие врски имале своја основа во брачното и родово поврзување. Првиот брак на Соломон бил склучен со египетска принцеза, а потоа следеле и други. Во Стариот Завет се наведува дека Соломон имал брачни врски со многу жени. Меѓу нив имало Еврејки и туѓинки од разни делови на светот. За овие факти сведочат стиховите од Трета Книга Царства 11, 1 и 11, 3:

> 11,1: Цар Соломон засака, освен фараоновата ќерка, и многу жени – туѓинки – Моавки, Амонитки, Идумејки, Сидонки, Хетејки.
>
> 11, 3: Тој имаше седумстотини жени и триста наложници...

[40] Ibid.

Дипломатската активност која овозможила да се изврши сојуз со тирскиот владетел Хирам имала заслуга за поголема сигурност на еврејската држава. Тој период од развојот на Израел се одликувал со мир и благосостојба. Царството на Соломон претставувало центар на трговските врски. Била подобрена материјалната состојба. Со тоа било овозможено да се пристапи кон градење на голем храм во чест на Бог во Ерусалим. Соломон имал добри трговски врски со кралот Хирам преку кои бил овозможен пристап до морската флота за странскиот владетел. Како замена за таа услуга тирскиот цар Хирам обезбедувал суровини кои биле неопходни за опстанок на еврејскиот народ, како и материјали за изгрдба на Соломоновиот храм.

Соломон со голема мудрост и вешта дипломатија ги одбивал нападите на оние кои сакале да го симнат од престолот. Со своето добро владеење Соломон формирал држава во која завладеала благосостојба. Договорите со соседните цареви биле зацврстени со нова деловна соработка. Како резултат на тоа Соломон се оженил со ќерката на фараонот од Египет.

Луѓето кои биле поданици на Соломон мирно ги извршувале своите должности. Внатрешните мерки спроведени од Соломон овозможиле унапредување на внатрешните односи во царството. Пораснала моќта на Израел, а Соломон се прочул како мудрец.[41]

Во четвртата година од своето владеење Соломон донел решителна одлука да го исполни заветот кој му бил оставен од татко му Давид. Започнал со изградбата на величенствен храм во чест на Бог на видно место во Ерусалим. За таа задача биле повикани најдобрите мајстори со кои располагал Израел и соседните царства кои биле пријатели на царството на Соломон. Со изградбата на храмот раководел големиот мајстор Хирам кој бил голем вајар што изработувал фигури од злато, сребро и бронза. Одвивањето на градежните работи одело доста брзо во споредба со големата и тешка задача. Покрај работниците кои учествувале во изградбата на храмот биле ангажирани и набљудувачи кои внимавале како се одвиваат градежните работи.

Изградбата на храмот траела седум години. Биле искористени најдобрите материјали и знаењето на најдобрите мајстори. Посебно место во храмот било местото Светост над Светостите каде бил поставен Ковчегот на Заветот со двете плочи на Мојсеј.

За добро завршената задача при изградбата на храмот неговите градители како и сите други кои биле заслужни добиле високи свештенички и други звања.

---

[41] Косидовски Зенон, „Библијске легенде", Српска књижевна Задруга, Београд, 1993, стр. 351 – 352.

Празнувањето во чест на големиот храм траело две недели. Голем број верници се собрале да го посетат храмот, додека Соломон се задлабочил во тишината и посветено се молел Бог кој бил заштитник на Израел и на неговиот народ. Веселбите кои биле приредени во чест на Новиот Храм се одвивале на големите трпези. Луѓето прославувале преку колење на барем еден вол или овца.[42]

Соломоновиот храм бил разурнат во времето на вавилонските освојувања на царот Навукодоносор. Денес од него е останат само ѕидот на плачот. За време на празници верниците доаѓаат пред него да се молат. Така оддаваат почит на Бог во кого искрено и посветено веруваат.

## Етичката порака содржана вомудрите изреки и дела на цар Соломон

Поуките се формулирани така, да преку нив биде претставено човековото дејствување, низ животот на човекот со што:

1) Се внимава на човековите потреби.
2) Нас да не водат мудростите, нив да ги возвеличуваме.
3) Да се дадат практични насоки за сите области на животот.[43]

Стих 9,10: Почеток на мудроста е стравот Господов, и познавањето на светот е разум.

Нашата верба во вечен живот е целесообразна само ако добиеме мудрост од Бог и нејзе ја искористиме. Божјата порака јасно кажува дека за успешно одвивање на животот потребна е мудрост; мудрост која не се добива преку никакво учење или училиште.

Што е мудроста? Многу пати е забележано дека тоа е некаква способност со која човекот сака да постигне некој успех во овоземскиот живот.[44]

Потребата за мудрост е искажана со следните стихови:

1,1-7: Изреки Соломонови, син Давидов, цар израилски,

за да се познае мудроста и поуката, за да се изберат изреките на разумот;

за да се усвојат правилата на благоразумието, правосудието, судот и правината;

да им се даде на простите разумност, на младите – знаење и расудување.

[42] Исто дело, стр. 356.

[43] Svetopisemski Nauk – Salomonovi pregovori, Znaci vremena, Zagreb/Preporod, Beograd, 04 – 1991(Prir. Milan Šušljič), str. 8.

[44] Исто дело стр. 9.

Ако мудриот слуша, ќе ги умножи знаењата свои, и разумниот ќе најде мудри совети,
За да разбира мудра изрека и длабок збор, зборовите на мудреците и нивните гатанки.

Почеток на мудроста е стравот Господов; добро разбираат сите, што се раководат од него; а послушноста кон Бога е почеток на разбирањето; само глупавите ги презираат мудроста и поуката.

2,10-11: Кога мудроста ќе влезе во срцето бидѐтвое, и знаењето ќе и пријатно на душата твоја,
Тогаш расудувањето ќе те брани, разумот ќе те чува.

Стравот Господов во Библијата е општ израз за вера, послушност, побожност, љубов кон Бог.[45]

Тема на Соломоновите изреки е нужноста за прифаќање на Божјата мудрост која Соломон ја изкажува. Мудроста мора да биде присутна во сите области на нашето живеење. Мудроста и побожноста како наша доблест во секојдневниот живот. Мудроста е способност за дејствување на начин како што би дејствувал Бог доколку се наоѓа во иста состојба како нас.

Од Бог се плашиме, му даваме почест и изразуваме славење во негова почит. Односот на доброчестивиот христијанин со Бог е извор на скромноста како доблест и носител на светлината на Бог во неговото изворно и оригинално значење.

Каде е изворот на вистинската мудрост?

Стиховите 2,7 и 9,10 од книгата Соломонови изреки ни даваат насока кон предизвикот кој го отвора ова прашање.

2,7: Он го зачувува за праведните спасението; Он е штит за оние што одат непорочно;

9,10: Почеток на мудроста е стравот Господов, и познавањето на светот е разум.

Во секое време луѓето се жртвуваат, за да добијат некоја поука или позиција во општеството. Во некои околности најважно е познавањето на филозофијата. Во наше време има голема потреба од научно дејствување со помош на теолошко или философско знаење. Знаењето кое Бог го бара од нас претставува искушение на светото. Ако врз темелите на искушението ја спознаеме милоста на Исус Христос, пред нас се отвораат вратите на вечното божјо место.
( Веројатно тука коментаторот мисли на пат кон вечен живот во есхатолошка смисла. )

[45] Исто дело, стр. 11.

Извонредно поучна во етичко – правна смисла е пресудата која цар Соломон ја извршил во спорот помеѓу двете родилки. Таа пресуда се содржи во стиховите 3,16 – 3,29 од Третата Книга Царства и нејзината интегрална форма е следната:

> „Тогаш дојдоа при царот две блудници и се исправија пред него.
> И едната жена рече: „О, господаре мој! Јас и оваа жена живеевме во една куќа, и родив при неа во таа куќа;
> а на третиот ден, откако родив, роди и таа жена; ние бевме заедно, и во куќата при нас немаше никој надворешен човек; само ние двете бевме во куќата,
> Преку ноќ умре синот на оваа жена, зашто беше легнала врз него;
> а таа преку ноќ станала, го зела мојот син од мене, кога јас, твојата слугинка, сум спиела, и го ставила до градите свои, а својот мртов син го ставила до моите гради.
> Утредента станав да го надојам синот свој, и ете, тој беше мртов; а кога на виделина се загледав во него, тоа не беше мојот син, што го бев родила."
> Другата жена рече: „Не мојот син е живиот, а твојот син е умрениот." А таа и велеше: „Не, твојот син е умрениот, а мојот е живиот."
> Потоа царот рече: „Дајте ми меч!" И му донесоа на царот меч.
> И тогаш царот рече: „Пресечете го живото дете на две половини и дајте ја едната половина на едната, а другата половина на другата."
> И му одговори царот онаа жена чиј беше живиот син, зашто целата нејзина утроба се беше растреперила од жал спрема нејзиниот син: го тоàО, господаре мој! Дајте и дете живо и не го убивајте". А онаа другата рече: „Нека не биде ви мое, ни твое, сечете го!"
> И царот проговори и рече: „Дајте и го живото дете на првата, и не го убивајте: таа е неговата мајка."
> И сиот Израил чу за судот, како предуди царот. И почнаа да се плашат од царот, зашто видоа дека има мудрост Божја во него, за да извршува суд.

Овој дел од многубројните праведни и мудри дејствувања на Цар Соломон може да биде добра поука до денешни дни за оние кои се занимаваат со право. Тоа дело ни кажува како со доблест и мудрост се остварува правично судење и ја потврдува старата изрека дека долгата рака на правдата некогаш стигнува порано отколку што

се мисли. Само за тоа е потребна мудрост и Божја волја со длабоко етичко познание и вдахновение.

За мудроста на цар Соломон добила сознание и Савската Кралица. Таа била во неизвесност за тоа каков ќе биде односот на цар Соломон кон неа. Затоа тоа одделила определена количина од нејзиното богатство како подарок за Соломон. Тие станале пријатели по нивната средба, од нивното пријателство произлегла љубов која резултирала со раѓање на нивниот син кој го одгледала Савската кралица.

Соломон напишал над илјада мудри поуки кои денес се сочувани во Библиските книги за Соломон: Соломонови изреки и Мудрост Соломонова. За историјата на животот на Соломон се говори и во неколку други Библиски книги на најразлични места: Книгите Царства и Книгите Паралипоменон или Летописи.

Извадок од стихови на мудриот цар Соломон се содржани и во дигитални извори[46] на англиски јазик:

> Луѓето знаат за мудроста и поуката,
> разбирајки ги зборовите на проникнувањето
> прифаќајќи поука во мудриот договор, добрина, праведност, еднаквост;
> разумноста може да биде дадена едноставно, знаењето и слободата на избор насочени кон младоста,
> мудрата личност може да направи зголемување на знаењето,
> да се разбере изреката и нејзината улога зборовите на мудроста и нејзините загатки,
> почитувањето на Бог е почеток на знаењето,
> измамата ја презира мудроста и поуката.
> Слушни ја сине,
> поуката од татка си и прифати го учењето на мајка си
> кое е венец за твојата глава и
> приврзок на твоето грло.
> Мој сине ако недоблесните те искушуваат,
> не подлегнувај [...]

Првиот стих јасно укажува дека луѓето искуствено ја спознаваат и применуваат мудроста и поуката како извор на морално дејствување.

Проникнувањето може да се разбере како просветлување со морална цел за поуспешен и подоблесен живот. Третиот стих ги искажува вредностите кои и денес по неколку милениуми се сметаат за

[46] Превод на дел од статија превземена од сајтот BECK INDEX http:/www.san.beck.org/EC5 – Israel – html. Оваа интрнет страница е консултирана на 04.10.2008.

основна придобивка на аксиологијата на моралот: договор, добрина, праведност, еднаквост.

Претпоследниот стих е преповторување на пораката од Петтата Божја Заповед која го истакнува значењето на почитувањето на родителите.

Стих 28,6 од Соломоновите изреки гласи:

Подобро сиромав, кој оди во својата непорочност, отколку оној, што ги искривува своите патишта, макар ида е богат.

Во христово време се сметало дека сиромаштијата е казна за гревовите. Од друга страна луѓето имале богатство за кое не се внимавало на кој начин е стекнато. Луѓето мислеле дека ако се богати ќе ја добијат наклонетоста на Бог. Затоа учениците на Исус го запрашале: Што треба повеќе да се вреднува? Исус им одговорил дека полесно е камила да помине низ иглени уши отколку богат човек да влезе во небесното царство.[47]

## Етичките и морални поуки содржани во Книгата Мудрост Соломонова

На почетокот да кажеме два три збора за содржината на Библиската Книга Мудрост Соломонова. Хрватскиот теолог Др Јанко Обершки ја дава следнава поделба:

Првиот дел ( стихови 1-5 ) зборуваат за конфликтот помеѓу безбожникот и неверните кои кои не ја познаваат вистинската мудрост или од неа се отргнуваат наспроти оние кои се стремат за доблест и праведност за да на тој пат постигнат внатрешно смирување и задоволство во душата.

Вториот дел ( стихови 6-9 ) зборуваат за суштината и возвишеноста кон вистинската мудрост, која произлегува од зборовите на цар Соломон. Таа е извор на секое добро, затоа треба да управува со сето човеково дејствување и да го води кон вечната цел на човековата задгробна среќа. Затоа е таа дар од Бога, кој треба од Бог да се испроси преку посветена молитва.

Третиот дел ( стиховите 10 – 19 ) зборуваат за тоа како во долгата историја на Стариот Завет се покажале прекрасните плодови на мудроста и најразличните видови на Божја казна што им се случувале на оние кои се спротивставувале на таа мудрост и скршнувале од вистинскиот пат.[48]

[47] Svetipisemski Nauk – Salomonovi Pregovori, Znaci Vremena, Zagreb/Preporod, Beograd, 04 – 1991(Prir. Milan Šušljič), str. 62.
[48] Dr Janko Oberški, „Komentar Knjige Mudrosti", Zagreb, 1964, str. 5.

Стих 1,1-2 од Книгата Мудрост Соломонова зборува:

> Сакајте ја правдата, судии земни, со праведни мисли мислете за Господа, барајте го во простотата на своето срце.
>
> Него Го наоѓаат оние, што не Го искушуваат; не им се јавува на оние што веруваат во Него.

Во почетните зборови на оваа книга авторот ги повикува читателите да ја сакаат правдата ако сакаат да постигнат вистинска мудрост, т.е. надеж во Бог. Тоа сепак нека се обидуваат да го постигнат така што на Бог ќе мислат со својата добрина и отсуство на зло во срцето. Моралната непорочност води кон Бог, додека гревот води кон казна со смрт. Така се навестува содржината на целата книга и главната цел за тежнеење за вистинска мудрост. Авторот ги повикува владетелите, најповиканите за судската власт на Земјата. Поттикнувањето да се љуби правдата не значи само во строга смисла вршење на праведно судење, туку и во поширока смисла извршување на правилно судење, поттикнување за морално непорочност во потполна послушност со чувство за извршување на Божјите заповеди и совршено прилагодување на човековите дела кон волјата на Бог. Во тој однос праведноста ги опфаќа сите доблести.[49]

Во стих 1,15-16 се зборува за разликата помеѓу праведноста и безбожноста:

> Правдата е бесмртна, а неправдата предизвикува смрт;

Безбожниците ја привлекуваат смртта и со раце и со зборови, ја сметаат за пријателка и ослабуваат: со неа сојуз склучуваат, зашто се достојни да бидсат нејзин дел.

Коментарот кон овие стихови вели дека праведноста е трајна и бесмртна. Спротивно на тоа безбожниците кои се одрекле од праведноста преку презирање како со тоа да оствариле сојуз со смртта. Затоа е сосема праведно што таа смрт т.е. вечното пропаѓање ги стигнува.

Во стиховите 3,1-9 се зборува за среќата на праведникот ( среќата на праведните луѓе ):

> А душите на праведниците се во Божја рака; до нив нема да допре никаква мака.
>
> Во очите на неразумните, тие се како умрени, а нивниот крај се сметаше за пропаст;
>
> и тоа што тие заминуваат од нас – како уништување, но тие живеат во мир.

---

[49] Исто дело, стр. 8-9.

> Зашто иако во очите на луѓето и да се накажуваат, надежта нивна полна е со бесмртност.
>
> Бидејки малку казнети, тие ќе добијат големи блага, зашто Господ ги испитал и ги нашол достојни за Себеси.
>
> Он ги проверил како злато во печка и ги примал ршена жртва.
>
> Во времето на воскреснувањето, тие ќе светкаат како искри меѓу гранки.
>
> Наплемиња ќе им судат, над народи ќе владеат, а над нив Господ ќе царува довека.

Наспроти мислењето на безбожникот за праведникот авторот забележува дека често праведникот страда на овој свет, посреќен е од безбожникот, затоа што според страдањето во времето поминато на земјата праведникот го чека вечна среќа по смртта. По привидната краткотрајна среќа на безбожникот на земјата го чека вечно страдање на оној свет. Ниту плиткото и злобно извлекување на безбожникот во однос на праведниците се надоврзува на побивањето на неговите намери.[50]

Бог им да ва сила на праведниците да бидат непоколебливи во било какви животни околности. Безбожниците можат надворешно да ги прогонуваат и мачат праведниците, но не можат да ги извлечат од Божјата рака Бог е нивна сила и заштита, затоа во нив Бог победува со цела да ги совладаат лошите околности. До нив не допира никаква мака.[51]

Стихот 3,4 зборува за надежта:

Зашто, иако во очите на луѓето и да се накажуваат, надежта нивна полна е со бесмртност.

Говорејки за човековите очи авторот сака да ни каже дека човековиот суд во овој случај е еднostран. Тоа е заблуда затоа што судбината на праведникот по маченичката смрт се променила во вечна среќа во која луѓето искрено верувале.[52]

Стихот 3,5 зборува за духовното богатство наменето за душите на праведниците:

Бидејќи малку казнети, тие ќе добијат големи блага, зашто Господ ги испитал и ги нашол достојни за Себеси.

Неприликите на праведникот ги образложува авторот во светло на Божјата провидност. Во искушенијата на земскиот живот Бог им дава шанса на праведниците да стекнат повеќе заслуги. Со

[50] Исто дело стр. 21.
[51] Исто дело стр. 22.
[52] Ibid.

тоа добиваат поголем степен на блаженство на небото. Затоа Бог ги ставил во искушение првите луѓе Аврам, Јаков и Јосиф Египетски.[53]

Во стихот 3,8 се зборува за царувањето на Бог и за неговото судење:

Праведните пред Бог ќе имаат улога во судењето на сите народи. Бог ќе царува над сите нив.

Стихот 3,9 говори за надежта, милоста и милосрдието:

Понатамошниот живот на праведникот се навестува со што оние кои се надеваат во Бог ќе ја осознаат вистината, и верни во љубов ќе се се доближат до него. Благодетот и милосрдието припаѓа на неговите избраници. Тие ќе постигнат непосредно спознавање на правото на вистината. Ќе добијат јасен увид во намерите на Божјата прегледност. Со бог ќе ги соедини љубовта. Тие ќе видат колку милоста и милосрдието на Бог се насочуваат кон неговите избраници. Милоста на Бог е посебен негов дар. Со него тој нив им возвеличува небеска слава на своите избраници – праведници.[54]

Стихот 3,11 се однесува на оние кои ја презираат мудроста и поуката:

Оти оние што ја презираат мудроста и поуката – несреќни се и надежта нивна е празна, и трудовите бесплодни, а делата некорисни.

Тешко на тие кои ја презираат мудроста и продолжуваат со тоа. Под мудрост тука се подразбира доблест која човекот ја придодава како своја последна цел живеејќи покрај Бог.[55]

Во стиховите 4,7-15 се зборува за смртта на праведникот:

> А праведникот и рано да умре ќе биде во мир,
> оти чесната старост не е во долговечноста, ниту се изборјува со годините.
> Мудроста – тоа се белите човечки коси, а непорочниот живот – возраст на староста.
> Откако му Угодил на Бога, праведникот е засакан и, откако живеал меѓу грешниците, Бог го прибрал;
> грабнат е, злобата да не го измени неговиот разум и подмолноста да не ја заведе неговата душа.
> Зашто, извршувањето на лошото го помрачува доброто, а страсното брануање го развратува незлобивиот ум.
> Кој достигнува совршенство во многу кратко време, тој живее долго;

[53] Ibid.
[54] Исто дело, стр. 23.
[55] Исто дело, стр. 24.

зашто неговата душа Му била угодна на Господа, затоа и побрзал да го избави од безбожноста околу него. А луѓето го видоа тоа, и не го разбраа, дури и не помислија на тоа,

дека Бог има благодат и милост за Своите светии и промисла – за Своите избраници.

Во овој извадок авторот зборува за срекната смрт на праведникот. Во борба со судбината раните на смртта на праведникот ќе бидат залечени и ако тој умре рано. Ќе има надеж и утеха. Авторот го отфрла вулгарното мислење дека праведникот пред да започне да живее, морал да умре. Таквото мислење за смртта на праведникот е неоправдано затоа што со тоа тој се ослободува од многу тешкотии и страдања и брзо поминува во живот полн со среќа и бројни задоволства.[56]

Староста на која и се дава чест не се определува според бројот на годините, туку според разбирањето на доблесниот живот и односот на човекот кон Бог.[57]

Праведниот човек ако е млад според возраста што ја има и во доблеста е совршен, кога ќе упокои, нема да биде отфрлен од Бог заедно со грешниците. Тој ќе биде во вечен покој и мир.[58]

Со овие стихови се изразува и есхатолошката димензија на стиховите во Книгата Мудрост Соломонова.

Преку стиховите 4,12 - 13 авторот развива конкретна претстава за Божјата праведност. Праведникот кој рано се упокоил, во тоа кратко време стркнал толку многу заслуги колку што други луѓе стекнуваат за долга низа години од својот живот.[59]

Следните стихови ( 5,1-6 ) ги одделуваат праведниците и грешниците:

> Праведникот ќе заста не со голема смелост пред лицето на оние што го навредувале и ги презирале неговите подвизи;
> а тие, откако ќе видат, ќе се збунат во голем страв и ќе се вчудовидат од неговото ненадејно спасение.
> И, раскајувајќи се и воздивнувајќи од притеснувањето на својот дух, ќе мислат во себе си: тоа е оној истиот, кој некогаш служеше за подбив и оној кој ни беше предмет на потсмев.

---

[56] Исто дело, стр. 29 – 30.
[57] Исто дело, стр. 30.
[58] Ibid.
[59] Ibid.

Ние, безумните, неговиот живот го сметавме за лудост, а смртта негова – нечесна!
А како ли е ПРИброен кон синовите божји и како добил дел меѓу светиите?
И така, ние, навистина, се одвоивме од патот на вистината, светлината на правдата не ни светеше, а сонцето не нѐ огреа.

Најнапред праведниците ќе се наоѓаат под постојаноста на судот на Бог наспроти оние кои во земскиот живот ги измачувале и им го презирале сработеното.[60]

Наспроти грешниците кои кога ќе дојде судот на Бог ќе ги здогледаат праведниците и ќе бидат изненадени од стравот чудејки се како тие можеле претходно нив да ги исмеваат и презираат. Праведниците на Судниот ден ќе и мсудат на грешниците.[61]

Кога ќе дојде Божјиот суд грешниците ќе станат свесни за сопствените заблуди. Исто така ќе видат како среќно живеат оние кои живееле праведно. Ќе се покајат, но се свртелòнивното покајување ќе дојде доцна. Тоа ќе биде недоволно. Сега се против нив. Покајанието на грешниците е залудно затоа што е прекасно. Тие се во каење затоа што ги стигнала Божјата милост исто како што се каат затоа што правеле лоши дела.[62]

Преку конечна поделба грешниците го признаваат Божјиот суд. Тие сваќаат дека биле во заблуда во текот на целиот свој живот. Тие се оттргнале од патот на вистината. Тој факт сега веќе не може да се поправи. Тие признаваат дека во текот на нивниот живот не блескала светлината на правдата. Тука изразот „светлина на правдата" означува практична мудрост на признавање на Божјите закони и живеење според тие закони. Тоа е патоказ кон среќна и блажена вечност.[63]

Стиховите 5,16-17 зборуваат за блаженството кое го добиваат праведниците:

Затоа тие ( праведниците ) ќе го добијат царството на славата и венецот на убавината од раката Господова; Он ќе ги закрили со својата десница и со својата мишка ќе ги заштити.

Он ќе ја земе својата ревност како силно оружје, ќе ги вооружи сите созданија за одмазда против непријателите.

---

[60] Исто дело, стр. 33

[61] Ibid.

[62] Ibid.
[63] Ibid.

Положбата на грешниците ќе биде определена кага ќе дојде судниот ден. Нив ќе им се спротивстави положбата на праведниците. Праведниците ги чека од Бог даден вечен живот заради нивните жртви во текот на нивниот земски живот. Бог за нив води грижа. Тој ги заштитувал и ги одбранил со помош на својата семоќна рака. Тој им принесува венец на небесна слава за да ги прими во своето кралство на честа за целата вечност.[64]

Со овој коментар го завршуваме размислувањето за фрагменти од Библиските Книги за зар Соломон и неговата мудрост. Таа мудрост дадена на Соломон со помош на милоста на Бога претставува врвен дострел на старозаветната литература за мудроста и поучните книги на Стариот Завет.

Така со изреки во прецизен вид, за разни етички проблеми Солонмоновите даваат основни поуки за животот.

Финална оценка претставува фактот дека Соломоновите изреки можат да бидат добар советодавец за дејствувањето на секој човек. Доколку тие помогнат да станеме подобри и подоблесни, тогаш тие ќе ја извршуваат својата етичка задача. Пораката што ја носат ќе биде нивно отелотворување во животот на луѓето.

## ТРЕТА ГЛАВА

### Етика во Давидовите Псалми

### Давид и Голијат

Филистејците биле собрани и повторно објавиле војна на Израел. Подготовките за борба се одвивале во близина на градот Сокхот, во земјата на Јуда. Царот Саул ја собрал војската на Израел во долината на Теревинти. Сакал да ги пресретне овие војски за да го спречи нивниот пат во сопствената држава. Двата народи со двете свои војски се подготвувале за битка. Противничките војски биле наредени на два рида, една наспроти другата. Во долината која била помеѓу нив поединечно се бореле војниците, додека останатите им носеле оружје.

Главен борец на војската на Филистејците бил Голијат. Никој од војниците на Израел не се осмелувал да излезе на мегдан со филистејскиот џин од Гет. Облечен во тежок оклоп, со голем меч и

[64] Исто дело, стр. 35.

долго копје, бил цин висок шест лакти и една педа. Голијат од ден на ден се појавувал во бој и никој не се осмелувал да му се спротивстави додека тој злобно ги нагрдувал Израелците.[65]

Цинот Голијат е опишан во стиховите 17, 4 – 7 од Прва Книга Царства:

> А од Филистејскиот логор излезе маж силен, по име Голијат, од Гет; со раст шест лакти и педа.
> На главата имаше бакарен шлем; а беше облечен во лушпест оклоп, и оклопот тежеше пет илјади сикли бакар;
> на нозете имаше бакарни ногавици до над колената и на плеќите свои – бакарен штит;
> дршката на копјето негово беше како ткаечко кросно, а самото копје – беше од шестотини сикли железо, пред него одеше оруженосец.

Голијат гордо ја истакнувал својата големина велејки дека ќе ги порази Израелците. Тој со најразлични навреди се обраќал кон војската на Израел. Изразувал отворено презирање и понижување кон Израелците.

Царот Саул и неговите војсководци предводени од Авенир се засолниле во шатори засрамени и навредени. Саул нудел голема награда за јунакот кој ќе прифати на се бори со Голијат. Таа награда била големо богатство вклучувајки брак со ќерката на Саул.

Во војската на Израел биле трите сина на Јесеј. Давид останал дома, но понекогаш носел храна на своите браќа. Давид имал чувство за ситуацијата во која се наоѓала неговата војска и неговиот народ Поттикнат од навредите на Голијат насочени кон Израелците, во дијалог со своите браќа изразил намера да влезе во двобој со Голијат.[66]

Добрата вест за смелоста на Давид донела радост кај Саул. Царот Саул дознал за намерата на Давид и го повикал на разговор. Го повикал во своето засолниште и со татковска добрина му објаснил дека тој не може да оди да се бори со Голијат затоа што е дете, а тој е војник уште од својата младост. Тој е противник кој е многу постар, посилен и поизвежбан од него.

Давид упорно настојувал да се бори со Голијат објаснувајки како убивал лавови и мечки кои му го напаѓале стадото со овци кога се наоѓал во опасност. Храброста на Давид била изненадување за царот Саул. Тој решил да му дозволи на младото момче да се бори со Голијат.

---

[65] Косидовски Зенон, „Библиски легенди", Српска Књижевна Задруга, Београд, 1993, стр. 307.
[66] Исто дело стр. 308.

Разговорот помеѓу Саул и Давид е опишан во стиховите на Прва Книга Царства 17, 33 – 37:

> А Саул му рече на Давида: »Не можеш да одиш против Филистеецот, да се бориш против него, зашто ти си уште момче, а тој е војник уште од младини.«
> Тогаш давид му рече на Саула: »Твојот слуга ги пасеше татковите си овци, и кога се случуваше да дојде лав или мечка, и ќе одвлечеше овца од стадото,
> јас се спуштав по нив, ги напаѓав и им ја одземав од устата нивна; ако, пак, тие се нафрлеа на мене, јас ги фаќав за гривата, ги удирав и ги убивав;
> лав и мечка убивал твојот слуга; и со овој необрезан Филистеец ќе стане истото, како со нив, бидејќи, ја навредуваа војската на живиот Бог. Не бива ли да одам да го победам, за да ги снема навредите од Израилот? Зашто, кој е тој необрезан?«
> Давид рече уште: »Господ, Кој ме спасуваше од лавот и мечката, ќе ме спаси и од рацете на овој Филистеец.« Тогаш му рече Саул на Давида: »Оди, Господ нека биде со тебе!«

Саул бил воодушевен од храброста на момчето и дозволил да се бори давајки му шлем, оклоп и меч. Тој сакал да види дали Давид е способен да носи оружје. Во тешкиот оклоп Давид не се чувствувал добро и изразил желба да се бори единствено со својата пастирска наметка. Саул одмавнал со рка и му дозволил да се бори како што сака. Кога тргнал во борба со Голијат, Давид го земал својот стап во раката, ставил во својата торба пет остри камења и тргнал во двобој со Голијат. Пеејки побожни песни тој отиде на двобој во долината. Голијат кога го видел малото момче се потсмевал со него велејки дека не е пес за да биде исплашен од неговиот стап.[67]

Голијат го предизвикувал Давид со неговите закани дека ќе го победи и убие. Потоа ќе го даде неговото тело на птиците и ѕверовите. Давид одговорил дека Бог ќе го казни Голијат за навредите кои ги нанел на Израелскиот народ. Давид не се исплашил од неговиот противник и му стави до знаење на џинот дека треба да се подготви за смрт затоа што ќе умре по волја на Бог и ќе биде казнет за навредите кои ги нанел на Израелскиот народ.

[67] Исто дело стр. 309.

Разговорот помеѓу Давид и Голијат е опишан во стиховите 17, 44 – 47 од Прва Книга Царства:

> И Филистеецот му рече на Давида: »Приближи се до мене, и ќе им го дадам телото твое на птиците небески и на ѕверовите полски.«
> Давид му одговори на Филистеецот: »Ти одиш против мене со меч, копје и штит, јас, пак, одам против тебе во името на Господа Саваота, Бог на Израелевата војска, која ти ја навредуваш:
> Сега ќе те предаде Господ во раката моја, и јас ќе те убијам, ќе ја симнам од тебе главата твоја, и ќе им го дадам твојот труп и труповите на филистејската војска на птиците небесни и ѕверовите земни, и целата земја ќе дознае, оти има Бог во Израилот;
> и сите овие луѓе ќе разберат дека не со меч и копје спасува Господ, зашто тоа е војна на Господа, и Он ќе ве предаде во рацете наши.«

Голијат се доближил до Давид со цел да се бори со него. Тој го подготвил мечот и во своето движење не внимавал какви се намерите на Давид. Давид извадил камен го ставил на прачката и го исфрлил со сета сила. Каменот одлетал во воздухот и паднал во челото на џинот Голијат. Тогаш тој онесвестен падна на земјата. Филистејците биле исплашени, а Израелците се радувале. Давид се доближил до онесвестениот Голијат и со мечот му ја отсекол главата.

Борбата помеѓу Давид и Голијат е опишана во стиховите 17, 48 – 51 од Прва Книга Царства:

> Кога Филистеецот се исправи и почна да пристапува и да се приближува кон Давида, Давид брзо се стрча кон местото на борбата против Филистеецот,
> и бркна со раката во торбата, извади оттаму камен и фрли со праќката, та го удри Филистеецот в чело, така што каменот се заби во челото негово, и тој падна ничкум на земјата.
> Така со праќка и камен го победи Давид Филистеецот; го удри Филистеецот и го уби; а Давид немаше меч во рацете.

Тој момент ги изненедил Филистејците. Кога видоа Филистејците што се случи со нивниот борец се дадоа на бегство. Израелската војска го искористила тоа за да им нанесе тежок пораз

на Филистејците проследен со многу жртви. Целиот логор на Филистејците заедно со израелското богатство дојде во рацете на Саул. Голем беше пленот за Израелската војска од оваа битка и голема беше оваа победа. Давид доживеал голема слава од победата носејки ја главата на Голијат како трофеј во Ерусалим. Најголема добивка била воената слава и популарноста на Давид помеѓу народот на Израел.

Во борбата со Голијат, Давид ја покажал својата голема доблест храбро спротивставувајки му се на многу посилниот противник. Големата храброст на Давид е пример за посветеноста кон својот народ и израз на врвно херојство кое треба да служи за пример за секој човек кој сака да се воздигне кон етичките височини.

Давид бил голем победоносец. Тој бил многу повеќе од обичен војсководец и цар. Бил господар на песната и творел неповторливи стихови за во слава на Бог. Химните, пофалните песни за љубовта, псалмите. Ништо не било толку големо или недофатливо за Давид што тој не би можел да го претвори во песна. Луѓето го сакале заради тие песни исто како што ги славеле неговите големи победи. Анродот ги пеел неговите песни. Давид се служел со зборовите исто толку вешто како што бил цар и војсководец со голема мудрост и вештина.[68]

Храброста и херојството како врвна етичка доблест во подоцнежната историја на философијата и етиката ќе ја истакнат античките философи. Таа оди заедно со преостанатите четири врвни доблести: мудроста, истрајноста, одмереноста, побожноста. Херојството и храброста како врвен дострел на човековата слобода на мислењето ќе бидат карактеристика на големиот мислител и хуманист на ренесансата Џордано Бруно.

## Формирањето на царството на Давид

Царството на Израел западнало во најразлични турбуленции на внатрешен и надворешен план. Постојано се воделе борби со соседните народи: Амаликијци, Евусејци, Филистејци. На внатрешен план се појавила борба за царскиот престол на Израел. Во таа борба царот Саул и неговите синови престолонаследници биле поразени. Како резултат на тој пораз настапила нивната насилна смрт.

[68] Edžhil Indija, „Davidova carica", Laguna, Beograd, 2006, str. 29.

По смртта на синовите на Саул и падот на неговата династија, сите народи кои го сочинувале Израел го посетиле Давид во Хеврон, по победата над Филистејците. Тие му пратиле порака дека народот на Израел треба да има главен збор во изградбата на идното царство.. Нив ги претставувале старешини кои биле внимателно одбрани како посветени водачи на народот на Израел. Бог наредил Давид да биде татко и водач на Израелскиот народ. Давид го воспоставил заветот со Бог. Тогаш тој бил помазан за цар на Израел. Изборот на Давид за цар на Израел е опишано во стихови 5, 1 – 7и 5, 9 – 10

од Втора Книга Царства:

> Тогаш сите Израилеви племиња дојдоа кај Давида во Хеврон и рекоа: »Ете, ние сме твои коски и твоја плот;
>
> уште вчера и завчера, додека царуваше Саул над нас, ти го изведуваше и воведуваше Израилот; и господ ти рече: ‚Ти ќе го пасеш Мијот народ, Израилот, и ти ќе бидеш водач на Израилот.«
>
> Тогаш сите Израилеви старешини дојдоа кај царот во Хеврон, и царот Давид склучи со нив завет пред Господа во Хеврон; и го помаза Давида за цар над сиот Израил.
>
> Давид беше на триесет години, кога се зацари; тој царуваше четитиесет години.
>
> Во Хеврон царуваше над Јуда седум години и шест месеци, а во Ерусалим царуваше триесет и три години над целиот Израил и над Јуда.
>
> Царот тргна за Ерусалим заедно со луѓето свои против Евусејците, жители од оној крај; но тие му велеа на Давида: »Ти нема да влезеш тука; слепите и сакатите ќе, те избркаат«, - тоа значеше: Давид нема да влезе тука.
>
> Но Давид ја презеде тврдината Сион: тоа е Давидовиот град.
>
> И Давид се насели во тврдината, и ја нарече Давидов град, и изгради наоколу ѕид од крајот, па сè до внатре.
>
> И Давид напредуваше и се воздигаше, и Господ Бог Саваот беше со него.

Во текот на четириесетгодишното владеење Давид изградил моќна држава која е најпозната во историјата на Израел. Новата држава на царот Давид немала престолнина. Градот Хеврон не бил соодветен за центар на новото царство. Своето внимание Давид го

насочил кон градот Ерусалим. По долги борби со Евусејците, Давид успеал да го освои Ерусалим. Јужниот дел од градот го определил за престолнина на своето царство и тој дел бил наречен „Град на Давид". Градот Ерусалим бил одново изграден и прилагоден за потребите на Давидовото царство.

Потребно било Ерусалим да претставува и религиозен центар на новото царство. Затоа во него како главен град мора да се чува ковчегот на заветот. При донесувањето на ковчегот на заветот биле одржувани најразлични церемонии и свечености на кои се пеело и се свирело на најразлични музички инструменти. Појавувањето на царот Давид било проследено со порака од Бог.[69]

Давид го донесол ковчегот на заветот во Ерусалим. Сите луѓе кои живееле во Ерусалим: мажи, жени, деца виделе како ковчегот на заветот патува низ улиците на градот. Многу време по овој величествен настан ќе се зборува за него. Ковчегот на заветот блескал на силното Сонце кое ги осветлувало тврдините на градот. Царот ја симнал од себе царската облека и се подготвил за свеченоста облекувајки блескава свечена наметка. Се прославувало носењето на ковчегот низ игра и песна.[70]

Донесувањето на ковчегот на заветот во Ерусалим е опишано во стихови 6, 12 – 21:

> Кога му јавија на цар Давида и му рекоа: »Господ го благослови Аведаровиот дом и сè што е во него, поради Божјиот ковчег«, Давид отиде и свечено го пренесе Божјиот ковчег од Аведаровата куќа во Давидовиот град.
>
> И штотуку оние што, го носеа ковчегот Господов, изминаа шест чекори, тој принесуваше во жртва по едно јунче и еден овен.
>
> Давид скокаше со сета сила пред Господа, а беше облечен со ленен ефод.
>
> Така Давид и целиот Израилев дом го носеа ковчегот Господов со извици и звуци на труба.
>
> Кога Ковчегот Господов влегуваше во Давидовиот град, Мелхола, Сауловата ќерка, гледаше од прозорецот нејзин и, откако го виде царот Давида како скока и игра пред Господа, го презре срцето свое.
>
> Го донесоа Ковчегот Господов и го поставија на местото негово среде скинијата, која Давид ја

[69] Косидовски Зенон, „Библијске легенде", Српска Књижевна Задруга, 1993, стр. 332.
[70] Edžhil Indija, „Davidova carica", Laguna, Beograd, 2006, str. 177.

беше направил за него: и Давид принесе сепаленици пред Господа и мирни жртви.

Кога Давид заврши со принесувањето сепаленици и мирни жртви, тој го благослови народот во името на Господа Саваот;

и му ја раздаде на сиот народ, на целото множество Израилци од Дан дури до Вирсавија, и на мажи и на жени, на секого по еден леб, по парче печено месо и по еден колач од суво грозје. Потоа сиот народ се разотиде, секој во куќата своја.

Кога се врати Давид, за да го благослови домот свој, Мелхола, Сауловата ќерка, излезе да го пречека и му рече: »Колку се прослави денес царот Израилев, разголувајќи се пред очите на слугинките од слугите свои, како што се разголува прост човек.«

А Давид ѝ одговори на Мелхола: »Пред Господа ќе играм; и благословен е Господ, Кој ме претпостави пред татко ти твој и пред целиот дом негов, поставувајќи ме за водич на народот Господов, Израилот; пред Господа ќе свирам и играм.

Давид имал намера да изгради голем храм посветен на Бог, но првосвештеникот Натан му рекол дека Бог не го сака тоа. Давид мора ковчегот на заветот скромно и посветено да го чува во сопственото засолниште.

Давид успеал да ја ги обедини израелските племиња создавајќи моќна држава која ги одбивала нападите на соседните племиња: Моавци, Едомци. Амоничани.[71]

Откако биле надминати тешкотиите околу уредувањето на својата држава на надворешен план, совладувајќи ги предизвиците кои ги наметнувале владетелите на соседните племиња, Давид започнал со уредување на своето царство на внатрешен план. Се водело грижа за обработувањето на почвата, државните богатства и внатрешната администрација. Во служба на царскиот двор работеле многу учени луѓе: писари, службеници кои го собирале данокот, старешини и управители.

Давид уште од почетокот на својот живот бил силно и храбро момче кое се спротивставувало на предизвиците кои се појавувале пред него. Тој бил избреник на мудриот судија Самуил кој имал

[71] Косидовски Зенон, „Библијске легенде", Српска Књижевна Задруга, Београд, 1993, стр. 333.

добра наклонетост кон него да биде цар. За време на својот живот давид се покажал како мудар војсководец и доблесен цар кој успеал својата мудрост да ја примени во практично управување на царството на Израел. Големата вештина која Давид ја покажувал при употребата на зборовите му донела слава на мудрец кој успешно управува со државата при тоа успевајќи да ги неутрализира нападите на внатрешните и надворешните непријатели.

Голема е улогата на Давид во изградбата на моќно царство кое биле едно од најмоќните царства во светот во тоа време. Царувањето на Давид покажува слух за сите слоеви на тогашното општество мудро надминувајќи ги проблемите. Создаден е величенствен град од Ерусалим. Град со големи тврдини и ѕидини кои биле изградени благодарение на Давид и неговата доблест како војсководец, управувач со различните слоеви на луѓе во Израел и мудар владетел – цар кој изградил едно од најмоќните царства во тоа време.

Големо значење за историјата на Стариот завет има улогата на Давид во пренесувањето на ковчегот на заветот во Ерусалим. Тој вечиќенствен чин претставува основа на зачувувањето на монотеистичката религиозна традиција. Заради тој чин Давид бил голем миленик на Бог и било кажано дека идниот спасител на светот месијата Исус Христос ќе биде роден од родот на Давид.

Давид имал улога во чување на наследството на царската традиција на Израел. Тој и неговата жена Витсавеја го родиле мудриот цар Соломон кој во иднина ќе посведочи за големата мудрост на Стариот Завет со што ќе напише голем број на мудри изреки.

Давид бил посветен следбеник на Бог. Затоа имал намера да изгради голем храм во Ерусалим посветен на Бог. Тој долго чекал за реализација на таа намера. Градењето на храмот во Ерусалим била голема цел за Давид. Во тој храм Давид сакал да го смести ковчегот на заветот. Но сепак Давид се откажал од таа своја голема идеја под влијание на пророкот Натан кој рекол дека ковчегот на заветот мора да остане во првобитното засолниште каде бил донесен. Големата желба на Давид да изгради голем храм посветен на Бог подоцна ќе биде реализирана од неговиот син Соломон.

## Градењето на големиот храм<br>во Ерусалим и Давидовата молитва

Вештото водење на односите со соседните народи како и големата слава на херој и мудрец допринеле кај царот Давид да се

роди идејата за изградба на величествен храм посветен на Бог. Таа идеја се родила како резултат на благословот кој Давид го добил од Бог за да стане цар. Секако не може да се изостави фактот дека Давид станал цар благодарение на големиот број на херојски и мудри дела.

Периодот на владеењето на Давид е период на изградба на религијата на Стариот Завет за што придонесуваат големиот број добри дела преку кои Давид ја изразил својата мудрост и се посведочил како голем херој кој го обединува народот и на духовен и на световен план.

Идејата за градење на големиот храм во Ерусалим е резултат на големите херојски подвизи на царот Давид со кои тој ги поразил Филистејците враќајќи го ковчегот на заветот таму каде што припаѓа. Ковчегот на заветот требал да биде сместен во храмот кој царот Давид имал намера да го изгради.

Пророкот Натан одиграл голема улога во зачувувањето на Ковчегот на заветот. Тој сметал дека за изградба на големиот храм во Ерусалим е се уште рано и дека не е време тој да се гради. Давид го послушал овој совет. За време на својот живот тој не успеал да го изгради храмот. Сепак тој останал посветен следбеник на Бог и во негоба чест ја искажал својата молитва која е содржана во Втора Книга Царства 7.

Во неа се изразува наклонетоста на Бог кон Давид со стиховите
7,8 - 9:

> А, сега кажи му така на мојот слуга Давида: Вака вели Господ Саваот: ,Јас те зедов од овчото стадо, за да бидеш водач на мојот народ Израилот.
> и секогаш бев, со тебе, каде ида одеше, ги истребував пред лицето твое сите непријатели, и го возвеличував името твое, како името на големите луѓе на земјата.

Тука се говори за големината на народот и улогата која тој ја има во градењето на царството на Давид. Тоа е изразено со стиховите 7,10 – 11:

> Јас ќе одредам место за Мојот народ, за Израилот, ќе го утврдам, и тој спокојно ќе живее на местото свое и нема повеќа да се обеспокојува, и нечестиви луѓе нема повеќе да го измачуваат, како порано.

Давид и неговото царство ќе имаат вечна слава и вечно ќе се споменуваат. За тоа се говори во стиховите 7, 13 – 16:

> Тој ќе изгради дом на името Мое, и јас ќе го утврдам престолот на царството негово засекогаш.

Според христологот Иван Штамбук овој псалм говори за посветеноста и борбата на народот за сопствената вистина. И покрај силната народна војска сепак опстанокот, животот, победата и угледот се дело на волјата на Бог.[1]

Псалмите на благодарност изразуваат благодарност кон Бог за добрината која тој ја дава на човекот.

Псалмот 33 го истакнува значењето на помошта која Бог му ја дава на човекот. Тука се изразува и страв од Бог како одраз на вистинската вера и морал. Стиховите на овој псалм зборуваат:

> Ќе го благословувам Господа во секое време; пофала за Него секогаш и ма во мојата уста.
> Со господа ќе се фали душата моја! Нека го чујат тоа кротките и нека се зарадуваат.
> Возвеличете Го Господа со мене, и заедно да го превознесуваме името негово.
> Го побарав Господа, и Он ме чу и од сите опасности мои ме избави.
> Пристапите Му и ќе се просветите, а лицата ваши нема да се посрамат.
> Кога несреќниот вика, - Господ го услишува и го спасува од сите негови беди.
> Ангел Господов застанува околу оние, кои се бојат од Него, и ги спасува.
> Вкусете и че видите, колку е благ господ! Блажен е оној човек, кој на Него се надева!
> Бојте се од Господа, сите праведници негови, зашто ништо нема да им недостига на оние кои се плашат од Него.
> Осиромашеа и огладнеа богатите, а оние што Го побараа Господа, не ќе бидат лишени од секакви добра.
> Дојдете, чеда, послушајте ме: јас ќе ве научам да се боите од Господа.
> Сака ли човек да живее и да види добри денови,
> нека си го воздржува јазикот од зло и устата своја од лаги,
> нека се клони од зло и нека прави добро; да бара мир и да врви по него.
> Очите на Господа се обрнати кон праведниците, а ушите Негови - кон молитвите нивни.
> Но лицето на Господа е против оние, што вршат зло; ќе го истреби од земјата споменот за нив.

[1] Štambuk Ivan, „Psalmi prevod s izvornika i kratak tumač", Makarska, 1975, str. 59-60.

Повикаа праведниците, и Господ ги услиши и ги спаси од сите маки нивни.

Блиску е Господ до оние со скрушено срце, а смирените по дух ќе ги спаси.

Бројни се маките на праведниците, но од сите нив господ ќе ги избави.

Господ ги чува сите коски нивни; ниедна од нив нема да се строши.

Зла смрт го снаоѓа грешникот, а оние, што го мразат праведниот, ќе загинат.

Господ ќе ги спаси душите на слугите свои, и никој од оние, кои се надеваат на Него, нема да погрешат.

Со првите стихови се изразува стравопочит кон Бог. Се повикува на пофалба храбрејќи ги луѓето. Луѓето со понизност тоа го прифаќаат и се радуваат. Се повикуваат луѓето кои се со добри намери да бидат сигурни во Бог кој е богат за сите кои имаат страв од него. На крајот се изразува морална поука дека лошите гинат во своето зло, а на праведниците Бог им е основа за живот и одбрана.[82]

Псалмите 114 и 115 одат заедно. Во најразлични преводи на Библијата тие најразлично се определуваат, во некои тие одат одделно, додека во некои тие одат заедно. Тие изразуваат благодарност кон Бог заради спасувањето од смртта и исполнување на заветот на Бог. Стиховите на овие две псалми зборуваат

114: Се радувам, дека Господ ќе го услиши гласот на моето молење,

зашто го приклони кон мене Своето уво, и затоа ќе Го призивам преку сите мои дни.

Смртни болки ме обзедоа, пеколни маки ме стигнаа; се најдов во неволја и мака.

Тогаш го повикав името Господово: О, Господи, избави ја душата моја!

Милостив е Господ и праведен, и милосрден е нашиот Бог.

Господ ги пази слабите: бев во мака и Он ми помогна.

Врати се, душо моја, во својот мир, зашто Господ добро ти прави,

Бидејки душата моја ја истргна од смрт, очите мои – од солзи, и нозете мои – од сопнување.

Ќе одам со благодарност пред лицето на Господа во земјата на живите.

115: Поверував и затоа реков: во голема мака сум.

[82] Tomič Celestin, „Psalmi kratak uvod I komentar", Zagreb, 1973, str. 52-53.

Во мојата необмисленост си реков: секој човек е лажливец.

Што и да му дадам на Господа за сите негови добрини што ми ги направи мене?
Ќе земам чаша на спасение и името на Господа ќе го призовам.
Заветите ќе Му ги упатам на Господа пред целиот негов народ.
Скапа е во името на очите на Господа смртта на Неговите светии.
О, Господи, јас сум слуга Твој, јас сум слуга Твој и син на твојата слугинка. Ќе ги скрши моите окови.
Тебе ќе ти принесам благодарствена жртва;
ќе ги исполнам заветите мои на Господа пред целиот Негов народ.
Во предворјето на домот Господов, посред тебе, Ерусалиме!

Овие псалми говорат за славењето на љубовта и исполнувањето на должноста. Се зборува за љубовта како длабоко, лично и силно чувство. Се изразува надеж за спас во тешките околности со помош на Бог. Тој им дава помош на сиромашните, слабите и немоќните. Се изразува благодарност кон Бог за таквата негова наклонетост. Бог ги спасува скромните луѓе и оние кои имаат понизност. Животот според Стариот Завет се смета за подарок кој и м припаѓа на праведниците.[83]

## Етичката порака и поука во Псалмите посветени на мудроста

Давидовите Псалми посветени на мудроста се вистински бисер на наследството на Стариот Завет. Нивната етичка порака со религиозен карактер длабоко навлегува во етичката природа на човекот длабоко откривајќи ја неговата суштина.

Според хрватскиот христолог Целестин Томиќ книгите од Стариот завет кои говорат за мудроста меѓу кои спаѓаат и Давидовите Псалми посветени на мудроста длабоко се инспирирани од животното искуство и животната филозофија. Тие се наследство на човековата цивилизација кое е од непроценлива важност. Животната мудрост го истражува човекот, неговото постоење и делување како и неговите успеси, среќа и несреќа. Мудроста е

[83] Исто дело, стр. 58.

вистинско човеково својство. Таа е универзална и сечовечка. Не ја огреничуваат ниту периоди, ниту пространства. Таа ги надминува националните и временските граници. Во најразлични времиња таа се смета за најголема и вистинска вредност. Тоа е едноставна животна мудрост исполнета со изреки, поговорки и гатанки кои лесно се памтат и пренесуваат.[84]

Сега ќе преминеме на изложување и анализа на највпечатливите Давидови псалми посветени на мудроста.

Псалм 51 е посветен на утехата која Бог им ја дава на праведниците. Неговите стихови зборуваат:

> Зошто, се фалиш, силнику, со злоба? Беззаконија вршиш по цел ден.
> Јазикот твој погубни работи измислува; како наострен брич ти е – и веќе си смислил измама.
> Ти повеќе ја засака злобата отколку доброто, неправдата, отколку да говориш правда;
> ти, лукав јазику, засака секакви погубни зборови.
> Поради тоа Бог, до крај ќе те уништи, ќе те истргне и ќе те пресели од живеалиштето твое, и коренот твој – од земјата на живите.
> Ќе видат праведните, ќе се уплашат и ќе му се потсмеваат, па ќе речат:
> ете човек, кој не ја полагаше силата своја во надеж на Бога, а се надеваше на големото богатство свое, и кој се осили во лекомисленоста своја.
> А јас, пак, сум во Божјиот дом како плодна маслина и се надевам на милоста Божја во сите векови.
> Вечно ќе Те славам за она што го направи, и ќе се надевам на името Твое, зашто тоа е благо пред светиите Твои.

Овој псалм јасно зборува за борбата против злото. Оние кои прават зло сигурно ќе ги стигне заслужена казна инесреќа. Оние кои се добри и се истакнуваат по своите добри дела Бог ќе ги награди со среќа, слога и разбирање. Тие ќе бидат како плодно маслиново дрво кое има долг живот, сочни плодови и претставува симбол на благословот на Бог.

Псалм 111 говори за милоста. Милоста е едно од најблагородните човекови чувства. Неговите стихови зборуваат:

> Блажен е оној човек, кој се бои од Господа и кому му се мили Неговите заповеди.

[84] Tomič Celestin, „Psalmi – kratak uvod I komentar", Zagreb, 1973, str. 167-168.

Неговото потомство ќе биде силно на земјата; родот на праведните ќе биде благословен.

Слава и богатство ќе има во неговиот дом; и правдата негова ќе преуспева вечно.

На праведните во темнина им изгрева светлина од Добриот и Милостивиот.

Добриот човек е дарежлив и на заем дава; во судот тој уверливо ќе ги потврди зборовите свои;

и никогаш нема да се разниша; праведниот останува во вечен спомен.

Од лоши гласови нема да се уплаши; срцето му е спремно, зашто се надева во Господа.

Срцето му е цврсто: тој нема да се уплаши; кога – годе ќе погледне на непријателите свои.

Тој растура, дава на сиромаси; правдата негова останува вечно; неговиот рог ќе се возвиши во слава.

Грешниот, кога ќе го види тоа, ќе се јадосува, ќе крцка со забите свои и ќе се топи. Желбата на грешникот пропаѓа.

Искажано во едноставна форма се изразува пофално слово за праведноста како извор на мудроста на животот. Праведните луѓе не треба да се плашат кога ќе дојдат тешките денови на несигурност, патила и маки затоа што секогаш ќе најдат утеха во животот.[85]

Псалмот 127 го опишува блаженството во кое ќе се утешат вистински праведните и доблесни луѓе. Неговите стихови зборуваат:

Блажени се оние, кои се бојат од Господа, кои одат по Неговите патишта!

Ти ќе јадеш од плодовите на рацете свои: блазе тебе и добро ќе живееш.

Жената твоја во домот твој ќе биде како лоза плодовита, синовите твои – како новонасадени маслини околу трпезата твоја.

Ете, така ќе биде благословен оној човек, кој се бои од Господа.

Господ ќе те благослови од Сион; и ти ќе ги гледаш добрата ерусалимски во сите дни на твојот живот;

и ќе ги видиш синовите на синовите твои. Мир нека е на Израилот!

Овој псалм ни го покажува во вистинско светло оној човек кој се плаши од Бог и ги следи неговите заповеди. Среќата и

[85] Исто дело, стр. 175.

благосостојбата се неодминлив дел од неговиот дом и неговиот живот.[86]

Псалмот 11 претставува молитва за помош која човекот ја испраќа до Бог. Неговите стихови зборуваат:

> Спаси ме, Господи, зашто не остана праведен, зашто се намалија верните меѓу синовите човечки.
> Суета му кажува секој на ближниот свој; од дволично срце устите зборуваат лага.
> Нека ги истреби Господ сите соблазниви усти и јазик што се возвеличува;
> оние што зборуваат: »Јазикот свој ќе го величаме; устата ни е со нас; кој е господар над нас?«
> »Заради страдањата на сиромасите и офкањата на бедните ќе се кренам сега – вели Господ – ќе го спасам оној, кому сакаат да му напакостат.«
> Зборовите на Господа се зборови чисти, сребро во оган исчистено од земја, седумпати пречистено.
> Ти, Господи, ќе нѐ одбраниш и ќе нѐ запазиш од овој род и довека.
> Нечестивите одат наоколу; според возвишеноста Своја многу си им допуштил на синовите човечки.

Со овој псалм се разграничуваат позитивните особини на човекот како праведноста, побожноста, вистинољубивоста наспроти негативните постапки како што се злобата и зависта. Добрите луѓе го повикуваат Бог да им помогне и да ги заштити од нападите на злото. Лагата и дволичноста не биле непознати уште во старите времиња како најлоши и најнеморални својства на човековиот карактер. За праведните луѓе злобниците се луѓе кои немаат никакво значење. Бог ги заштитува праведните и доблесните од нападите на злото.[87]

Никој не може да се скрие пред лицето на правдата со која Бог носи пресуди. Се испраќа порака да се сака ближниот и да се почитува.[88] Со тоа се навестува новозаветниот морал на богочовекот Исус Христос кој рекол: Сакајте го својот ближен како себе си.

Псалм 93 говори за Бог како праведен судија. Неговите стихови зборуваат:

> Бог Господ е одмаздник Боже на одмаздата покажи се!
> Стани, Судијо на земјава, дај им отплата на гордите.
> До кога грешниците, Господи, до кога грешниците ќе се фалат,

---

[86] Исто дело, стр. 178.
[87] Исто дело, стр. 178-179.
[88] Štanbuk Ivan, „Psalmi – prijevod s izvornika i kratak tumač", Makarska, 1975, str. 329.

мрморат и кажуваат неправда, до кога ќе зборуваат така сите што вршат беззаконие?
Го газат Твојот народ, Господи, и го озлобуваат Твоето наследство;
Вдовица и сирак убија, и придојден убија.
па рекоа: Господ нема да види, ни Бог Јаковов нема да дознае.
Вразумете се, вие што сте безумни! И дали вие, луѓе, некогаш ќе се опаметите?
Оној, Кој го насадил увото нема ни да чуе, и Оној што го поставил окото, нема ли да види?
Оној, Кој ги вразумува народите, и Кој го учи човекот на знаења, зар нема да казни?
Господ ги знае човечките мисли, знае дека се тие суетни.
Блажен е оној човек, кого го казнуваш Ти, Господи, и го поучуваш на Твојот закон.
за да му дадеш мир во лошите денови, додека за грешникот не се ископа гроб!
Зашто Господ нема да го отфрли Својот народ и нема да го остави Своето наследство,
додека правдата не се обрне во суд и по него не се држат сите преви по срце.
Кој ќе се крене за мене против лукавите или кој ќе стои покрај мене против оние што вршат беззаконие?
Да не ми беше помогнал Господ, душата моја брзо ќе се преселеше во адот.
Кога ќе речев: ногата ми сец поколеба, - Твојата милост, Господи не помагаше.
Кога се намножуваа тешкотиите и во срцето мое, Твоите утехи ја развеселуваа душата моја.
Пз зар до тебе ќе се приближи престолот безбожнички, оној што работи спротивно на законот Твој.
Ја ловат душата на праведникот и осудуваат невина крв.
Но Господ е мое прибежиште и Бог мој – сигурност во надежта моја.
Он ќе го сврти врз нив нивното беззаконие, и според злобата нивна ќе ги погуби Господ Бог.

Овој псалм зборува за Бог како праведен судија. Земните богатства се минливи и никој не ги носи со себе во гроб. Затоа ние треба да веруваме во моќта на Бог да носи и спроведува правда на земјата. Луѓето треба да го почитуваат Бог и меѓусебно да се почитуваат. Само така ќе се оствари делотворната етичка порака за

љубов помеѓу луѓето и остварување соживот како основа на човековото достоинство.

За Давидовите Псалми пишувале многу философи и автори во историјата на философијата. Постои и долга традиција на толкување на Стариот Завет помеѓу словенските народи и различните христијански традиции.

Смислата на алегоријата во текстовите на Стариот Завет била истражувана во хеленистичките кругови. Центар на тој вид на алегоризам била александриската катихетска школа. Нејзин главен претставник бил Ориген. Тој го истражува светото писмо сметајќи го за шума од тајни. Можни се толкувања на Светото Писмо на најразлични начини: историски, типолошки, психички, морален.[89] Моралната смисла на списите на мудреците од Стариот Завет е основен предмет на нашиот труд.

Според друг претставник на истата школа Св. Атанасиј Велики Псалмите Давидови содржат посебно чудо: во Псалмите е пресликан целиот живот на човекот, тие ги содржат во себе движењата на човековата душа, како и промените на човековиот дух.[90]

Според Теодор Мопсуетски Псалмите треба да се толкуваат во рамките на историските околности во кои се настанати.[91]

За целите на овој труд најважна е етичката смисла и длабоката практична животна порака која ја испраќаат Давидовите Псалми. Тие треба да претставуваат патоказ за вистинските човекови религиозни, етички и животни вредности како една религиозна аксиологија која човекот треба со голема љубов да ја применува во својот живот и да ја спроведува правејќи добри дела.

[89] Амфилохије, Митрополит, „Историја тумачења Старога Завјета", Јасен, Никшић, 2002, стр. 26

[90] Исто дело, стр. 29.

[91] Исто дело, стр. 31.

# ЧЕТВРТА ГЛАВА

## Книгата Проповедник ( Еклесијаст )

### Воведни сознанија за Библиската Книга за мудроста Проповедник ( Еклесијаст )[92]

Книгата Проповедник чие име означува служба или дело на оној кој е во заедница. Тој го води главниот збор, поучува, „проповеда". Главната идеја на авторот е дека постои променливост и сè е променливо: маката, работата, моќта, богатството, љубовта, животот па и самата мудрост.[93]

Проблемот на трпението е еден од основните проблеми на оваа книга. Болката и страдањето нужно се поврзани со нашата егзистенција и понатаму остануваат неразрешена тајна. Се осудува неизвесното трагање по среќа упатувајќи на „златната средина". Среќата може да се најде само ако имаме разбирање и упорно и истрајно ја бараме. Во духот на библиската традиција било потребно да се истакне дека исклучиво овоземните вредности не можат да му донесат среќа на човекот.[94]

„Проповедник" е име дадено на Книгата во Светото Писмо ( Библија ) која секогаш оди заедно со Соломоновите Изреки. Зборот „проповедник" сепак нема значење да предизвикува собир од јавен тип со говор, туку да го соопштува она што е свечено. Тоа ја сублимира вистината. Соломон како гласник на мудроста прогласува и најавува сериозна вистина. Неговото учење се состои од повеќе делови. Секој човек до некоја мера е суетен или фалбаџија. ( Проп. 1,1 – 11 )

Човековиот живот кој човекот го има на земјата за него е привремен како што се минливи повеќето предмети во природата. ( Проп. 1, 1 – 7 )

Човекот има насочен и непроменлив курс кој тој се обидува да го разбере. ( Проп. 1, 8 – 11 )

Суетатата постои во човековиот приватен живот. ( Проп. 1, 12 – 3, 15 )

Суетата е некој вид човекова мудрост. ( Проп. 1, 12 – 18 )

---

[92] При пишување на овој дел се користени следните дигитални извори:
- www.newadvent.org/cachen/05244b.htm, 06.12.2008, Edited by Kevin Knight.
- www.nccbuscc.org/nab/bible/ecclesiastes/intro.htm, 26.12.2008, New American Bible, 1991, 1986, 1970.
- En.wikipedia.org/wiki/Ecclesiastes, 26.12.2008.

[93] Biblija Stari i Novi Zavijet, Stvarnost, Zagreb, 1969, str. 1207.

[94] Ibid.

Суетата е задоволство и слава. ( Проп. 2, 1 – 23 )

Потоа реторички хиперболизирано се подвлекува заклучокот дека не е добро да се ужива во животните благослови кои Бог ни ги дава. Тоа е остаток од нашите стремежи да имаме корист во употребата на нештата. ( Проп. 2, 24 – 26 )

Како крај на тој дел е дадена проповедта дека сите нешта се непроменливо предестинирани. Субјектот постои во волјата на човекот. ( Проп. 3, 1 – 15 )

Скршнувањето од суетата е исто така присутно во граѓанскиот живот. Суетата искршнувањето од неа постои во животот затоа што неправдата царува во холот на правдата. ( Проп. 3, 16 – 22 ) Тоа е една анахрона состојба во односите помеѓу луѓето.

Еден дел започнува со прашањето: Кој е мудриот човек? Книгата Проповедник дава седум од осумте значајни правила на животот како провидение на вистинската мудрост. Се е предадено на волјата на Бог.
( Проп. 8, 1 – 8 )

Ако вие гледате и сметате дека нема правда на земјата внесете праведна содржина во својот живот. ( Проп. 8, 9 – 15 )

Не се обидувајте да ги решите загатките на животот со помош на човековата мудрост, подобро е едноставно да уживате во благодетите на животот и животот да го водите во согласност со една насока која секогаш не скршнува од ограничувањата кои ги бара Бог. ( Проп. 8, 16 – 9, 12 )

Бог ќе ја бара вистинската мудрост и ќе помогне во нејзино пронаоѓање. ( Проп. 9, 13 – 10, 3 )

Тоа е проследено со повторување на советот кој сами не го даваме како противтежа на нашата мрзеливост.

Книгата Проповедник како што е фактографски утврдено не содржи јавни извори, но сепак е еден обид, есеј кој логички е развиен. Се говори за суетата и многу други нешта. Рефлексиите во проза и афоризмите во стихови се измешани во оваа библиска книга. Во неа е содржано покрај другото и вовед и епилог.

Книгата Проповедник е концепциски развиена со намера да ја испита вредноста на човековиот живот. Додека се признава дека егзистенцијата на божествен план се остварува во човекот, се размислува и за областа во која таа се исполнува надвор од човекот. Човекот бара среќа без било какво исполнување наоколу. ( Проп. 3, 11 – 8, 7 – 17 )

Во Книгата Проповедник е искористен изразот „суета над суетите" за сè што постои под Сонцето. Со таа разлика што мудроста која бара да најде вистинска сличност во доброто меѓу нештата во светот.

Заслугите кои ги добива човекот не допуштаат да се искуси среќа без да се искуси и страдање. Добрата и задоволствата не се од помош. Егзистенцијата на човекот води во монотонија, уживањето е минливо чувство, суетата е присутна и постои, додека темнината полека не следи. Животот според тоа е загатка во која човековиот ум е под нивото за да дојде до нејзино конелно решение.

Се додека според стиховите во Книгата Проповедник е допуштено првенство за човекот да има уживање во вообичаените легално озаконети задоволства тој ќе западне во песимизам и исчезнување. Некогаш разбирањето на оваа грепка како суетност ќе му врати на човекот благодарност кон Бог кој на сите ни дава нешто. Во однос на тој аспект земската мудрост ќе напредува кон повисоко ниво на вистинска духовна мудрост. Оваа вистинска мудрост не може да се најде „под сонцето". Таа се разбира и сфаќа единствено само како светлина на верувањето, заедно со почитта кон Бог. Неговиот конечен суд за владеењето на доброто над злото трпеливо владее со помислите и намерите на човекот. Епилогот на книгата ни дава нишка кон таа мисла. ( Проп. 12, 13 – 14 )

Моралното и етичко учење на Книгата Проповедник е непотполно како и самиот Стар Завет ( Послание на Апостол Павле до Евреите 7, 19 ). Покрај искажувањата за наградата и казната во оваа бибилиска книга се говори и за определени есхатолошки искажувања кои се однесуваат на навестувањето на учењето на Исус Христос како и за Страшниот Суд. ( Подвлекол Х.Б.)

Главниот гласноговорник во Книгата Проповедник во воведот се претставува како „син на Давид кралот на Ерусалим". Тука се содржани лични или автобиографски дела, временски изразени во афоризми и стихови терцени кои го возвеличуваат просветлувањето. Тие изразуваат определени рефлексии за значењето на животот и најдобриот пат во животот. Делото со чувство на емпатија ги прокламира сите активности на човекот кои внатрешно се поврзани со суетата, празнината, значењето, бескорисноста, времeноста и преодноста односно минливоста. Сето тоа зависи од преводот на Библијата со кој се служиме ( за потребите на овој труд е искористен македонскиот превод на архиепископот Г.Г. Гаврил ).

Односот на Бог кон луѓето зависи од нивните дела, нивната мудрост. Грешните луѓе завршуваат во смрт, додека мудрите и праведните бог ги благословува.

Книгата Проповедник е некој тип пофалба на мудроста и има големо значење за подобрување на животот на човекот. Таа преку своите поуки му дава на човековиот живот вечна смисла и вечно значење. Од аспект на таа смисла со тоа се искажува мислење дека оној кој би уживал во едноставните задоволства на дневниот живот

како јадењето, пиењето и уживање во работата и живот со саканата личност сето тоа го добива како подарок од Бог.

Согласувајки се со Талмудот сепак ударната точка на Книгата Проповедник е дека сѐ е залудно под сонцето. Треба да се игнорираат физичките задоволства и да се направи обид да му се даде духовна и морална смисла на животот под сонцето. Тоа е сумирано во следниве зборови: „крај на материјата, сѐ е донесено. Имај страв од Бог и чувај ги Неговите заповеди. Тоа е значајна етичка и религиозна должност на секој човек.

Роберт Горди кој има напишано специјална студија за Книгата Проповедник[95] во која искажува некои сопствени ставови и коментари. Тој смета дека еден аспект содржан во предизвикот да се одгатне жената како човечко суштество е ослободен од колективна интервенција на животот со жената која тој ја одбрал. Жената има улога во зачувување на човековиот род со тоа што е мајка родилка.

Книгата Проповедник ја возвеличува мудроста, искажувајки став дека човекот не треба да дозволи страстите да го совладуваат. Суетата е лоша. Таа е пат кон страстите и кон злото. Човекот треба да ја запознае мудроста препознавајки ја нејзината порака низ околностите во животот во кои тој запаѓа. Човекот треба да го пронајде вистински мудриот и чесен пат на дејствување и човекување. Во таа насока на води Книгата Проповедник.

Оваа библиска книга како и Книгата Соломонови Изреки е производ на старозаветната школа на мудроста. Но сепак таа нема различен карактер и различен изглед од сличните библиски книги на мудроста. Проповедник е книга која поставува прашања кои имаат исти амбиции и исти цели. Се пројавува единственост во литературна смисла. Постои единственост на литературната форма и литературниот израз. Неколку пасуси ја изразуваат верата која се пројавува како главна карактеристика за оние кои веруваат во оваа книга. Истозначноста на јазикот е заштитена низ различните стихови и пасуси од книгата. Се искажува верба во правдата. Животот според оваа книга има свое големо етичко и религиозно значење. Човековата борба за име, репутација, човековата фама и слава, среќата, задоволствата, барањето на мудроста се содржани во оваа книга. Сето тоа има значење низ животот на човекот. Прифаќањето на тезата за континуиран стремеж кон доброто и добро дејствување е една од главните етички пораки на оваа книга.

---

[95] Gordis Robert, "Koheleth, the man and his world: a study of Ecclesiastes, Third Augmented Edition, New York: Schocken Books, 1968. Превземено од дигиталниот извор: The Bible Texts.com edited by Robert Nguyen Cramer.

## Врската на мудриот цар Соломон
## со мудрите поуки
## во Книгата Проповедник

Книгата Проповедник говори за величенственоста на храмот што во чест на Бог го подогнал цар Соломон. Во стих 5,8 се вели: „Човековото орудие ја присвоило славата која му припаѓала на Оној кој » е повисок од највозвишениот «". [96]

Мудриот цар Соломон ја напуштил заедницата со Бог која му носела голема радост за да побара задоволство во телесните уживања. Тој зборува за своето искуство: „Презедов големи работи: си изградив куќи, си насадив лозја, си уредив градини и садници, придобив слуги и слугинки, насобрав сребро и злато како и скапоцености од цареви и области: си доведов пејачки, тоа што ги насладува синовите човечки. И така станав голем и посилен од сите, што пред мене беа во Ерусалим. Што и да сакаа очите мои не им откажував, не му забранував на срцето свое никаква веселба, бидејки срцето мое се радуваше во сиот мој труд. И се обзрнав, та погледнав на сите дела, што ги беа извршиле моите раце, и на трудот, со кој се бев трудел, извршувајки ги. И ете сè беше суета и мака за духот, и немаше од нив полза под сонцето! Потоа се свртев да ги погледнам мудроста, безумството и глупоста: што може да направи човек по царот, посебно од она, што е веќе направено? Го наразив животот и го намразив сето она, за кое се бев трудел под сонцето." ( Проп. 2, 4 – 18 ).[97]

Цар Соломон врз основа на сопственото горко искуство, увидел дека животот кој обременува со земските работи како највозвишено добро, е многу празен. Подигал олтари на незнабожечки богови, но конечно дошол до сознание колку се празни нивните ветувања за спокојство на духот. Ноќе и дење го мачеле темни мисли иму ја вознемирувале душата. За него повеќе не постоела животна радост и душевен мир, и иднината му изгледала очајно темна.[98]

Цар Соломон со благодарност ја признал моќта на љубовта на Оној кој е поголем од највозвшениот" ( Проп. 5,8 ) и почнал да се враќа на онаа височина на чистота и светост од која што толку ниско паднал. Не можел да се надева дека ќе ги избегне поразните последици на гревот, ниту можел да го избрише од своето сеќавање оној развратен живот кој го водел, но срдечно сакал другите да ги

---

[96] Вајт Елен Г. „Пророци и цареви – Историско разјаснување за ропството и обновувањето на Израел", Скопје, 2005, стр. 43.
[97] Исто дело, стр. 48 – 49.
[98] Исто дело, стр. 49.

одврати да не тргнат по истиот пат. Бил подготвен понизно да признае колку грешел и да го крене својот глас во предупредување за другите да не бидат неповратно изгубени под влијание на лошиот пример кој што им го дал.[99]

Соломон признал дека „Човечките срца се полни со зло и дека лудост е во срцата нивни ( Проп. 9,3 ). Тука експлицитно се изразува мислење дека човекот освен добра има и лоша природа во својот карактер.[100]

На друго место се вели: „Бидејки не се врши суд над лоши работи, човечкото срце е наклонето да прави зло. Иако некој грешник врши стопати зло, судот му се одложува. Но јас знам дека ќе им биде добро само на оние, што се плашат од Бога, кои имаат страв пред лицето Негово: а за нечесниот нема да има добро, и како сенка, само кратко време, ќе преуспее оној, кој не се плаши од Бога" ( Проп. 8,11-13 ).

Соломон вдахнат од духот на Бог ја забележал за подоцнежните поколенија историјата на своите упропастени години за да им послужи како поука и опомена. И, така, делото на неговиот живот сепак не било целосно промашување, иако неговиот народ ја ожнеал жетвата на злото од семето кое што тој го посеал. Со кротост и понизност во своите подоцнежни години тој „го учеше народот на мудрост. Тој сѐ испитуваше, изучуваше и остави многу мудри изреки". Тој се трудел да најде убави изреки и точно ги запишал зборовите на вистината. Зборовите на мудреците се како остени и како забиени клинци: зборовите на оние што ги напишаа, дадени се од еден пастир. И така преку ова „синко биди упатен и внимавај" ( Проп. 12,9 – 12 ).[101]

Соломон грижливо и со чувства пишувал за предностите и одговорностите кои што младите ги очекува во службата на Бог: „Слатка е светлината, и пријатно е за очите да гледаш сонце. Ако човек проживее многу години, нека се весели во текот на сите нив и нека си спомнува за темните дни, какви што ќе ги има многу: но сѐ што ќе биде, ќе биде суета! Весели се во младоста своја, момче, и срцето твое да вкусува радост во дните на твојата младост, и оди каде што срцето те влече и каде што очите ти гледаат: само знај, дека за сето тоа Бог ќе те изведе на суд. Отстрани ја лутината од срцето свое и отстранувај го злото од телото свое, зашто детството имладоста се суета!"
( Проп. 11,7 – 10 ). Размислувајки мачно и горко за својот зол живот, Соломон царот на Ерусалим бил присилен да каже: „Мудроста е

[99] Исто дело, стр. 50.
[100] Исто дело, стр. 50.
[101] Исто дело, стр. 51.

подобра од воено оружје, но еден грешник уништува многу добро". „Има зло што сум го видел под сонцето, како грешка што доаѓа од владетелот: неукоста се поставува на голема височина, а богатите седат ниско". „Мртвите муви го усмрдуваат благопријатното масло на мироварецот; истото го прави една мала глупост на уважуван човек за неговата мудрост и чест"( Проп. 9,18; 10,5; 6,1 ).[102]

Меѓу многуте мудри поуки кои ги дава животот на Соломон, најповеќе се истакнува поуката за моќта на влијанието во правец на доброто или злото. Колку и да е ограничен нашиот делокруг, ние сепак вршиме влијание на добро или зло. Без наше знаење и контрола тоа влијание им служи на останатите за благослов или проклетство. Тоа може да биде остварено со мрачно незадоволство и себичност, или затруено смртоносна дамка на некој омилен грев; или пак може да содржи животворна сила на вера, храброст, надеж и сладок мирис на љубов. Така, во секој случај влијанието е добро или лошо.[103]

## Етичката порака и мудрата поука во Книгата Проповедник[104]

Стиховите во Книгата Проповедник содржат најразлични етички и религиозни пораки и поуки. Преку анализа на определени места ќе се осврнеме на некои од нив откривајќи ја нивната смисла и нивното значење.

Стих 1,1 зборува:

Зборови на проповедникот, син Давидов, цар ерусалимски.

Проповедникот како собирач на заедницата со определена намера со симболично име за Соломон. Мудроста зборува низ него и се идентивикува со него.

Стих 1,2 зборува:

[102] Исто дело, стр. 55.
[103] Исто дело, стр. 55.
[104] При составувањето на овој дел земен е во предвид коментарот на А.Р.Фосет превземен од веб – сајтот www.textweek.com/writings/ecclesia.htm и коментарот на Книгата Проповедник во следното издание на Библијата:
- Biblija, Stari i Novi Zavijet, Stvarnost, Zagreb, 1969.

Сует над суетите, вели проповедникот, сует над суетите сè е суета!

Повторување на влијанието на суетата и светото. Суетата не е производ на Бог. Таа е производ на злото.

Стих 1,3 зборува:

Каква е корист за човекот од сите негови трудови, со кои се труди под сонцето?

Корист, каква корист. Трудот произлегува од соодветно дело и соодветно дејствување. Него го има под сонцето, во животот, во иднината. Овој поглед не се наоѓа само во Книгата Проповедник туку и на други места.

Стих 1,4 зборува:

Род еден си заминува, и род друг доаѓа, и земјата си постои секогаш.

Генерациите се менуваат на земјата. Човекот е фатен во мрежата накраткиот престој на земјата. Вечноста е споредбена, но не е апсолутна.

Стих 1,5 зборува:

Сонцето изгрева и заоѓа, и пак брза кон местото свое, од каде што изгрева.

Метафора за минливоста на животот и минливоста на нештата кои постојат под сонцето.

Стих 1,6 зборува:

Ветрот вее кон југ и се врти кон север, се врти, се врти во својот пат и пак ги почнува своите вртења во круг.

Ветерот ги симболизира циклусите на животот. Авторот се повикува на ветровите кои дуваат на тлото на Палестина и Египет.

Стих 1,7 зборува:

Сите реки течат во морето, но морето не се преполнува: тие одново се враќаат кон она место, од каде што потекнуваат, за да течат пак.

И овој стих зборува за минливоста на нештата. Но и покрај сè има нешта кои се непроменливи како што е етичката вредност и мудрост.

Стих 1,8 зборува:

Секоја работа бара труд; човекот не може сè да искаже; окото не се наситува од гледање, ниту увото може да се наслуша.

Овие стихови говорат за циклусите на промена во човековиот живот. Се навестува доаѓањето на Месијата Исус Христос.

Стих 1,9 зборува:

Она што било, пак ќе биде, и она што се правело, пак ќе се прави, нема миштo ново под сонцето.

Нема нов извор на среќа, нештата се повторуваат: задоволствата, грижите, работата, војните. Сè се повторува одново и одново.

Ништо ново под сонцето – многу често повторуван израз. Ја изразува длабочината на философската мисла и постојаноста на физичките закони.[105]

Стих 1,10 зборува:

Иако за нешто се рече: » Види, ете,тоа е ново «; но тоа веќе било во вековите што биле пред нас.

Овој стих се надоврзува на 1,9. За нештата кои одново ги откриваме подоцна се утврдува дека долго време постоеле и биле присутни.

Стих 1,11 зборува:

Нема спомен за минатото, па и за тоа, што ќе биде подоцна.

Човекот брзо паѓа во заборав за сите свои достигнувања.[106] Многу нешта се откриваат како нови затоа што долго време биле скриени од најразлични причини.

Стих 1,13 зборува:

...и го управив срцето свое да истражувам и да испитувам преку мудроста сè, што станува под небото; таа тешка задача им ја даде Бог на синовите човечки, за да се занимаваат со неа...

Овој стих говори генерално за мудроста, мудрото владеење и политиката.

Стих 1,14 зборува:

Ги видов сите работи, што се вршат под сонцето, и ете - сè е суета и мака за духот.

Испитување на можностите да се стори нешто повеќе за време на краткиот престој на земјата. Сите човекови патишта запаѓаат во суета која води во гордост и зло.

Стих 1,15 зборува:

Кривото не може да се исправи, и она, што го нема, не може да се брои.

Човекот го бара вистинскиот пат. Броевите се можните човекови опции со кои се исполнува животот во однос на дејствувањето.

Стих 1,16 зборува:

Си велев во срцето свое: » Еве, јас се воздигнав и се здобив со мудрост повеќе од сите, што беа пред мене над Ерусалим. И срцето мое виде многу мудрост и знаење. «

---

[105] Biblija, Stari i Novi Zavijet, Stvarnost, Zagreb, 1969, str. 1208.
[106] Ibid.

Сите тие над кои Соломон се издигнал се неговите свештеници, судии и два цареви кои се претходници на Соломон. Се изразува контраст со тоа славење на светската мудрост.

Стих 1,17 зборува:

И го управив срцето свое да ја познае мудроста, да ги познае безумието и глупоста; но разбрав, оти тоа е мачно за духот.

Треба да се искаже почит кон мудроста, и да се отфрли безумието и глупоста ( лудоста ). Треба да се разбере разумноста.

Стих 1,18 зборува:

…зашто при големата мудрост големо е и страдањето, и кој умножува знаења, умножува и мака.

Мудроста, знаењето, но не општо земено е одличен начин да се просветли човекот. Различните начини на дејствување се најразлични насоки за запознавање на мудроста и нејзино остварување. Но многу често оној кој најмногу знае и највеќе страда.

Стих 3,1 зборува:

Сѐ има свое време, и секоја работа под небото има свое време;...

Времето и траењето на човековите дела е определено. Бог сѐ води и насочува според определена намена.[107]

Бог суди, благословува или казнува во согласност со човековите дела. Доброро носи добро, а лошото носи лошо.

Стих 3,2 зборува:

…време кога ќе се родиш, и време кога ќе умреш, време кога садиш и време кога го корнеш насаденото;…

Тука се зборува за животот и смртта и улогата на суетата во човековиот живот.

Стих 3,3 зборува:

...време кога се убива, и време кога се лекува; време кога се урива и време кога се гради,...

Се изразуваат различните аспекти на животот и смртта.

Стих 3,4 зборува:

…време кога се плаче, и време кога се урива, и време кога се гради;…

Фарисеите со барање тага надвор од времето, сериозно грешат.

Стих 3,5 зборува:

…време кога се расфрлуваат камења, и време кога се собираат камења; време кога се прегрнуваш, и време кога се одбегнуваат прегратки;…

Да се изгради куќата на духовноста. Човековите дела треба да бидат камења преку кои се гради куќата на мудроста во животот.

[107] Ibid.

Стих 3,6 зборува:

...време кога се добива, и врме кога се губи; време кога се чува, и време кога се растура;...

Човекот треба да ја облагороди својата душа со мудрост. Да прави добри дела исполнувајки се со добрина.

Стих 3,7 зборува:

...време кога се раскинува, и време кога се сошива; време кога се молчи, и време кога се зборува;...

Се зборува за различните сојузи на цар Соломон со различните народи.

Стих 3,8 зборува:

...време кога се сака, и време кога се мрази; време за војна и време за мир.

Омразата и војната се споменати во сличен контекст и во Евангелието по Лука 14,26 и 14,31. Со ова се покажува дека старозаветниот морал е подготовка за новозаветниот морал.

Стих 3,9 зборува:

Каква полза има оној што работи од она, над што се труди?

Овој стих говори за радоста и разочарувањето како составен дел на човековиот живот. Радоста носи среќа, а разочарувањето ни помага да се кренеме од злото.

Стих 3,11 зборува:

Сето она што Он го направил да биде прекрасно во свое време, и го вложи во срцата нивни, но да не може човекот да ги разбере докрај делата Божји што Он ги врши од почетокот до крајот.

Бог го создава поредокот на нештата од нивниот почеток до самиот крај. Човекот има капацитет да ја разбере природата на светот преку мудроста на Бог.

Стих 3,12 зборува:

Разбрав, дека за нив нема ништо подобро, освен да се веселат и да прават добро во текот на животот свој.

Должноста е дар од бога за да стане човекот добар. Исполнувањето на должноста е света морална и религиозна задача. За тоа подоцна во историјата на етиката ќе говорат и истакнатите етичари – моралисти Кикерон и Кант.

Стих 3,13 зборува:

Кога некој човек јаде и пие, и го гледа доброто во секој свој труд, тоа е дар Божји.

Славата на Бог се исполнува преку добриот живот на неговите избраници и почитувачи – луѓето. Тука спаѓаат луѓето кои се

праведни, доблесни, чесни и мудри кои го следат и ги добиваат благодетите од него.

Стих 3,14 зборува:

Разбрав, оти сè, што прави Господ, останува засекогаш; кон тоа нема што да се додава, од тоа нема што да се одзема; а Бог прави така, за да се бојат пред лицето Негово.

Односот на човекот кон Бог е мистичен и исполнет со мистериозност, понизност и светост. Доколку човекот не би бил толку цврсто поврзан со Бог тој би сметал дека е независен од некаков повисок Дух, но не е.

Стих 3,15 зборува:

Она што било, тоа е и сега и она што ќе биде, тоа веќе било, - зашто Бог го враќа она што изминало.

Определени случки во животот на човекот кои тој ги наследил во согласност со поредокот даден од Бог го враќаат во завршен циклус. Сите случувања, промени, постојани нешта се во согласност со промислата на Бог.

Стих 3, 16 зборува:

И уште видов под сонцето: место закон, а таму беззаконие; место правда, а таму неправда.

Овој стих се поврзува со Книгата на пророк Јеремија 12, 1 дека за човекот е потребно место за суд преку кој тој ќе добие вистински, правилен, праведен и непристрасен суд на правдата.

Стих 3,17 зборува:

И си реков во срцето свое: » Праведниот и нечесниот Бог ќе ги суди, бидејки таму има време за секоја работа и суд за секое
дело. «

Солуција на асоцијацијата и проблемот даден во претходниот стих. Божјата правда ќе биде суд за слободната волја и верата на човекот. Дали тој повеќе правел добро или повеќа правел зло. Во зависност од заслуженото ќе следи соодветна награда или казна.

Стих 3,18 зборува:

Си реков во срцето свое и за синовите човечки дека Бог ќе ги испита, и ќе им покаже оти тие самипо себе се животни, ...

Овој стих асоцира на паѓањето на човекот со прввородениот грев. Тој треба да се избави од злото преку правење на добри дела.

Стих 3, 19 зборува:

...зашто сè што се случува со синовите човечки, се случува и со животните, крајот им е ист: како умираат едните, така умираат и другите, и едно е дишењето кај сите, и човекот нема предност пред добитокот зашто сè е суета!

Набљудувањето на доаѓањето на смртта и чинот на самата смрт не дава утеха и надеж. Не само што нема разлика помеѓу смртта на мудриот и лудиот човек, туку нема разлика ниту помеѓу смртта на човекот и животните. Секое живо суштество по смртта се враќа во земјата. Верата во блажена бесмртност сеуште е нејасна. Но на ова место не станува збор за тоа туку за чинот на физичката смрт.[108]

Стих 3,20 зборува:

Сè оди на едно место: сè произлегува од земја и сè ќе се врати во земјата.

И овој стих зборува за христијанското сфаќање на смртта.

Стих 3 ,21 зборува:

Кој знае: дали духот на синовите човечки се качува горе, а духот на животните слегува долу, во земјата.

Човековиот дух не се откажува од добриот пат и добрата насока ниту по одделувањето од телото. Духот го добива судот на Бог според заслугата.

Стих 3,22 зборува:

И така, јас видов оти нема ништо подобро за човекот, освен да се насладува со делата свои, бидејќи тоа е негов дел; зашто, кој ќе го доведе после да го погледа она, што ќе биде по него?

Овој стих говори за ништоста која ја носи смртта и ништоста која произлегува од смртта.

Стих 9,1 зборува:

И сево ова го ставив во срцето свое за да испитам, дека праведниците и мудреците и нивните дела се во рацете Божји, и дека човекот не знае ни за љубов, ни за омраза во сето тоа, што е пред него.

Човекот треба да ја надмине тагата која му ја носи злото со помош на добрата рака на Бог која на праведните и мудрите им ветува добар живот во согласност со моралните и религиозните вредности и вистини исполнувајки го заветот на Бог преку почитување на неговите заповеди.

Стих 9,2 зборува:

За секој и за сите е едно: една судбина за праведен и неправеден, за добар и лош, за чист и нечист, како и оној кој принесува жртви и за оној кој не принесува; како и за добар, така и за грешник; како за оној што се колне, така и за оној што се бои од клетва.

[108] Biblija, Stari i Novi Zavijet, Stvarnost, Zagreb, 1969, str. 1208.

Овој стих изразува некој вид скептицизам, но сепак не алудира на универзалност. На јазикот на Соломон овие стихови се поврзуваат со Проп. 2,14; 3,20.

Стих 9,3 зборува:

Токму тоа е најлошо од сѐ, што се врши под сонцето, дека еден е крајот за сите, па затоа срцето на синовите човечки е полно со зло, и безумие има во срцето нивно додека се живи; а потоа тие умираат.

Овие стихови се поврзуваат со следните стихови во Книгата Соломонови Изреки:

2,18: Домот нејзин води кон смрт, и патеките нејзини кон пеколот;...( стихот се однесува на жена која засладува со зборовите свои. Изреки 2,16 ).

9,18: ...И тој не знае дека поканетите од неа родени на земјата умираат, и дека се во дното на пеколот. Но ти оттргни се, не задржувај се на тоа место, не запирај го погледот свој на неа; зашто само така ќе минеш преку туѓа река. Бегај од туѓа вода и непиј од туѓ извор, за да поживееш многу време и да ти се додадат години на животот.

Стих 4,1 зборува:

Се свртив и ги видов сите неправди, што стануваат под сонцето; и ете , солзите на онеправданите, а утешител немаат; силата е во рацете на клеветниците, а закрилник нема.

Страдањето на луѓето изразено преку овие стихови се поврзува со стих 53,7 од Книгата на Пророк Исаија:

Он беше измачуван, но страдаше доброволно и устата своја не ја отвораше; како овца Он беше одведен на колење, и како што е јагнето пред стрижачите свои безгласно, така и Он не ја отвори устата своја.

Овие стихови се навестување на страдањето на Спасителот на светот Исус Христос и неговата страдалничка смрт на крстот.

Стих 4,2 зборува:

Па си реков: блазе им на умрените, што умреле одамна, отколку на живите, што живеат досега;...

Овој стих зборува за разни аспекти на Божјиот суд, божјат казна како и за покајанието.

Стих 4,3 зборува:

...а поблажен е и од едните и од другите оној, што уште не постои, кој не ги видел лошите работи, што се вршат под сонцето.

Овој стих говори за нешто што се уште не е искусено и не ја видело светлината на денот. Неродените луѓе се во предност што не биле сведоци на човековите неправди и зла.

Стих 4,4 зборува:

А видов исто, дека секој труд и секој успех во работите предизвикува меѓу луѓето заемна завист. Но и тоа е суета и мака за духот.

Среќен е оној човек кој многу копнее, тоа е извор на потиснување на зависта и злобата, тоа е сепак далеку од конституирање на добра врска со Бог.

Стихови 3,5-6 зборуваат:

Глупавиот седи со скрстени раце и го фризе своето сопствено тело.

Подобро една рака во мир, отколку две со труд и мака во духот.

Напорната работа и големото залагање се лудост исто како што е мрзеливоста. Најдобра е златната средина и умереноста во работата.[109]

Мисла со ист став како во горниот стих има искажано и големиот филозоф и научник Блез Паскал во своето дело „Мисли`` во фрагментот 378. Таму се вели: само просечноста е добра.[110]

Стиховите 4,7-8 зборуваат:

Човек осамен, нема друг; нема ни син, ни брат, а пак на сите работи негови крај нема, и очите негови не можат да се наситат со богатство. » За кого, пак, - вели тој – се трудам и ја лишувам од добра душата своја? « Ете, тоа е суета и лоша работа.

Овде повторно се говори за суетата. Оној кој е скржавец не е способен да води сметка за својата залуденост.

Стиховите 4, 9 – 10 зборуваат:

Подобро им е на двајца, отколку на еден, бидејки имаат добра награда за трудот свој. Зашто ако падне едниот, другиот ќе го крене другарот свој. Но тешко на еден, ако падне, ќе нема друг, кој да го крене.

За овие стихови во Талмудот се вели дека човек без пријатели е како левата рака без десната. Пријателството ги јакне социјалните врски.

Стихови 4, 11- 12 зборуваат:

Исто, кога лежат двајца, топло им е; а еден како ќе се згрее? И, ако некој го надвие едниот, тоа двајца ќе го надвасаат, и јажето трипати усукано, нема лесно да се скине.

Тука се алудира на семејството: мажот, жената, децата кои треба да живеат во единство, слога, љубов и хармонија.

Стихови 4, 13 – 14 зборуваат:

Подобар е младич сиромав и умен, отколку цар - неразумен и стар, кој веќе не умее да прима совети; зашто младичот

[109] Biblija Stari i Novi Zavijet, Stvarnost, Zagreb, 1969, str. 1208.
[110] Паскал Блез, „Мисли", Култура, Скопје, 1996, стр. 169.

може да излезе од темнина и да стане цар, иако се родил сиромав во царството.

Овде се зборува каква треба да биде природата на граѓанската власт. Соломон бил пример за мудар и посветен владетел кој мудроста ја применуавал во практикувањето на владеењето со израелското царство.

Стих 4, 15 зборува:

Ги видов сите живи, и сто одат под сонцето, се потпираат на младич што ќе го наследи неговото место.

Се зборува за втората младост на царството на Израел под водство на синот на Соломон, Јеробоам.

Стих 4, 16 зборува:

Број немаше сиот оној народ, што беше пред него, иако подоцнежните нама да му се радуваат. И тоа е суета и мака во духот.

Љубовта кон нови нешта носи добробит за наредните генерации. Новото е секогаш попродуктивно и новите етички идеи се извор на мудроста и стабилноста.

Низ ова критичко разгледување на етичките дострели на одбрани стихови го завршуваме етичкиот профил изразен низ етичките поуки во Книгата Проповедник.

Човекот треба да се насочи кон правилно дејствување и да има чувство за вистинската моралност. Не смее да дозволи да го надвладее суетата, затоа што таа е длабоко вкоренета во светот и во неговата природа. Човекот треба да ја победи сопствената суета со праведност, храброст, разбирање и духовност. Човекот мора да внесе праведна содржина во својот живот ако сака да биде и да остане вистински човек кој го почитува Бог и се почитува себе си како мисловно суштество и суштество на моралот.

Книгата Проповедник во својата длабока порака за мудроста се занимава со човековите вредности како и со смислата и вредноста на човековиот живот. Тоа е една длабока морално – религиозна аксиологија која длабоко навлегува во сферата на моралот како и во оние етичко – аксиолошки определби кои се однесуваат на човековиот живот. На тој начин се истражува и вреднува човековиот живот од аспект на неговото поведение и дејствување и дава насоки за понатамошно човеково втемелување на моралот.

Во оваа библиска книга на мудроста се зборува за односот помеѓу човекот и Бог како посебна димензија на религиозниот морал. Според оваа книга од Стариор Завет Бог суди за луѓето според нивните дела. Оние кои правеле лоши дела одат во смрт, додека праведниците и страдалниците заради доброто имаат вечен живот и се благословени заради суштинската димензија на нивното морално поведение.

Се потенцира улогата на жената во зачувувањето на човековиот род со нејзината улога на мајка родилка и заштитничка на семејството.

Проповедник е книга која го истакнува континуираниот човеков стремеж да биде добар, да се стреми да го постигне доброто, она што се цени и почитува. Преку тој стремеж се изразува една своевидна апологија на доброто изразена преку доброто дејствување, добриот човек, праведниот живот.

Очигледна е поврзаноста на мудриот Цар Соломон со стиховите во Книгата Проповедник, затоа што на почетокот се спомнува дека во неа зборува ,,синот на Давид, цар на Ерусалим". Цар Соломон се уверил во минливоста на животот и земските задоволства. Затоа го насочил својот живот кон мудроста. Тоа е вистинската насока која му овозможила да се покаже како голем етичар и вистински посветен владетел низ улогата на мудар водач.

Соломон порачува човекот да се оттргнува од злото и да се приклонува кон доброто. Тој морален императив подоцна ќе го искаже нашиот голем просветител и етичар Св. Климент Охридски.

Стиховите содржани во Книгата Проповедник содржат длабока анализа на човековите вредности, вистински морален образец за човекот. Тие се израз на длабока библиска мудрост која го осветлува патот на човекот и го насочува да оди по вистинската патека на доброто како суштество на праведноста, доблеста и мудроста.

# ГЛАВА ПЕТТА

## ЕТИЧКИТЕ ПОРАКИ НА ЈЕРЕМИЈА

### Падот на Израел и подемот на Вавилон пред појавата на пророкот Јеремија

Историските околности во кои живеел народот на Израел во Стариот Завет биле многу променливи. Многу цареви и судии се менувале на власт давајќи и на историјата на Стариот Завет најразлични карактеристики.

Променливите историски околности не го одминале ниту појавувањето на пророкот Јеремија. Вавилонците со нивните освојувања ја воздигнале нивната држава завземајќи го главниот град на Асирците, Нинива и напредувале кон Израел.

Во тоа време со Израел управувал царот Јосија кој имал за цел да го врати статусот кој царството го имало во времето на Соломон

и Давид. Но таа намера тешко му успевала во дело затоа што големи биле грешките на неговиот народ, владеело насилство и почитување на најразлични идоли. Царството ја имало изгубено добрата насока во етиката, религијата и политиката која била претходно воспоставена.

Во тоа беззаконие на израелскиот народ му требал нов водач кој ќе одолевал на надворешните и внатрешните неприлики и закани по добриот живот на луѓето.

Царот Јосија немал мудрост идоблест добро да раководи со царството не успевајќи да го надмине злото кое длабоко навлегувало и на внатрешен и на надворешен план.

Вавилонскиот цар Навукодоносор длабоко навлегол со војските на територијата на Израел. Подемот на Вавилон не можел да биде спречен.

По насилната смрт на немоќниот цар Јосија на негово место дошол царот Седекија кој бил слаб и непостојан[111] во сопствените одлуки.

Седекија бил предупреден од пророкот Јеремија дека доаѓаат лоши денови за цасрството на Израел, но тој немал слух за доблеста, мудроста и етичката порака на пророкот Јеремија.

Колебливиот и неистрајниот крал Седикија бил во остра полемика со пророкот Јеремија околу појавата на најразличните пророци со лажен ореол на пророштво кои се појавувале во тоа време. Нивните застапници биле непријателски насочени кон Јеремија.

Слабоста на кралот Седикија одела во прилог на противниците на пророкот Јеремија со што се зголемувало неговото страдање, но и неговата важност како голем пророк кој длабоко ги задолжил луѓето со етичката порака со која покажал дека само луѓето кои страдаат се достојни да го понесат големиот етички товар на мудреци и мудри пророци.

## Етичката порака на пророкот Јеремија проследена со неговото големо страдање

Пророкот Јеремија живеел во променливи политичко – историски околности. Роден е како син на свештеник од родот на Бенјамин. Тој по својата природа бил скромен и кроток, така што

[111] Lujič Bozo, „Iskustvo Boga i čovijeka u Jeremijinoj knjizi", Krščanska sadašnjost, Zagreb, 1985, str. 35.

немал особени предиспозиции за да биде голем пророк. Сепак неговиот живот исполнет со многу бурни настани проследени со неговото страдање на личен и колективен план го зборува спротивното.

Јеремија живеел повлечен и мирен селски живот[112] се до моментот додека не станал пророк кој започнал да проповеда и да го води народот укажувајќи му на грешките и лошите дела.

Пророкот Јеремија бил остар критичар на лошите дела на народот, на идолите околу храмовите и недостојните култови кои биле распространети помеѓу луѓето.

Заради тој свој став Јеремија бил длабоко понижуван и отфрлан со што се зголемило неговото страдање.

Јеремија живеел и дејствувал во историски период кој претставувал пресвртница во историјата на Стариот Завет. Тој со својата мисија која е насочена кон доброто на луѓето докажува дека напорите на Бог за да се изгради човекот спред добрината што ја има не се залудни.

За пророчката мисија на Јеремија говорат стиховите 1,4 – 10 од Книгата на Пророкот Јеремија:

> И би до мене слово Господово:
> »Пред да те обликувам во утробата, Јас те познав, и
> ти пред да излезеш од утробата, те посветив: те поставив за пророк над народите.«
> Јас пак одговорив: »О, Господи Боже, не умеам да говорам, зашто сум уште млад.«
> Но Господ ми рече: »Не вели: - млад сум; - зашто до сите, до кои ќе те испратам, ќе одиш, и сѐ, што ќе ти заповедам, ќе кажеш.
> Не плаши се од нив; зашто Јас сум со тебе, за да те избавам«, рече Господ.
> И ја протегна Господ раката и се допре до устата моја; и ми рече Господ: »Ете, Јас ги ставив Моите зборови во устата твоја.
> Гледај, Јас те поставив денес над народи и царства, за да искоренуваш и разурнуваш, да погубуваш и да разурнуваш, да ѕидаш и да насадуваш.«

Јеремија во текот на целиот свој живот херојски ја водел борбата против сопствените слабости. Благодарение на судот на Бог и милоста на Бог која тој ја примил успеал да стане голем пророк

[112] Tomič Celestin, „Veliki proroci", Zagreb, 1987, str. 117.

соочувајќи се со сите добри и лоши околности кои се појавувале во неговиот живот.[113]

Бог го ставал пророкот Јеремија пред секакви искушенија за да ја испита неговата пророчка моќ, етичка мудрост и етичка доблест. Во стиховите 1, 1-15 од Книгата на Пророкот Јеремија се става на проверка пророчката моќ на Јеремија:

> И пак слово Господово до мене: »Што гледаш, Јеремиј?« Одговорив: »Гледам гранка од бадемово дрво.«
> Господ ми рече: »Добро гледаш; зашто Јас бдеам над Моето слово, за да се изврши тоа скоро.«
> И по вторпат би слово Господово кон мене: »Што гледаш?« Одговорив: »Гледам котел што врие, а отворот му е спрема север.«
> И ми рече Господ: »Од север ќе навлезе злото над сите луѓе што живеат над земјата.
> Зашто, ете, Јас ќе ги свикам сите племиња на себерните царства – вели Господ – и тие ќе дојдат, и секој ќе го постави престолот свој при влезот на ерусалимските порти, околу сите ѕидишта негови и во сите јудејски градови.

Со овие стихови Бог го повикува Јеремија за пророк и му ја навестува задачата која тој ќе ја исполни. Се покажува дека тоа што го пророкува Јеремија е блиско до тоа што наредува Бог.

Јеремија продолжува да го прекорува народот заради лошите дела откривајќи му ги патиштата на доброто, вистината и мудроста на Бог. Но сепак народот не е подготвен за таква голема задача. Тој ги отфрла советите и препораките на Јеремија негирајќи ги неговите способности и одбивајќи ја пораката која ја носат неговите зборови.

За време на животот на Јеремија четири кралеви се смениле во Израел: Јосија, Јоаким, Елијаким и Јоахаз. Напорите на овие кралеви да воспостават чекор со времето и да го заштитат народот од страдање како што сакал пророкот Јеремија ќе останат залудни. Царот Навукодохосор тропал пред портите на Израел со своите бројни војски.

Јеремија ги критикувал лошите дела и постапки на царот Јојаким кои го поткопувале суверенитетот на царството и допринесувале за страдањето на народот. Со цел да застане на страната на доброто Јеремија доживува големи страдања. За тоа зборуваат стиховите 26, 12 – 16 од Книгата на Пророкот Јеремија:

---

[113] Tomič Celestin, „Veliki proroci", Zagreb, 1987, str. 118.

> И им рече Јеремија на сите кнезови и на сиот народ: »Господ ме прати да пророкувам против овој дом и против овој град со сите зборови што ги чувте;
> па така, исправете ги патиштата и делата ваши и послушајте го гласот на Господа, вашиот Бог, и господ ќе го одмени злото, што го изрече против вас.
> А што се однесува до мене, еве, јас сум во ваши раце; правете со мене, што сметате дека е добро и право;
> само знајте добро, дека ако ме убиете, ќе земете невина крв врз себе и врз овој град и врз жителите негови, оти навистина Господ ме прати при вас да ви ги кажам на ушите ваши сите овие зборови.«
> Тогаш кнезовите и сиот народ им рекоа на свештениците и на пророците – овој човек на потпаѓа под смртна пресуда, затоа што тој ни зборува во името на Господа, нашиот Бог.

Предупредувањата кои Јеремија ги искажувал до народот и оние кои владееле со него дека доколку не се оттргнат од патот на злото ќе дојде уште поголемо зло почнале да стануваат реалност. Тоа е изразено на повеќе места во стиховите на Книгата на Пророкот Јеремија. Едно од тие места се наоѓа во стиховите 9, 17 – 21:

> Така вели Господ Саваот: побарајте и повикајте да дојдат тажачки; испратете да дојдат вешти жени за таа работа.
> Нека побрзаат и да заплачат заради нас, та од очите наши да се лејат солзи и од клепките наши вода да тече.
> Затоа што глас од плач се слуша од кај Сион: »Како нè ограбија, лошо сме посрамени, бидејќи ја оставаме земјата – ни ги разрушија куќите.«
> П така, слушајте го, жени, словото од Господа и да внимава увото ваше на словото од устата Негова; и учете ги ќерките свои на плач, и една со друга – на тажни песни.
> Бидејќи смртта влегува преку прозорците наши, се впушта во куќите наши, за да ги истреби децата од улиците и малдежта од плоштадите.

Се изразува тага и жалење за големите страдања кои му биле нанесени на народот. Народот не можел да се одбрани од нападот на

непријателите иако Јеремија на сето тоа укажувал. Тоа се случило како последица на лошите дела и несопирањето на злото.

Јеремија преку својот плач и молитва го повикува својот народ да се оттргне од стегите на злото. Длабоко и силно е страдањето на Јеремија заради плжбата во која се наоѓал тој и неговиот народ. Во стихови 18, 1 – 11 е изразена длабоката порака која Бог преку пророкот Јеремија ја упатува до својот народ:

> Слово Господово што дојде до Јеремија:
> стани и слези во домот на грнчарот, и таму ќе ти ги кажам зборовите Мои.
> Слегов во домот на грнчарот, а тој ја вршеше својата работа на тркалото.
> Садот, пак, што го правеше грнчарот од глина, се растури во рацете негови. Но тој одново направи од него друг сад, како што му падна на ум да направи.
> И би слово Господово до мене:
> доме Израилев, не можам ли да постапам со вас како овој грнчар, рече Господ. Ете, како што е глината во рацете на грнчарот, тоа сте и вие во рацете Мои, доме Израилев.
> Понекогаш, велам Јас за некој народ или царство, дека ќе го искоренам, ќе го згазам и погубам;
> но ако тој народ, врз кого сум го изрекол тоа се поврати од лошите свои дела, Јас го одлагам злото, што сум намислил да го направам.
> А понекогаш велам за некој народ и некое царство дека ќе ги подигнам и дека ќе ги зацврстам;
> но, ако тој народ врши зло пред очите Мои и не го слуша гласот Мој, ќе го одменам доброто, со кое сум намислил да го дарувам.
> П така, кажи им на луѓето Јудини ина жителите ерусалимски: вака вели Господ – еве, јас ви подготвувам зло и смислувам нешто против вас; затоа повратете се секој од својот лош пат и исправете ги патиштата свои и постапките свои.

Со оваа порака Бог го предупредува народот преку пророкот Јеремија дека ако не го отфрли лошиот пат по кој тргнал ќе го снајде големо зло. Главната причина за големото страдање на Јеремија била положбата во која се наоѓал неговиот народ. Тој бил длабоко загрижен за иднината и судбината на својот народ.

Својата духовна положба и својата голема мака Јеремија ја опишува во стиховите 20, 7 – 13 од Книгата на Пророкот Јеремија:

Господи, Ти ме вовлекуваше, и јас сум вовлечен; Ти си посилен од мене и ме победи, а јас секој ден станувам за потсмев, секој се шегува со мене.

Затоа, штом ќе почнам да зборувам, зборувам за насилство, зборувам за разорување, бидејќи словото Господово стана за мене поруга и секојдневен потсмев.

Па се сетив: нема веќе да спомнувам за Него, ниту ќе зборувам во Негово име; но во срцето како да имам распален оган, затворен во коските мои, и се измачував да го задржам – но не можев.

Бидејќи слушнав шепотење од мнозина, закана – од секаде: кажете, велеа тие, и ние ќе го обвиниме.

Сите, што живееја со мене во мир, сега ме демнат, нема ли некаде да погрешам: »можеби, велат, тој ќе се улови, и ние ќе го победиме и ќе му се одмаздиме.«

Но со мене е Господ како страшен јунак; затоа моите гонители ќе се сопнат и нема да ме победат; многу, многу ќе се засрамат, оти постапуваат неразумно; срамот ќе биде вечен, нема никогаш да биде заборавен.

Господи на силите, Ти го испитуваш праведникот и ја гледаш утробата и срцето негово. Дозволи да ја видам одмаздата Твоја над нив, зашто Тебе Ти го доверив делото свое.

Пејте Му на Господа, фалете го Господа, зашто Он ја спасува душата на бедниот од рацете на злодејците.

На ова место Јеремија изразува голем стремеж да не отстапи пред нападите на непријателите на патот кон доброто и изразува силна верност кон Бог кој му ја дал мисијата на пророк и му ја доверил таа голема задача. Страдањето не успева да го помати умот на Јеремија кој останува верен на својата задача да се бори за доброто на својот народ.

Изразува верба дека Бог нема да го напушти својот народ туку ќе му помогне полесно да ги надмине страдањата. Тоа е изразено во стиховите 14, 7 – 9; 14, 17 од Книгата на Пророкот Јеремија:

И ако нашите беззаконија сведочат против нас, но Ти, Господи, постапи со нас заради името Твое; големо е нашето отстапништво, згрешивме пред Тебе.

> Надеж Израилева, Спасителе негов во зло време! Зошто си како уморен човек, како јунак што нема сила да спасува? А и покрај сето тоа, Господи, Ти си меѓу нас и името Твое се призива од нас. Не оставај нè!
> Па кажи им ги овие зборови: нека се лијат солзи од очите мои дење и ноќе и нека не престануваат, оти со голем пораз, сотежок удар е поразена девојката ќерката на мојот народ.

Јеремија била изложен на најразлични напади од новопојавените лажни пророци кои го заведувале народот со нивните вешти измами. Но сепак Бог застанал во одбрана на пророкот велејќи му дека тој секогаш ќе биде со него и во добрите и во лошите моменти. Во стиховите 15, 16 – 21 од Книгата на Пророкот Јеремија се искажува пораката која Бог му ја испратил на Јеремија и неговите пофални зборови:

> Ги најдов зборовите Твои и ги проголтав; Твоето слово ми беше за радост и веселба на срцето мое; оти името Твое е призивано врз мене, Господи Боже Саваот.
> Не, на совет со подбивачи и не сум се веселел: под Твојата тешка рака врз мене седев сам, бидејќи Ти ме беше исполнил со негодување.
> Зошто е толку долготрајна болката моја, и раната моја е толку неизлечива, оти не се подавам ли на лекување? Зар Ти ќе бидеш за мене како лажлив извор, како неверна вода.
> Затоа, вака рече Господ: ако се обратиш, ќе те поставам пак на нозе и ќе стоиш пред лицето Мое; и, ако извлечеш скапа работа од ништо, ќе бидеш како Мојата уста. Тие сами ќе се свртуваат кон тебе, а ти нема да се обрнуваш кон нив.
> И за тој народ ќе те направам силен бакарен ѕид; тие ќе војуваат против тебе, но нема да те победат, бидејќи Јас сум со тебе, за да те спасувам и да те избавувам, вели Господ.
> И ќе те спасам од рацете на лошите и ќе те избавам од рацете на насилниците.

Најразличните напади кон Јеремија биле проследени со потсмев[114] и очекувале негов недостоен одговор какви што биле и

[114] Елен Г. Вајт „Пророци и цареви", Скопје, 2005, стр. 285.

тие. Но големиот пророк покажал етичка доблест не одговарал и не подлегнувал на искушенијата.

Јеремија заедно со својот другар големиот пророк Даниил застанале во одбрана на праведноста во тие бурни времиња. Нивната верба во семоќниот Бог се повеќе се засилувала и успевале да ги надминат тешкотиите справувајќи се со предизвиците.

Непочитувањето на праведноста од страна на народот и неговите водачи внесувале се поголем гнев[115] кај Јеремија проследен со страдање и борба за вистината, мудроста и добрината.

Но сепак следбениците на злото не се покајале и издејствувале Јеремија да биде затворен. Така Јеремија ја губи слободата и насилно му се одзема правото и должноста која ја имал како пророк испратен од Бог да го брани вистинското човеково постапување.

Војските на вавилонскиот цар Навукодоносор се повеќе напредувале, царот Седекија морал да се потчини на неговото воздигнување на воен и општествен план. Јеремија бил ослободен од заточеништво, но морал да го продолжи животот како роб во Вавилон заедно со многу негови современици кои го сочинувале царството на Израел.

Народот со носталгија се сеќавал на среќните времиња од владеењето на Давид и Соломон. Тагата по слободата и загубеното царство била голема.[116]

## Философските и етичките карактеристики на дејствувањето на пророкот Јеремија

Потребно е да се испитаат философските и етичките карактеристики на животниот пат на пророкот Јеремија разгледани преку етичка анализа на неговите дела и дејствување. Тој живеел за време на владеењето на царот Јосија и неговите синови Јоахаз, Јојаким и Седекија.

Пророкот Јеремија живеел во турбулентно време и многу променливи историски околности. Тој бил сведок на пропаста на царството, разорувањето на Ерусалим и заробеништвото на народот во Вавилон[117]

Јеремија бил сведок на трагедијата која го затекнала народот и тешките околности за живот за време на Вавилонските напади. Тој имал етчко – религиозна функција на оратор и пастир на народот

[115] Исто дело стр. 291.
[116] Исто дело стр. 311.
[117] Dr Škrinjar Albin „Veliki I mali proroci Staroga Zavijeta", Zagreb, 1972, str. 17.

водејќи го низ сите искушенија кои се појавувале пред тогашниот човек на индивидуален и колективен план.

Царевите морале да се потчинат на новиот суверен кој со своите освојувања ја добил територијата на која тие живееле. Тоа бил вавилонскиот цар Навукодоносор кој своето кралство го зацврстил и проширил во тие времиња.

Во книгата Плач Јеремиин стихови 4, 17 – 4, 20 е опишана положбата на неговиот народ за време на освојувањата на туѓинците:

> Очите ни се веќе истоштени, очекувајќи залудо помош; од нашата стражарска кула чекавме народ, кој не можеше да нè спаси.
>
> А тие демнеа на стапките наши, за да не можеме да одиме по улиците наши; нашиот крај наближува, деновите наши се исполнија; крајот ни дојде.
>
> Оние, што нè гонеа, беа побрзи од орлите небески; по горите нè гонеа, ни поставуваа заседи по пустињите.
>
> Духот на нашиот живот, помазаникот Господен, уловен е во нивните јами; оној за кого велевме – под сенката негова ќе живееме меѓу народите.

Голема била љубовта на Јеремија кон народот кој тој го претставувал. Бранејќи го моралот и вистинските религиозни и човечки вредности тој влегол во судир со своите современици.[118]

Јеремија говори и за идното воспоставување на Новиот Завет, новиот сојуз, го најавува доаѓањето на Месијата Исус Христос во стиховите 31, 31 – 34 од Книгата на Пророкот Јеремија:

> Еве настапуваат дни, вели Господ, и ќе склучам со домот Израелев и домот на Јуда нов завет.
>
> Не онаков завет, каков што склучив со татковците нивни во денот, кога ги фатив за раце, за да ги изведам од Египетската земја; тој Мој завет тие го нарушија, иако останав во сојуз со нив, вели Господ.
>
> Но еве го заветот, што ќе го склучам со домот Израилев по оние дни, вели Господ: ќе го вложам Мојот закон во утробата нивна и ќе го напишам во срцата нивни, па Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ.

[118] Исто дело стр. 18.

И нема повеќе да учат еден за друг, брат брата да зборуваат: »познајте го Господа«, оти сите тие, од мал до голем, сами ќе Ме знаат, вели Господ, бидејќи ќе им ги простам беззаконијата нивни, и за гревовите нивни нема веќе да се сеќавам.

Со овие стихови јасно се упатува на доаѓањето на новото време со Новиот Завет како ера на нова етика на праведност, разбирање и љубов која ќе се воспостави во новото време. Со таа порака христијанството се развивало и на темелите на Стариот Завет со негова трансформација бил воспоставен новиот етички однос на човекот кон Бог и кон самиот себе како суштество на моралот.

Во глава 31 има уште неколку места на кои се зборува за Новиот Завет. Тие се претставени со стиховите 31, 10 – 14; 31, 23 – 25:

31, 10 – 13: Чујте го народи, словото Господово и разгласете го по островите далечни и разгласете го по островите далечни и кажете: Оној што го расеа Израилот, Он и ќе го собере и ќе го пази како што го прави тоа пастирот со своето стадо;
оти Господ ќе го откупи Јакова и ќе го избави од рацете на оној, кој беше посилен од него.
И тие ќе дојдат и ќе се радуваат на сионските височини, и ќе се стрчаат кон добрата Господови, кон пченицата, виното и елејот, кон јагнињата и воловите; и душата нивна ќе им биде како вода и веќе нема да се измачуваат.
Тогаш девојката ќе се радува на оро, а и младите и старите заедно; и тагата нивна ќе се претвори во радост, ќе ги утешам и ќе ги зарадувам по нивната болка.
31, 23 – 25: Така вели Господ Саваот, Бог Израилев: во иднина, кога ќе ги вратам робовите нивни, тие по земјата на Јуда и во неговите градови ќе го кажуваат овој збор: »Господ нека те благослови, живеалиште на правдата, света горо!
И ќе се насели во неа Јуда и сите негови градови заедно, земјоделците и оние што пасат стада.
Бидејќи јас ќе ја напојам изморената душа и ќе ја наситам секоја малаксана душа.

Во горните стихови има пофалба на страдалниците кои ќе добијат правда и нивното страдање ќе биде резултат на нивната голема моралност. Јуда е еден од основачите на родовите во Стариот

Завет син на Јаков. Во времето на Давид и Соломон тоа име било синоним за царството.

Етичката и религиозната улога на пророкот Јеремија е голема. Со својот страдалнички животен пат тој се пројавил како голем етички водач на народот на кому му бил посветен. Царевите не биле доволно доблесни во тие турбулентни времиња, затоа Јермија како голем пророк посветен на Бог со своето дело ја извршил етичката мисија на заштита на човекот и се покажал како негов голем поттикнувач кон вистинска етичка акција и вистинско етичко промислување.

## Книгата Плач Јеремиин и нејзината етичка порака[119]

Оваа библиска книга го изразува големото страдање кое човекот го доживеал во времето на пропаста на царството на Израел кога Вавилонците биле најсилни во таа област на земјата. Преку изложување, анализа и коментар на некои стихови од оваа книга ќе се објасни нејзиното етичко значење.

> 1,7: Се присетува Ерусалим во деновите на својата беда и на своите страдања за сите свои убавини, што ги имаше во поранешните дни, а сега пак народот падна од непријателска рака, и нема кој да му помогне; непријателите гледаат на него и се смеат на неговите саботи.

И покрај големите страдања не се заборава својата етичка порака за мудрост и разбирање. Тоа е наследство од славните времиња на Израел кога царуваа Давид и Соломон. Неопходно е да се задржи нивната силна етичка порака и етичката насока кон доброто која тие ја утврдија без разлика на големите маки и страдања.

> 1,12: Нека не ве снајде ова сите вас, кои врвите по патот. Погледајте и видете – има ли болка каква што е мојата болка, која ме постигна, каква што Господ ја испрати врз мене во денот на Својот пламенен гнев?

Тука се изразува положбата на Ерусалим и неговите жители кои покрај големите страдања успеале да нјдат утеха во посветеноста кон Бог и да ја добијат неговата милост.

[119] Во овој дел се искористени коментарите на Адам Кларк од веб – сајтот http://www.preceptaustin.org/lamentations_commentaries.htm консултиран на 02.05.2009.

1, 16: Заради тоа јас плачам: окото мое, солзи лие, зашто далеку е од мене утешителот, кој би ја живеал душата моја; синовите мои пропаднаа, бидејќи непријателот ги надвладеа.

Овој стих ја изразува тагата на Јеремија за страдањата на неговиот народ и неговите современици под ударите на непријателот.

1, 18: Праведен е Господ, зашто не му се покорував на словото Негово. Чујте сите народи, и погледнете ја мојат болка; момите мои и момчињата мои отидоа во ропство.

Се оплакува судбината на човекот кој ја губи слободата и паѓа под ропство на туѓиот освојувач. Лошата состојба и страдањето можеби е резултат на лошиот морал на некои луѓе кои ја отфрлале пророчката порака на Јеремија дека не е добро тоа што го прават.

2, 8: Господ реши да ја разруши карпата на ќерката Сионова, оптегна јаже, не ја одврати раката своја од разрушувањето; ги сосипа надворешните тврдини, и ѕидовите беа заедно со нив разрушени.

Овие стихови говорат за разрушувањето на Ерусалим од страна на Вавилонците. Големо било страдањето на народот кој бил протеран од престолнината на сопственото царство. Ќерката на Сион најверојатно го претставува народот.

Целата трета глава од книгата Плач Јеремиин ја опишува состојбата во која Јеремија поминал голем дел од животот. Ги претставува неговите големи искушенија низ кои тој поминувал како сведоштво за неговата голема етичка задача на морален водач на својот народ. Стиховите на оваа глава јасно ја опишуваат положбата на Јеремија и народот чиј водач бил тој:

Јас сум човек, кој видов мака од жезалот на Неговиот гнев;

Он ме поведе и воведе во темнина, а не во светлина.

Он се обрна само против мене и цел ден ме биеше со раката Своја;

го сплеска телото мое и кожата моја, ги здроби коските мои;

ме загради и ме опколи со горчила и маки;

ме постави на темно место, како одамна умрените;

ме огради со ѕид, за да не излегувам, ми направи тешки вериги;

и, кога викав и пискав, ја задржуваше молитвата моја;

со камења ги прегради патиштата мои, ги искриви патеките мои.
Он стана за мене како мечка во заседа, како лав на скришно место;
ги искриви патиштата мои име раскина ме уништи;
го затегна лакот Свој и ме постави како цел за стрела;
ги прострела бубрезите мои со стрели од торбата Своја.
Станав потсмев за сиот народ мој, негова секојдневна песна.
Ме презасити со горчила, со пелин ме напои;
со камен ми ги скрши забите мои, со пепел ме покри.
Избега мирот од душата моја; заборавив за добри работи
и реков: ја снема силата моја и надежта моја од Господа.
Помисли на моето страдање и на мојата мака, за пелинот и за жолчката.
Душата моја силно се сеќава на тоа и отпаѓа в мене.
Еве што му одговорив на срцето мое и поради тоа имам надеж:
по милоста на Господа не загинавме наполно, бидејќи милосрдието Негово не е пресекнато;
тоа се обновува секое утро; верноста Негова е голема!
Господ е дел мој, ми вели душата, па така на Него ќе се надевам.
Добар е Господ кон оние, кои се надеваат на Него, кон душа, која Го бара.
Добро му е на оној, кој трпеливо го очекува спасението од Господа.
Добро е за човекот да го носи јеремот свој во младоста своја.
Сам ќе седи и ќе молчи, бидејќи Господ му го ставил бремето на него.
Нека ја допре устата своја до земјата, можеби утре има надеж.
Го подава образот свој на оној, кој бие, да трпи навреди до презаситување,

бидејќи Господ не отфрла за навек.
Пратил ли неволја, Он и ќе се смилува според Својата голема милост.
Зашто Он не по волјата на Своето срце ги казнува и ги огорчува синовите човечки.
Но кога ги газат со нозете сите затвореници на земјата,
кога неправедно го осудуваат човека пред лицето на Севишниот,
кога го притеснуваат човека во неговата работа: зар Господ не гледа?
Кој вели - »бива и она што Господ не заповедал да биде?«
Зар не доаѓаат и злото и доброто од устата на Господа?
На што се жалат живите луѓе? Секој за гревовите свои?
Да ги испитаме и да ги истражиме патиштата свои и да се обрнеме кон Господа.
Нека го подигнеме срцето свое и рацете свои кон Бога, кој е на небесата.
Ние згрешивме и се противевме, Ти не нè поштеди.
Ти се облече со гнев и нè прогони, нè умртвуваше, и не нè жалеше;
Ти се сокри во облак, за да не достигне молитвата наша;
Смет и гнасотија нè направи меѓу народите.
Ги отворија устите широкот против нас нашите непријатели.
Ужас и јама, пустош и разорение – тоа е делот наш.
Потоци солзи лее окото мое за погибелта на ќерката на мојот народ.
Окото ми се прелива и престанува затоа што нема одмор
сè додека Господ не погледне милостиво и види од небесата.
Окото мое е причина да страда душата моја заради сите ќерки на мојот град.
Постојано се силат непријателите мои да ме уловат како птичка без никаква причина.

Го фрлија во јама животот мој и ме засипаа со камења.

Водата се подигна над главата моја; па си реков - »загинав.«

Го призвав името Твое, Господи од јамата длабока.

Ти го чу гласот мој; не прикривај го увото Свое од мојата воздишка и од мојот плач!

Ти се приближуваше, кога ќе повикав кон Тебе, и велеше – не бој се!

Ти го заштитуваше, Господи, делото на мојата душа; го откупуваше мојот живот.

Ти го гледаш, Господи, моето притеснување; пресуди го делото мое.

Ти ја гледаш сета одмазда нивна, сите намери нивни против мене,

зборовите на оние, што станувааат против мене секој ден.

Погледај, седнат ли, станат ли, јас сум песна за нив.

Се говори за просперитет, славење на Бог, најразличните чувства кои го обземале пророкот Јеремија како и за неговото расположение. Пророчките предупредувања на Јеремија се обвистиниле и луѓето биле сведоци на голема промена која водела кон страдање и тешки искушенија. Но и покрај тоа не се изгубила верата во доброто, дека ќе има подобри денови кога моралот ќе биде посилно изразен во животите и делата на човекот.

Се бара спас во милоста на Бог и неговата добрина како семоќен и праведен оценувач на човековите постапки. Интелигибилната димензија суштествувањето ќе го засили моралот на човекот преку неговиот однос кон животот и ќе доведе до промена на лошата состојба како резултат на човековата доблест да одолее на искушенијата кои се појавуваат пред него.

# ШЕСТА ГЛАВА

## ЕТИЧКАТА МУДРОСТ ВО ПОУКИТЕ НА ИСАИЈА, ЕЗЕКИИЛ, ДАНИИЛ

### Етичката порака и мудрата поука содржани во Книгата на Пророкот Исаија

Како увод кон етичкото разгледување на Книгата на Пророк Исаија ќе дадеме преглед на содржината на оваа библиска книга за што ќе се послужиме со согледувањата на одличниот познавач на јудејско – христијанската традиција Олег Мандиќ.

Исаија бил роден во аристократско семејство и претставува еден од најпознатите, а според многумина најпознат пророк на Стариот Завет. Неговата книга според повеќе познавачи како Олег Мандиќ, Целестин Томиќ, Адалберт Ребиќ, Андре Како, Мирча Елијаде, Марко Марулиќ и Јерко Бакатин е поделена на три дела: Прото – Исаија, Деутеро – Исаија и Трито – Исаија. Кон првиот дел спаѓаат 1 – 39 глава, кон вториот дел спаѓаат 40 – 56 глава, додека кон третиот дел спаѓаат 57 – 66 глава.

Пророкот Исаија живеел во времето кога царството на Израел било во искушение на конфронтација со Вавилон, Асирија и Египет. Проркот Исаија имал голема улога во зацврстувањето на единството на народот. Делот Прото – Исаија говори за растот на асирската моќ како и за пророштвото за Спасителот Емануел кој ќе биде роден од девица.[120] Вториот дел Деутеро – Исаија говори за подобрувањето на состојбата на народот во Палестина, додека третиот дел Трито – Исаија говори за спасението како општа тема.[121]

Од биографските податоци кои за пророкот Исаија ги наведува христологот Јерко Бакатин познато е дека тој имал два сина. Тој бил од многу скапоцена племенска лоза и пророчката активност ја обавувал во време на политички спротивности и превирања.[122]

Временскиот распон на дејствувањето на Пророк исаија бил околу половина век. Посебна улога тој дава на праведноста како значајна етичка доблест за добар живот на човекот во неговата етичка сфера на дејствување. Пророкот Исаија живеел во времето на владеењето на царот Езекија кога силно била изразена борбата на народот на Израел за самоопределување. Потребно било да се

[120] Mandič Oleg „Leksikon judaizma i krščanstva", Matica Hrvatska, Zagreb, 1969, str. 212.
[121] Ibid.
[122] Bakatin Jerko „Posebni uvod u Stari Zavijet", Zadar, 1962, str. 235 – 236.

издели народот на Израел од соседните народи Моавци, Едомци, Хетити, Сиријци, Еѓипќани, Тирци, Етиопјани.

Пророкот Исаија го повикува народот да биде со чиста мисла и здрав разум кога е во прашање соседниот Египет со кого израел бил во долга конфронтација.

Значењето на Пророк Исаија е големо. Затоа Целестин Томиќ со право вели дека тоа што претставува Соломон помеѓу мудреците, тоа е Исаија помеѓу пророците.[123]

Како резултат на лошото владеење и неприсуството на доблест народот доживува големи страдања. Тоа е опишано во стиховите 3, 1- 15 од Книгата на Пророк Исаија:

> Ете, Господ, Господ Саваот ќе го одземе од Ерусалим и од Јуда жезалот о помошта, секоја поткрепа во леб и вода,
> храбар водач и војник, судија и пророк, јасновидец и старец,
> петдесетник и големец, советник, мудар уметник и вешт гатач.
> Ќе им дадам момчиња за началници, и деца ќе владеат над нив.
> А во народот еден ќе угнетува друг, и секој својот ближен; момче бесрамно ќе се прави голем пред старец и простак – пред големец.
> Тогаш човек ќе се фати за братот свој, во челдта на татка си свој, и ќе рече: »Ти имаш облека, биди ми водач, и овие урнатини нека бидат под твоја рака.«
> А тој со клетва ќе рече: »Не можам да ги излекувам раните на народот; и во мојата куќа нема ни леб, ни облека: не правете ме водач на народот.«
> Така пропаднал Ерусалим, и падна Јуда, зашто јазикот нивни и делата нивни се пред очите на Господа, навредливи пред очите на Неговата слава.
> Изразот на лицето нивно сведочи против нив, а за гревот свој тие кажуваат отворено, како содомците, не кријат: тешко на душата нивна! Сами на себеси навлекуваат зло.
> Кажете му на праведникот: »Блазе му, зашто тој ќе ги јаде плодовите на делата свои;

[123] Tomič Celestin „Veliki proroci", Zagreb, 1987, str. 11.

> а на беззаконикот – тешко нему, оти ќе име отплата за делата на рацете свои.
> Притеснители на Мојот народ се децата, и жени владеат над него. Народе Мој, твоите водачи те довлекуваат до заблуда и го растуриле патот по кој одиш.«
> Се крене Господ на суд – и стои, за да им суди на народите.
> Господ влегува во суд со старешините на Својот народ и со неговите кнезови: вие го опустошивте лозјето; ограбеното од сиромасите е во вашите куќи.
> »Зошто го притеснувате народот Мој и ги угнетувате сиромасите?« вели Господ, Господ Саваот.

Избегнување на злото и апологија на доброто е основната порака на овие стихови. Многу векови подоцна нашиот голем моралист и етичар Свети климент Охридски ќе го даде тој став како наш најголем категорички императив. Праведниците ќе бидат наградени, а оние кои немаат доблест ќе пропаднат заради своите недела.

Во седмата глава од Книгата на Пророкот Исаија се говори за Синот Човечки кој ќе биде роден од девица и ќе биде наречен Емануел. Него го опишуваат стиховите 7,13 – 16 од Книгата на Пророк Исаија:

> Тогаш Исаија рече: »Слушајте, пак, доме Давидов! Зар ви е малку тоа што им дотежнувате на луѓето, па сакате да му дотежнувате на мојот Бог?«
> Затоа Самиот Господ ќе ви даде доказ: ете, Девица ќе зачне и ќе роди Син, и ќе Му го дадат името Емануел.
> Тој ќе се храни со млеко и мед, додека да се научи да го отфрла лошото и да го избира доброто.
> Зашто, пред доенчето да се научи да го отфрла лошото и да го избира доброто, оваа земја, од која ти се плашиш, ќе биде оставена од двајцата цареви.

Светоста на навестувањето проследена со симболичкото име на новиот цар Емману – ел што значи ,,Бог е со нас" како и особеностите кои пророкот ги придодава на тој цар не упатуваат на мислењето дека станува збор за некоја посебна личност која ќе има големо влијание за судбината на целиот Израел, која ќе биде нов цар или Месија. Девицата се поврзува со Евангелието по Матеј 1, 23

каде што тој израз се применува за Марија, мајката на Исус Христос. Така ова пророштво се толкува од аспект на Новиот Завет и целата христијанска традиција.[124]

Исаија се пкажал како голем водач на народот за што се говори во стиховите 9, 2- 8 од Книгата на Пророк Исаија:

> Народот, кој оди во темнина, ќе види голема светлина; врз овие што живеат во земјата на смртната сенка ќе болсне светлина.
> Ти ќе го умножуваш народот, ќе ја зголемиш радоста негова. Тој ќе се весели пред Тебе, како што се веселат за време на жетва, како што се радуваат при делење на плен.
> Зашто јаремот, кој му тежеше, и жезлото, што го поразуваше, и стапот на неговиот угнетувач – Ти ќе ги скршиш, како денот на Мадијама.
> Оти секоја војничка обувка во време на војна и облека, извалкана од крв, ќе бидат предадени на изгорување, за храна на огнот.
> Зашто Младенец ни се роди – Син ни се даде; а власта е нарамењата Негови, и ќе Го наречат: Советник, Чудесни, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот.
> Неговата власт и мирот бескраен ќе растат врз престолот на Давида и во царството негово, за да го утврди Он и да го зацврсти преку суд и правда отсега па довека. Тоа ќе го направи ревноста на Господа Саваота.
> Господ му испраќа слово на Јакова, тоа слегува врз Израилот.

Се повикува народот да се птпре на селата на Бог и да не потклекнува пред тиранијат на внатрешните и надворешните поробувачи кои се обидуваат да го уништат единството на моралната свест и да ја поколебаат силната вера во Бог.

Пророк Исаија бил голем поборник на надминувањето на јазот помеѓу богатите и сиромашните и бил голем борец за социјална правда.
Бил убеден дека финансиските залихи на царството на Израел треба да бидат насочени кон подеднакво добро на сите луѓе и на целиот народ.

Пророк Исаија го употребува лозјето како метафора за царството на Израел. И како што лозјето расте, се развива и дава

[124] Biblija, Stari i Novi Zavjet, Stvarnost, Zagreb, 1969, str. 1217.

убав плод така и царството нас Израел ќе даде плод на добрината, мудроста, праведноста и доблеста. За тоа се говори во стиховите 5, 1 – 7 од Книгата на Пророк Исаија:

> Ќе му ја запеам на мојот Возљубен Неговата песна за лозјето негово. Мојот Возљубен имаше лозје на врвот од плодороден рид;
> Тој го огради и го исчисти од камења, насади во него одбор од лозови прачки, изгради кула во средината негова, направи големи крбли; очекуваше да роди добро грозје, а тоа роди диво грозје.
> Па сега, жители ерусалимски и мажи Јудејци, пресудете меѓу Мене и Моето лозје.
> Што уште требаше да направам за Моето лозје и не го направив? Зошто, очекував принос од добро грозје, тоа даде диво грозје?
> Сега ќе ви кажам што ќе направам со лозјето Свое: ќе ја иставам оградата, и тоа ќе биде опустошено; ќе му ги разрушам ѕидиштата, и ќе биде газено:
> ќе го оставам да запусти: нема ни да го режат, ни да го копаат, - ќе обрасне во трње и боцки, ќе и мзаповедам на облаците да не истураат дожд врз него.
> Лозјето на Господа Саваот е домот Израилев, а луѓето на Јуда – негова љубена градина. И чека Он правосудие, но ете – крвопролевање; чека правда – а ете пискот.

Развојот на царството на Израел ќе минува низ добри и лоши моменти, напредок, прогрес и уништувања, време на тешкотии и маки и време на блаженство и среќа. Во сите тие моменти моралистите и духовните водачи во чиј ред спаѓа Пророк Исаија ќе бидат со народот за да му ја покажат вистинската насока и цел во однос на дејствувањето во животот.

## Етичката мудрост и морална етичка поука во Книгата на Пророкот Језекиил

Пророкот Језекиил бил свештеник по вокација. Во основата на неговите дела и согледувања лежат ставовите дека „Бог е силен” и „Бог дава сила”.[125] Овој голем пророк го подготвува народот на

[125] Dr Škrinjar Albin „Veliki i mali proroci Staroga Zavjeta”, Zagreb, 1972, str. 31.

Израил за подобра иднина и живот во прогонство. Го повикува народот за да се оттргне од злото и да ита кон доброто. Неговите пророштва покрај тоа што се однесуваат на оттргнување од злото, тие говорат за конкретни места и настани како на пр. пропаѓањето на градот Тир.

Пророкот Језекиил извршувал најразлични проповеди, но покрај пророчката активност на план на дејствувањето, тој на приватен план бил женет и имал деца.

Неговата книга е составена од повеќе пророштва кои требало да се случат во определен временски период. На крајот се дава визија дека големиот храм во Ерусалим повторно ќе биде изграден со целата негова величенственост која ја имал во старите времиња.

Според пророкот Језекиил човекот треба да се обидува да го избегнува гревот и да живее во хармонија со ближните луѓе и да искажува послушност на Бог.

Многу често Језекиил се обраќал на народот, го советувал, му кажувал како да напредува во доброто и како да се бори против злото.

Бог го повикал Језекиил да биде негов пророк. Тоа е искажано со стиховите од втората глава на Книгата на Пророк Језекиил:

> Такво беше видението на сјајот од подобието на славата Господова. Кога го видов тоа, паднав ничкум и го чув гласот на Оној, Кој ми зборуваше, и Он ми рече: »Сине човечки, стани на нозе, и Јас ќе говорам со тебе.«
> И влезе во мене Дух, ме зеде и ме подигна и ме исправи на нозете мои, и Го чув Оној, Кој ми говореше.
> Тогаш Он ми рече: »Сине човечки, Јас те праќам при Израелевите синови, при непокорни луѓе, кои се побунија против Мене; тие и татковците нивни Ме изневеруваа Мене дури до денешниов ден.
> Тие се синови со огрубено лице и со жестоко срце; при нив те праќам и ти ќе им кажеш – вака вели Господ Бог.
> Дали ќе те послушаат или нема да те послушаат, бидејќи тие се дом отстапнички – но нека знаат дека меѓу нив имало пророк.
> А ти, сине човечки, не бој се од нив и не плеши се од нивните зборови, зашто ќе се разбеснат и ќе те навредуваат од сите страни; меѓу нив ќе живееш – како меѓу трње и скорпии; не бој се од зборовите

нивни и не плаши се одлицата нивни, зашто тие се дом отстапнички;

и кажувај им ги зборовите Мои – па слушале тие или не, бидејќи се тие непокорни.

А ти, сине човечки, чуј што ќе ти кажам: не биди како тој отстапнички дом; отвори ја устата и изеди го она што ќе ти го дадам.«

И видов, ете, протегната рака спрема мене, и во неа – книжен свиток.

И Он го разви пред мене, а свитокот беше напишан одвнатре и однадвор, и на него беше напишано: плач, жалост и офкање.

Овие стихови јасно говорат за односот и врската која Језекиил ја воспоставил со семоќниот Бог при што бил предупреден дека ќе биде дочекан со одбивање. Дека нема сите веднаш да го прифатат и дека ќе страда за да го донесе народот во вистински добра и доблесна состојба.

На крајот се говори за страдањето.

Односот на пророкот Језекиил со Бог со кој што тој го избрал за свој пророк е опишан во стиховите 3, 10 – 21 од Книгата на Пророк Језекиил:

И ми рече: »Сине човечки, сите зборови Мои што ти ги кажувам, прими ги во срцето свое и слушај ги со ушите свои;

стани, па оди при изгонетите, при синовите на твојот народ, зборувај им и кажи им – вака вели Господ Бог – па послушале ли тие, или не.«

И Духот ме воздигна; а зад себе чув голем грмотевичен глас: - »Благословена е славата на Господа од местото негово!«

А слушнав и шум од крилјата на оние животни, што се допираа едно до друго, како и шум од тркалата од нив, а и звук од силен гром.

Тогаш Духот ме подигна и ме понесе. И дојдов огорчен, со нажален дух; но крепката рака Господова беше над мене.

И дојдов при робовите во Тел Авив, при оние кои живееја при реката Ховар, и се задржав таму и поминав при нив седум дена, чудејќи се.

А кога заминаа седумте дена, дојде до мене словото Господово:

»Сине човечки, Јас те поставив како стража на домот Израилев, и ти ќе го слушаш словото од устата Моја, и ќе ги вразумуваш од името Мое.

Кога ќе му речам на беззаконикот: ,Бездруго ќе умреш!, а ти не го вразумиш и не зборуваш, за да го запазиш беззаконикот од неговиот грешен пат, за да биде жив, - тогаш тој беззаконик ќе умре во беззаконието свое, но крвта негова јас ќе ја барам од рацете твои.

А, ако го опоменеш беззаконикот и тој не се откаже од беззаконието свое и од грешниот свој пат, беззаконикот ќе умре во беззаконието свое, а ти ќе си ја спасиш душата своја.

И, ако праведник отстапи од правдата своја и постапи грешнички, кога Јас ќе му ставам сопка, и умре, ако не си го предупредил, тој ќе умре поради гревот свој, и нема да му се примаат праведните дела, што ги направил; но крвта негова ќе ја барам од твоите раце.

Ако го опоменеш праведникот, за да не греши, и тој не згреши, тогаш и тој ќе биде жив, затоа што си го предупредил и ти ќе си ја спасиш душата своја.«

Овој дел говори за праведноста на избраниот од бога човек и паднатоста на тој што станал заробеник на злото. Стиховите имаат и есхатолошки елементи зборувајќи за наградата за праведниот и казната за грешниот. Добриот не треба да подлегне на искушението на злото додека лошиот треба да ги надмине своите грешки преку добри дела.

Во еден друг дел се говори за судбината на прежив еаниот народ на Израил кој ќе падне во ропство. Стиховите 12, 1- 12 од Книгата на Пророк Језекиил најдобро ја изразуваат таа положба:

И би слово Господово до мене:

»Сине човечки, ти живееш среде отстапнички дом: тие имаат очи да гледаат, а не гледаат; имаат и уши да слушаат, но не слушаат; затоа што се тие дом отстапнички.

А ти, сине човечки, приготви си сè што е потребно за преселување и сред бел ден пресели се пред очите нивни, пресели се од твоето место во друго место, пред очите нивни; можеби, тие ќе разберат, макар што се дом отстапнички.

> И работите твои изнеси ги како работи потребни за преселување, дење пред очите нивни, и сам излези вечерта пред очите нивни, како тие што излегуваат за преселување.
> Пред очите нивни пробиј си отвор во ѕидот и изнесувај низ него.
> Пред очите нивни земи си го товарот свој на рамо, па во приквечерина изнеси го, подзскриј го лицето свое, за да не ја видиш земјата; затоа што Јас те поставив за знак на домот Изралилев.«
> И извршив како што ми беше заповедано; работите нужни при преселувањето ги изнесов дење, а вечерта прокопав со вратата отвор во ѕидот и во темнината го изнесов товарот, и го кренав на рамо пред очите нивни.
> Утредента рано би слово господово до мене:
> »Сине човечки, не му кажа ли ти на домот Израилев, домот отстапнички – што вршиш?«
> Кажи: »Јас сум знакот а вас; она што го вршам јас, тоа ќе биде и со нив, при преселувањето, во ропство ќе одат тие.
> А началникот, што е меѓу нив во темнина, носејќи ме на рамо, ќе излезе. Ѕидот ќе го пробијат за да го изнесат низ него; тој ќе го сокрие лицето свое, така што со очите свои нема да ја види оваа земја.

Положбата на народот била тешка по запаѓањето во вавилонското ропство. Со овие стихови сака да се искаже таа положба по која малку луѓе ќе останат да живеат на земјата.

Крајот на Книгата на Пророк Језекиил зборува за новиот ерусалим и новиот храм кој ќе бидат воспоставени во некое време на обнова на духот на народот под водство на мудри водачи. За тоа се зборува во главите 39 – 44 од Книгата на Пророк Језекиил. Преку одбрани делови ќе го илустрираме ова последно пророштво на пророкот Језекиил.

Новиот подем на Ерусалим е опишан преку новиот храм. За тоа се говори во поглавјето 40 од Книгата на Пророк Језекиил:

> Стихови 40, 1 – 11: Во дваесет и петтата година по нашето преселување, во почетокот на годината во десеттиот ден од месецот, во четиринаесеттата година по разурнувањето на градот, во овој ист ден беше раката Господова врз Мене и Он ме поведе таму.

Во виденијата Божји ме заведе Он во земјата Изралилева и ме постави на многу висока планина, и на неа од кај југ се гледаше нешто како изграден град.

Ме поведе таму, и, ете, маж еден, кој изгледаше како светол бакар, а во неговата рака ленена врвка и трска за мерење, и тој стоеше пред портите.

И ми рече тој маж: »Сине човечки, гледај со очите и слушај со ушите и сето ова земи го при срце, ова што ќе ти го покажам, бидејќи ти поради тоа и си доведен овде, за да ти го покажам тоа; за сè што ќе видиш, извести го домот Израилев.«

И ете, имаше ѕид околу храмот, а во раката на тој човек трска за мерење од шест лакти, а лакот беше по лакот и дланка, и го измери тој храмот, една трска широчина иедна трска височина.

Потоа отиде кај портите, кои беа поставени спрема исток, се искачи по стапалата нивни и измери дека едниот праг од портата беше една трска широчина, а другиот праг пак една трска височина.

И секоја околна соба беше по една трска долга и по една трска широка, а меѓу собите имаше пет лакти и прагот на портите во тремот зад портите беше пак една трска.

Го измери тој тремот зад портите – пак една трска.

А тремот пред портите – осум лакти, и столбовите два лакта. Тој трем пред портите беше отстрана на храмот.

Собите од источната страна кај вратите беа три од едната страна и три од другата страна; една мерка имаа столбовите од едната и од другата страна.

Ги измери тој отворите на вратите – тие беа по десет лакти широки, а должината нивна – тринаесет лакти...

Со деталниот опис на идниот голем храм завршува Книгата на Пророк Језекиил. Последното негово пророштво го најавува обновувањето на храмот кој во тие стари времиња имал голема религиозна функција за заедницата преку која се условувале нејзините етички карактеристики во сферата на сакралното делување.

Мудрите поуки и
етички пораки
во Книгата на Пророкот Даниил

Пророкот Даниил по своето дело и својата етичко – религиозна вдахновеност има свои сопствени особености. Тој значително се расзликува од останатите големи пророци според начинот на кој ги соопштувал своите пророштва.

Пророштвата на Даниил имаат врска со мистиката и окултизмот затоа што тој имал способност за толкување на соништа и на сон му се јавувале некои визии кои биле инкорпорирани во неговите пророштва. Пред да извршиме мала анализа на овие својства на пророштвата на Даниил ќе кажеме некои општи карактеристики.

Давид живеел кога веќе била зацврстена империјата на вавилон поточно во времето на владеењето на цар Навукодоносор.

Вавилонското царство во тоа време го имало својот врв и било најсилно царство во Југоисточна Азија заедно со Персија, Арабија и Египет кој делумно се протегал во Азија, делумно во Африка.

Даниил полемизирал со мудрите луѓе на своето време и имал влијание во државните и политички работи на Вавилон. Се одликувал со моќ и способност да толкува симболи[126] и други различни нешта кои имале мистичност, скриеност и скриено значење.

Анализата на пророштвата на Даниил ќе ја започнеме со анализа на глава 2 од Книгата на Пророк Даниил во која се навестува подемот и падот на Александар Македонски. За тоа пишува и хрватскиот познавач на јудео – христијанската традиција Олег Мандиќ. Толкувајќи го сонот што го сонил царот Навукодоносор, Даниил индиректно зборува за тој подем и пад.

> Стихови 2, 28 – 45: Но на небесата има Бог, Кој открива тајни; и Он ќе му открие на царот Навукодоносор сè што се збидне во последните денови. Твојот сон и она што го видела главата твоја на твоето легло, е ова:
>
> Ти царе, не леглото свое си мислеше што ќе се случи после, и Оној Кој открива тајни, ти покажа што ќе се случи.
>
> А мене таа тајна ми се откри, не за да бидам помудар од сите живи, туку за да му биде откриена

[126] Dr Škrinjar Albin „Veliki i mali proroci Staroga Zavjeta", Zagreb, 1972, str. 41.

на царот смислата, и за да ги узнаеш мислите на срцето свое.
Твоето видение, царе, е вакво; ете некаков си голем, огромен беше тој лик, стоеше пред тебе во голема светлина, и погледот му беше страшен.
Главата натоја лик беше од чисто злато, градите и рацете од сребро, додека стомакот и бедрата негови беа бакарни.
Потколениците железни, а нозете дел железни, дел глинени.
Ти го гледаше, додека еден камен не се откачи од планината сам, удри во идолот, во неговите железно – глинени нозе и го скрши.
Тогаш заедно сѐ се раздроби: железото, глината, бакарот, среброто и златото станаа како прав на летно гумно; ветрот ги однесе, и трага од нив не остана, а каменот што го разби идолот стана голема планина и ја исполни целата земја.
Ете, тоа е сонот, а сега да кажам пред царот што означува тој.
Ти царе, цар над царевите, кому небесниот Бог му подарил царства, власт сила и слава.
И во рацете твои ти ги предал сите човечки синови, каде и да живеат тие, сите ѕверови земни и птици небески ги поставил за господар над сите нив, - ти си таа златна глава.
По тебе ќе се крене друго царство, помало од твоето, а и трето царство, бакарно, ќе владее над целата земја.
А четвртото царство ќе биде цврсто како железо; оти како железото што троши и дроби сѐ, ќе дроби и ќе уништва.
А тоа што си ги видел нозете и рстите на нозете направени дел од грнчарска глина и дел од железо, тоа царство ќе биде разделено и во него ќе остане само нешто од цврстината на железото, бидејќи си видел железо, измешано со грнчарска глина.
И како што прстите на нозете беа дел од железо, а дел од глина, така и царството ќе биде делум силно,
а делум слабо.
А она, пак што си видел железо, измешано со грнчарска глина, тоа значи дека тие преку

човечкото семе ќе се измешаат, но нема да се слеат едно со друго, како што железото не е слеано со глината.

И во деновите на тие царства небесниот Бог ќе подигне царство, кое нема да се разруши никогаш, и тоа царство нема да биде предадено на друг народ; тоа ќе ги победи и разруши сите царства, а само тоа ќе остане вечно.

Бидејќи ти виде дека каменот што падна од планината сам, го раздроби железото, бакарот, глината, среброто и златото. Великиот Бог му даде на царот да разбере што ќе се случи потоа. И верен е тој сон и точно е неговото толкување!

Со оваа алегорија во Книгата на Пророк Даниил тајно се опишуваат соседните царства: нововавилонското, персиското, мидиското и македонското под водство на Александар Македонски. Македонското царство по смртта на Александар ќе се подели на Птоломеиди во Египет и Селевкиди во Сирија. Со меѓусебни брачни врски ќе се обидат да го задржат и зацврстат единството.[127]

Пророкот Даниил откако го протолкувал сонот на цар Навукодоносор и самиот сонил сон во кој му се прикажале четирите царства за кои тој претходно дал толкување. Тоа е прикажано во глава 7 од Книгата на пророк Даниил. Стиховите 7, 1 – 7 и 7, 17 - 25 зборуваат:

7, 1 – 7: Во првата година на Валтазара, вавилонскиот цар, Даниил виде сон и пророчки виденија во главата своја врз своето легло. Тогаш тој го запиша тој сон, откако го забележа главното.

И почна да зборува Даниил, па рече: »Видов во ноќното свое видение, а таму, четири небесни ветра се бореа над големо море,

и четири големи ѕвера излегоа од морето, секој поинаков од другиот.

Првиот беше како лав, но со крилја орлови: гледав додека не му ги искубаа крилјата и потоа беше кренат од земјата, се исправи на нозете како човек и му се даде човечко срце.

И ете, уште еден ѕвер, втор, сличен на мечка, стоеше од едната страна и имаше три ребра во устата негова, меѓу забите; нему му беше речено ова: »стани и јади многу месо!«

[127] Biblija Stari i Novi Zavjet, Stvarnost, Zagreb, 1969, str. 1224.

Потоа видов, пак, уште еден ѕвер, како леопард; на грбот имаше четири крилја на птица, и четири глави имаше тој ѕвер, и му беше дадена власт.

Потоа видов од ноќните виденија и ете, четврти ѕвер, страшен и ужасен и многу силен; имаше големи железни заби; тој јадеше и здробуваше, а остатоците ги газеше со нозете; тој се разликуваше од сите поранешни ѕверови, и имаше десет рогови.

7, 17 – 28: »Овие големи ѕверови, четири на број означуваат дека четири цара ќе се издигнат од земјата.

Потоа, светиите на Севишниот ќе го земат царството и ќе владеат со него и во веки веков.«

Тогаш замолив точно објаснување за четвртиот ѕвер што се разликуваше од сите и што беше многу страшен, со железни заби и бакарни нокти изедуваше и трошеше, а остатоците ги газеше со нозете,

И за десетте рогови што беа на неговата глава и за другиот што се појави, пред кој паднаа трите, за оној ист рог, на кој имаше очи и уста што зборуваа гордо и како да стана поголем од другите.

Видов како тој рог водеше борба со светиите и надвиваше,

додека најпосле не дојде Старецот по определени дни и судот беше даден на светиите од Севишниот, па настапи време светиите да го завладеат царството.

Освен тоа тој рече: »Четвртиот ѕвер го означува четвртото царство што ќе постои на земјата, различно од сите царства и што ќе ја изеде целата земја, ќе ја гази и ќе ја измачува.

А десетте рогови значат дека од тоа царство ќе се кренат десет цареви и потоа ќе се појави друг, поинаков од поранешните и ќе ги покори трите цара.

И против Севишниот ќе зборува и ќе ги угнетува светиите на Севишниот; дури ќе си помисли да ги измени времињата нивни и закони, па и тие да бидат предадени во раката негова за време и за времиња и за половина време.

Во овие стихови првиот ѕвер – лавот е Вавилон, вториот ѕвер – мечката е Персија, третиот ѕвер – леопардот е Македонија на

Александар Македонски, додека најстрашниот ѕвер е Римското Царство.[128] Уште во тие стари времиња Даниил предупредувал за етичките, политичките и религиозните искушенија кои можат да станат дел од човековата иднина претворена во сегашност како предизвик за борбата помеѓу доброто и злото.

## ЗАКЛУЧОК

Списите на Стариот Завет кои зборуваат за мудроста и етиката носат длабока етичка порака. Тие претставуваат ризница од идеи кои имаат големо етичко значење. Тоа претставува врвен дострел на старозаветната мудрост и етика. Книгата Битие, која претставува прв дел од Библијата зборува за создавањето на светот и човекот. Во списите кои говорат за прататкавците на човековиот род се обработени животот и делото на првите луѓе кои живееле на земјата. Први од нив се Адам и Ева кои не ги послушале наредбите на Семоќниот Бог и го направиле прародителскиот грев. Со тој чин тие пробале плод од дрвото на познанието на доброто и злото. За да не станат бесмртни Бог ги казнил со протерување од рајот и големи маки. Нивните синови Каин и Авел завршиле неславно. Каин чувствувал голема завист кон својот брат и го убил. Тоа било првото убиство во човечката историја. Бог сепак им дозволил на Адам и Ева да добијат уште еден син на кого му ставиле име Сит. Со тоа добро дело на Бог бил продолжен животот на човечкиот род.

Аврам, Исак и Јаков биле наследници на Сит. Бог му приредил големи искушенија на старецот Аврам. По наредба на Бог тој морал да го жртвува својот еднороден син Исак. Сепак не се случил тој чин и Аврам бил поштеден пред да го убие својот син.

Искушенијата на Јосиф во Египет кои се опишани во книгата Битие содржат длабока етичка порака и голема мудрост. Тој со божја помош успеал да ги надмудри своите браќа кои му завидувале и сакале да го убијат. Сепак победила правдата и настанало помирување помеѓу Јосиф и неговите браќа.

Клучна личност на Стариот Завет е Мојсеј кој е автор на Десетте Божји заповеди и тој претставува голема личност во човечката историја. Дестте Божји заповеди се поделени така што првите пет се однесуваат на Бог, а преостанатите зборуваат за односот на човекот кон другите луѓе.

[128] Smit Urija „Danilo i otkrovenje", Biblioteka „Vesnik", Beograd, 1979, str. 81 – 86.

Царот Соломон бил голема етичка личност и моралист кој широко ја практикувал животната мудрост. Го изградил величенствениот храм во градот Ерусалим. Љубезно ја прифатил Савската кралица. Напишал преку 1000 мудри изреки кои до ден денес носат длабока мудрост и голема етичка поука. Соломон ја разрешил кавгата помеѓу двете мајки кои си ги замениле новороденчињата. Соломон мудро пресудил и наредил да се убие едното новороденче. На тоа вистинската мајка остро се спротивставила и со тоа покажала дека тоа е нејзино дете. Така Соломон уште еднаш покажал дека е голем мудрец и достоинствен цар.

Давид бил татко на Соломон. Тој направил од еврејската држава големо царство кое се проширило на многу страни. Со големо херојство и храброст го победил Голијат кој бил негов голем противник. Така станал цар и успеал да направи големо добрина за својот народ и својата држава. Тој знаел да свири на лира и ги напишал Давидовите псалми. Во нив се истакнува славата на Семоќниот Бог. Тие изобилуваат со стихови во кои се длабоко се искажува човековата посветеност кон Бога. Постојат различни водови на псалми. Има повеќе видови на песни – псалми кои се одликуваат со најразлични карактеристики.

Збирката од морални ставови Еклезијаст која во Библијата се нарекува Проповедник содржи приказ на човековите карактерни особини. Во нив се зборува за суетата, минливоста на нештата, присутноста на некои стари мудрости како и за смртта. Прикажани се радоста и тагата како човекови особини и даден е став дека се сè враќа во се како некој вид на повторување на нештата.

Пророкот Јеремија претставувал голем страдалник на човечкиот род кој се застапувал за доброто на својот народ. Во тоа време еврејската држава била под опсада на Вавилонците преводени од царот Навукодоносор. Но тоа не била главната причина за големото страдање на пророкот Јеремија. Постоеле и внатрешни несогласувања со неговите сонародници кои сакале да го уништат него и неговото големо дело кое носи етичка порака. Јеремија бил затворен и одведен како роб во Вавилон каде трагично го завршил својот живот.

Пророците Исаија, Језекиил и Даниил биле големи предводници на идеите за моралот и мудри моралисти. Пророкот Исаија слично како и Пророкот Јеремија бил страдалник кој бил застапник на религиозниот морал и етика како образец за човековото дејствување. Многу големо значење имаат фактите кои сведочат дека Исаија бил најголем предвесник на Спасителот на светот Исус Христос кој претставува најзначајна личност во јудејско –

христијанската религиозна и етичка традиција. Пророкот Језекиил бил голем предвесник на идниот подем на Еврејскиот народ. Тој искажувал пророштво во кое се изразува надеж во иднината. Смета дека иднината на Еврејсиот народ ќе биде посветла наспроти турбуленциите кои постоеле во времето кога тој живеел. Пророкот Даниил толкувајќи ги сонштата на еден цар поробувач кој во тоа време владеел со Израел успеал да види дека четири големи држави ќе доживеат голем подем.

Старозаветните мудреци претставувале и денес претставуваат големи свидетели за етичката мудрост која потекнува уште од стари времиња и носи длабока етичка порака и поука. Тие се уште претставуваат референтен образец за големата мудрост која човекот ја носи во себе уште од најстарите времиња.

БИБЛИОГРАФИЈА:


Амфилохије, Мирополит, „Историја тумачења Старога Завета", Јасен, Никшић, 2002.

Armstrong, Karen, „Mystery of the ages", Serbian edition, 1985.

Bakatin, Jerko, „Posebni uvod u Stari Zavijet``, Zadar, 1962.

Biblija Stari I Novi Zavijet, Stvarnost, Zagreb, 1969.

Блекхо, Х.Џ. и др. „Растежот на идеите", Култура, Скопје, 1995.

Бошковски Борис, „Верата на нашите татковци", Скопје, 1977.

Брелик, Анджело и др., „История на религиите`` том I, Прозорец, София, 1996.

Брјанчанинов, Свети, Игнатиј, „Енциклопедија на православниот духовен живот, МПЦ, 2006.

Byrne, Peter, „The Philosophical and Theological Foundations of Ethics – An introduction to Moral theory and its Relation to Religious Belief`, Macmillan Press LTD, London, 1999.

Вајт Елен Г. „Пророци и цареви – Историско разјаснување за ропството и обновувањето на Израел”, Скопје, 2005.

Гилемин, Жак, Дюшен, и др. „История на религиите``, том IV, Прозорец, София, 1996.
Golubic, Mirko, „Istorija crkve``, skripta, Beograd, 1970.

Гроздановски, Ратомир, „Декалог – десетте божји заповеди”, Матица, Скопје, 1996.

Гроздановски, Ратомир, „Библијата во делата на Свети Климент Охридски”, Скопје, 2001.

Dirkem, Emil „Elementarni oblici religijskog života”, Prosveta, Beograd, 1982.

Elijade, Mirča, „Istorija verovanja I religiskih ideja``, tom I i tom II, Prosveta, Beograd, 1991.

Elijade, Mirča, „Sveto i profane – priroda religije”, Alnari – Lačarak – Tabernakl, Beograd, 2004.

Елијаде, Мирча, Јоан П. Кулијано, „Водич кроз светске религије``, Народна књига Алфа, Београд, 1996.

Edžhil Indija, „Davidova carica”, Laguna, Beograd, 2006.

Илустрована Библија за младе, Београд, 1973.
Калезић Димитрије М. „Упознајмо религију – из историје и философије религије”, Београд, 1972.

Kant, Imanuel, „Religija unutar granicama čistoga uma``, BIGZ, Beograd, 1990.

Кернс, Грејс, „Философии на историјата", Култура, Скопје, 1993.

Кернс, Ърл, „Християнството през вековете - История на црквата, Нов човек, София, 1998.

Кјеркегор Сјорен, „Страх и дрхтање", ПЛАТО, Београд, 2002.

Kirkegaard Sören, „Bolest na smrt", Mladost, Beograd, 1980.

Колаховски, Лешек, „Бог нам ништа није дужан", ПЛАТО, Београд, 1998.
Косидовски, Зенон, „Библијске легенде``, Београд, 1993.

Koplston, Frederik, „Istorija filozofije tom II – srednjovekovna filozofija, Avgustin – Skot", BIGZ, Beograd, 1989.

Koplston, Frederik, „Istorija filozofije tom III – kasni srednji vek i renesansna filozofija, Okam – Suarez", BIGZ, Beograd, 1994.

Kreščenco, De, Lučijano, „Istorija srenjovekovne filozofije", Svetovi, Novi Sad, 2003.

Лейн, Тони, „Християнската мисьл през вековете``, Нов човек, София, 1998.

Livingston, James, C., „Anathomy of the sacred – An Introduction to Religion``, Macmillan Publishing Company, New York, 1993.

Lujič Bozo, „Iskustvo Boga i čovijeka u Jeremijinoj knjizi", Krščanska sadašnjost, Zagreb, 1985.

Mandič, Oleg, „Leksikon judaizma I hriščanstva``, Matica Hrvatska, Zagreb, 1969.

Marulič, Marko, „Starozavijetne ličnosti``, SNL, Zagreb, 1984.

Милин, Лазар, „Научно оправдање религије – историја религије``, Београд, 1977.

Oberški Dr Janko „Komentar Knjige Mudrosti", Zagreb, 1964.

Панчовски, Иван, Г., Живот и срећа( у светлости хришћанства), Ниш, 1975.

Паскал Блез, „Мисли", Култура, Скопје, 1996.

Попова, Лиляна, „Живите извори на Библията``, Истина, София, 1996.

Pranjić, M, Teološka antropologija: filozofsko-biblijsko-teološko polazište. ( skripta) Nalazi se na: www.hrstud.hr/~mpranjic

Раппопорт, Анжело, „Древен Израел``, том I, Мириам, София, 1997.

Раппопорт, Анжело, „Древен Израел``, том II, Мириам, София, 1998.

Раппопорт, Анжело, „Древен Израел``, том III, Мириам, София, 1999.

Rebič, Adalbert, „Prorok Izaija", Zagreb, 1971.
Smit, Urija, „Danilo i otkrovenje", Biblioteka „Vesnik", Beograd, 1979.

Свето Писмо на Стариот и Новиот завет, МПЦ, Скопје, 1990.

Šušljič Milan (Prir.), „Svetopisemski Nauk – Salomonovi Pregovori", Znaci Vremena, Zagreb/Preporod, Beograd, 04 – 1991.

Šušljič, Milan (Prir.), „Svetopisemski nauki – Knjiga Preroka Ezekijela”, Znaci vremena, Zagreb/Preporod, Beograd, 01 – 1991.

Štanbuk Ivan, „Psalmi prevedeni sa izvornika i kratak tumač”, Makarska, 1975.

Škrinjar Albin „Veliki i mali proroci Staroga Zavijeta”, Zagreb, 1972.

Татакис, Василиј, „Историја на византиската филозофија”, Култура, Скопје, 1998.

Темков, Кирил, „Отворен универзитет”, Метафорум, Скопје, 1993.

Темков, Кирил, „Етика десет радио предавања”, Епоха, Скопје, 1998.

Темков, Кирил, „Етиката денес”, Епоха, Скопје, 1999.

Темков, Кирил, „Љубов и внимание – етички поуки и сознанија за најмладите”, Колибри Нова Македонија, Скопје, 2000 – 2002.

Темков, Кирил, „Етика за II клас гимназиско образование”, Просветно дело, Скопје, 2004.

Темков, Кирил, „Етика за III година гимназиски образование``, Просветно Дело, Скопје, 2005.

Темков, Кирил, „Како да се биде добар – етика за млади``, ОХО, Скопје, 2007.

Темков, Кирил, „Етика за III година гимназиски образование``, Просветно Дело, Скопје, 2005.

Thiroux, Jaques, P. „Ethics – Theory and Practice``, Pearson Prentice Hall, New Jersey, 1998.

Толев, Ваклуш, „История на религиите``, София, 2000.

Tomič Celestin, „Psalmi kratak uvod i komentar”, Zagreb, 1973.

Tomič Celestin, „Veliki proroci”, Zagreb, 1987.
Флоровски, Георги, „Источните отци од IV век``, Тавор, София, 1992.

Флоровски, Георги, „Источните отци V-VIII век``, Тавор, София, 1992.

Fojerbah, Ludvig, „Predananja o suštini religije”, Kultura, Beograd, 1955.

Frojd, Sigmund, „Mojsije I monoteizam”, Grafos, Beograd, 1979.

Frojd, Sigmund, „O seksualnoj teoriji – totem i tabu”, Matica Srpska, Beograd, 1981.

Heinc, H., „Suvremeni čovijek i Biblija``, Znaci vremena, Zagreb, 1985.

Holmes, Arthur F., „Ethics – Aproaching Moral Decisions``, Inter Varsity Press, Ilinois, U.S.A., Leicester, England, 1984.

Цисарж, Бранко, А., „Основи хришћанског учења о вери и моралу``, СПЦ, Београд, 1976.
Videnovič, Radomir, „Umetnost etike”, Zograf, Niš, 2006.

Vuk – Pavlovič, Pavao, „O smislu filosofije, filosofije i svijetovi, filosofija i vlast”, Školska Knjiga, Zagreb, 1969.

Вук – Павловиќ, Павао, „Творештвото и музејската естетика”, Метафорум, Скопје, 1994.

Vuk – Pavlovič, Pavao, „Vrednota u svijetu", Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2007.

Wasmer, Thomas, A., „Christian Ethics for Today``, The Bruce Publishing Company, Milwaukee, U.S.A., 1969.

Шопенхауер, Артур, „Светът като воля и представа – трета медитация и четвърта медитација", Еурасия, София, 1997.

Дигитални извори – интернет веб – страници:

www.newadwent.org/cachen/05244b.htm.06.12.2008, Edited by Kevin Knight.

www.nccbuscc.org/nab/bible/ecclesiastes/intro.htm,26.12.2008, New American Bible, 1970, 1986, 1991.

En.Wikipedia.org/wiki/Ecclesiastes,26.12.2008.

The Bible Twxts.com edited by Robert Nguyen Cramer,26.12.2008.
www.textweek.com/writings/ecclesia.htm, 26.12.2008.

BECK INDEX http:/www.san.beck.org/EC5 – Israel – html,04.10.2008.

http://www.preceptaustin.org/lamentations commentaries.htm, 02.05.2009.

www.hrstud.hr/~mpranjic, 15.10.2008